ТОМЕ ПОПОВСКИ

ПРЕМРЕЖИЊАТА НА ЛУКОВЦИ

ВОВЕД

Според легендата, многу години пред н.е. се случувало реката Нил да се излие од своето корито и да ги поплави обработливите површини, чија сопственост не беше регулирана.

Некој се сетил, со повлекувањето на водата, да постави (да забоди) колци и присвоил определена површина од земјиштето, велејќи: **ова е мое.**

Со текот на времето луѓето се здружувале во заедници, заедниците растеле, а со тоа и обработливите површини. За потоа да речат дека: **ова е наше.**

Здружувањето и понатаму се проширувало во поголеми заедници со што се формира народ со определена националност, јазик и култура, и се создадоа државите кои зафаќаат поголеми географски територии, ограничени со објекти кои тешко се менуваат, освен со природни сили, како што се земјотреси, катастрофи или катаклизми, или пак со употреба на воена сила, анексирајќи туѓа територија, што значи дека помеѓу државите постојат природни граници.

Таа територија е ограничена со планински венци, големи реки, езера и мориња. Така и Античка Македонија или Македонија под турска власт од 1395, (според некои, 1453 година,) се наоѓаше во природните граници наведени подолу, сé до 1912, 1913 година. во границите на Отоманската Империја. Веќе по Балканските

војни овие природни граници се променија и преминаа во вештачки. Практично, Република Македонија на запад, југ и исток се граничи со самата себе, несфатливо е македонските езера: Охридско, Преспанско, па и Дојранско Езеро да бидат разграничени и користени од две па дури и три различни земји. Ова наликува на некакви компромиси постигнати помеѓу комисијата што го вршеше разграничувањето и владите на четирите окупаторски земји, учеснички во Балканските војни.

Во излагањето ќе се задржам повеќе на центарот на централниот дел од Егејска Македонија, каде е лоцирано селото Луковиц. Опишаните настани во селото Луковиц не претставуваат изолиран случај на самоволија, тортура и асимилација туку ваквите настани се случувале во сите македонски села од Егејскиот дел на Македонија. Сум прочитал повеќе книги од автори кои потекнуваат од Егејскиот дел на Македонија и тоа од нејзиниот западен дел како, на пример: Наум Пеов, Петар Ширилов, Петар Наковски, Ристо Ќиријазовски, Манол Пандовски, Кица Кобе, Марија Бундалевска, Јани Боцевски, Александар Литовски и др. чии теми на опсервација се од нивните краишта, а ќе напоменам само двајца, односно тројца, кои напишале нешто повеќе застапени теми од централниот дел на Егејска Македонија, а и сите тие потекнуваат од овој дел. Како, на пр. Ката Мисиркова, Христо Андоновски, Јани Димулковски, Ташко Ѓорѓиевски и др. Заради намалување на просторот, не ги наведувам насловите на издадените трудови. Се извинувам доколку некоиј сум испуштил само

заради тоа што не дошле до мене, а тешко испуштам да не ги прочитам сите тие трудови што третираат настани од Егејскиот дел на Македонија.

Поради ова, изразувам желба да оставам извесна трага и за настаните што се случуваа во селото Луковиц во текот на неговото постоење иако недоволно но, сепак, достојно. Во премрежијата тргнувам од некои настани што се случувале во подалечното минато како просторно така и временски за да дојдам до целта која е предмет на премрежијата. Иако е општо познато дека во војните има победници и поразени, историјата ја пишуваат победниците, а поразените, покрај другото, мора да исполнуваат услови кои ги наметнува победникот. Таков е случајот и во 1912, 1913, кога Македонија беше под турската империја, беше поробена од страна на сојузниците со што Македонија беше поделена на три дела. Така е поробен и македонскиот народ, со што сите победници примениле услови кои Македонците требаа насилно да ги прифатат, а беа поврзани со јазикот, националноста и културата. Промена на идентитетот, промена на топонимите, промена на личните имиња, сé со цел да се избрише од топографската карта како посебен народ.

За да го ставам на хартија овој труд, секако, треба да постои некоја иницијатива, која ќе ми даде храброст тоа да го направам. Ја чувствувам дека ја имам таа храброст, поради тоа што располагам со голем број на информации и факти кои ми овозможуваат да ја остварам оваа цел.

Главна преокупација е тоа што сите настани што се случиле во овој простор се вртат околу с. Луковиц, кое се наоѓа во центарот на централниот дел на Егејска Македонија. Неговата локација е некаде помеѓу г. Воден и паланката С'боцко, неговата точна локација ќе ја определиме во текот на излагањето.

Што е тоа што ми даде храброст да започнам и успешно да ја завршам поставената задача?

ПОСТАВЕНА ОБВРСКА

За поголемиот брои на настани, кои се случиле во селото во периодот од 1941 год. некаде во мај истата година, па сé до 25. 08. 1945 година сум лично присутен, а предтоа и потоа, од лични контакти и пренесувани искажувања од колено на колено и прочитани материјали од познати историографи и романописци

1. Располагам со топографски карти, кои ми овозможуваат да ја дадам точната локација на селото Луковиц и некои покарактеристични села во оваа област. Топографските карти, кои во некое време беа под знакот на воена тајна – строго доверливи документи, кои досега успеав да ги зачувам, како да знаев дека некогаш ќе дојде време и дека тие ќе ми претставуваат големо богатство.

2. Имав прилика да ги прочитам историите (одбрани дела) во пет тома на Христо Андонов – Полјански, дојранецот, издадена во 1980 год.

скратената верзија на историјата на Македонскиот народ, издадена од МАНУ – Скопје 1972 год.

3. Делото на Ристо Кирјазовски, издадено 1972 год.

4. Делото на Манол Пандовски, издадено 1978 год.

5. Делото на Петар Наковски „Големата измама“, во издание Махове ј- Скопје 2006 г.

6. Не изостана, а и да не се прелиста, и тоа во два наврати „Историјата на Западноевропската и старогрчката книжевност“, издадена од познатиот и големиот руски критичар П.С. КОХАН – издадена 1972 год. во Сараево и голем број на романи со историска содржина, од руската и западно – европската книжевност.

Одкога ќе се собере сето ова на куп, ќе се создаде впечаток дека ќе можам да напишам едно доживување, сеќавања, премрежија, или монографија за с. Луковиц. На крајот се решив за тоа, на насловната страница да стој Премрежијата на жителите од с. Луковиц од туртурите на грчкиот монархофашизам на голем дел од времето на неговото постоење.

Секако дека го зачувувам тој континуитет на бурни настани, коишто се случиле многу одамна. Како оние од 1878 год. Кресничското и Разловечкото востание, па Руско - турската војна, создавањето на Санстефанска Бугарија и нејзиното отцепување од Цариградската патријаршија во самостојна егзархија. Овие моменти имаат некакво битно значење за македонизмот во ова време, што ќе ги забележиме подоцна. Тие настани се движат како под конец, сé до 1949

година без да биде заобиколено селото Луковиц, кое е лоцирано во центарот на централниот дел на Егејска Македонија, во просторот помеѓу масивите на Ниџе, Кожув, Пајак, Солунско поле и Островско Езеро, во една котлина која се вика **Меглен** или **Караџова** (по турски).

Секој човек, суштество кој во текот на периодот на својот живот зад себе оставил свое минато, полно со искушенија, славни и неславни, полни со предизвици и сеќавања за истите, сака сето тоа на писмено да го остави за идните поколенија, без оглед на тоа дали на некој му се допаѓа или не. Само што не знае како да почне. Некој тоа го прави директно, на настанот, некои со извесно заобиколување за да дојдат до она за кое сака да каже, она што му лежи на срцето. Јас се определив за она второто, по обиколен пат да дојдам до местото и времето во кое сум поминал дел од мојот живот. Не заборавајте, ако тоа не е напишано, брзо се заборава и исчезнува за секогаш, а, ако е запишано, засекогаш останува трајно и незаборавно.

Денес, на 25.05.2012г. на мојот 80-ти роденден, се решив да напишам за моите сеќавања, за периодот на мојот живот поминат во бурните години и случките настанати за времето како дете, на возраст од 6 - 13 години, во селото Луковиц, Воденско, Егејска Македонија, т.н. централен дел на Егејска Македонија, во кој спаѓаат познатите поголеми населби, градовите, почнувајќи од: С'боцко, Воден, Негош, Бер, Студена Вода (Крија Вриши), Пазар, Гуменџа, па

сé до главниот, пристаништен и трговски центар, Солун.

Од историска гледна точка, при формирањето на секоја држава се познати некои непобитни принципи и факти за нивна постојаност и непроменливост. А тоа се објекти кои зафаќаат определена територија во која живее и твори определена нација, народ, со своја култура, јазик, обичај и други особености со кои се разликува од другите народи.

Тие објекти се: планини, планински гребени и сртови, обично големи реки, езера и мориња со кои се ограничува и тешко се менува. Таа ограничена територија, со наведените природни објекти ја претставуваат границата на соодветната држава.

Меѓутоа, постојат и некои неприродни граници кои човекот ги создал насилно, делејќи една држава на повеќе делови со т.н. гранични линии заробувајќи определена територија и разобличувајќи го идентитетот, јазикот и културата на тој народ. Таков е случајот со Македонија.

Македонија – Античка Македонија или Македонија во Отоманската Империја, како милувате, имаше точно определени природни граници сé до 1913 година.

Ако сакаме да ја одбележиме вистинската гранична линија на Македонија, онаа од 1395 па сé до 1913г ќе се послужиме со податоците наведени во енциклопедијата „Мала енцикло-педија“, Просвета, Белград, 1978, трето издание, во делот под М, Скратената верзија на Историјата

на македонскиот народ, издадена од Институтот за национална историја, во 1972 год. Скопје, како и историјата, „Соработката на националноослободителните движења од Вардарскиот Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија во Втората светска војна 1941-1944" година од Александар Литовски каде се наведени податоци од трајна вредност, објекти кои се неменливи дури и со природни катастрофи. Така, на пример, ако се тргне од север како почетна точка за определување на границата во определениот период таа би била нешто посеверно од Скопска Црна Гора (јужно од Врање) продолжувајќи кон исток неизбежно минувајќи низ Родопите, да стигнеме до реката Места. На исток Егејско Море, Олимп, Тесалија, сé до реката Бистрица на југ. Додека на запад со планините Пинт, Јабланица, Караорман до врвот Кораб и нешто на северозапад, со косините на Шар Планина.

Оваа заокружена територија (според наведената енциклопедија) зафаќа површина 70.000 км^2. Според скратената верзија на историјата, 68.700 км^2, а според Литовски, 68.542 км^2. кои податоците ги презема од искажувањата на д-р Стојан Киселиновски. Исто така, се разликуваат и процентите на окупираните територии, од поробувачите во 1913 година.

ПОДЕЛБА НА МАКЕДОНИЈА И РАЗГРАНИЧУВАЊЕ

Во 1913 година, со Балканските војни, Македонија беше насилно поделена, со чија поделба Грција добива 51% од вкупната површина, Србија 38% и Бугарија 11%, а во површини на Грција и припаѓаат 35.700 км^2, Србија 26.600 км^2, Бугарија 7.700 км^2 од вкупните 70.000 км^2. А според искажувањата на д-.р Киселиновски и д-.р Литовски прикажани се други површини со други проценти. Грција останува со 51%, но површински се менува, и изнесува 34.956,52 км квадратни, Србија 39%, во површина 26.731,38 км квадратни, Бугарија 9% во површина 6.168,78 км. квадратни и Албанија 1% во површина 865,42 км километри. Од вкупните 68. 542 км квадратни.

Меѓутоа, да ја разгледаме неприродната – вештачка гранична линија со јужниот сосед, почнувајќи од **Маркова Нога**. Во близината на селото Долно Дупени, Долна Преспа, кое едновремено претставувало и граничен премин на месното население од преспанските села, како и премин користен од граѓаните на Ресен, Охрид, Струга. Од Маркова Нога граничната линија продолжува источно, искачувајќи се по стрмнините на планината **Баба**, до самиот нејзин срт, за понатаму да скршне јужно, спуштајќи се по нејзиниот срт за да стигне до реонот на селото Драгош, Битолско. Тука, користејќи го погодниот момент, меѓународната комисија за ограничување на оваа гранична линија скршнува источно, така

што селото Драгош останува северно од граничната линија односно на македонска територија а едновремено е направен апсурд со тоа што драгошкиот манастир „Св, Илија“, кој е изграден на самиот срт јужно од селото Драгош, го приклучуваат на грчка територија. Заради овој непринципиелен гест, граѓаните од селото Драгош поднесоа петиција за несогласност до комисијата. Барањето било разгледано од комисијата и позитивно прифатено, така што граничната линија е поместена за околу 4 метри јужно од манастирот.[1]

Вештачката гранична линија продолжува, но сега уште понасевер, со цел да се заземе што поголем дел од **Пелагониската Котлина.** Така селото Св. Петка припаѓа на грчка територија Свртувајќи уште понасевер навлегуваат во Пелагониската котлина, оставајќи го селото Лажец на македонска територија, а селото Негочани јужно од селото Лажец. Имотите на селаните се наоѓаат де на една, де на друга територија. Во овој предел се наоѓа и селото Меџитлија кое е познат, како граничен премин помеѓу Македонија и Грција. Граничната линија понатаму свртува источно така што ги разграничува селата Кафказ, (кое исклучиво е населено со Понди, дојденци од 1924г. од Мала Азија,(како размена со турско население). Од северната страна на граничната линија се наоѓа селото Кременица, кое, исто така, беше населено со Турци, а во 1957 година со договор помеѓу Југославија и Турција, го напуштија селото и се преселија во Турција.

[1] Податоците се преземени од мештаните на селото Драгош.

Во продолжение границата минува покрај селата Ново Коњари и Гермијан, оставајќи ги од својата северна страна, односно на македонска територија. Замислете и констатирајте сега, бидејќи завршува Пелагониската котлина, нема да продолжи по должината на Црна Река, туку свртува јужно, за да го прифати сртот чиј почеток е од највисоката планинска точка на планината **Ниџе**, (врвот **Кајмакчалан**, 2521 м.н.в.) раздвојувајќи ги селата Живојно и Воштарени, заедно со нивните недвижни имоти. Исто така, во овој предел е лоцирано и селото Сович од нејзината северна страна. Така, оваа гранична линија од наведените села Живојно и Воштарени го менува својот правец и продолжува на исток, минувајќи низ **Старков Гроб** за да ја достигне највисоката точка на планината Ниџе. Таму, каде е подигната црквата и костурницата на загинатите војници од Првата светска војна. Сега може да се постави прашањето, а и да се добие соодветен одговор, зошто границата продолжува на север минувајќи покрај караулата ,,**Доктор Рајс**", па сé до планинскиот венец на **Кожув**. Одговорот е многу едноставен и јасен. Да се заземе и припадне на Грција богатата котлина **Меглен**, по големина колку 1/4 од Пелагониската котлина, односно со околу 1.000 км^2 со просечна надморска височина од 160 м. За да се стигне до венецот на планината Кожув, кота 2361, за да продолжи свртувајќи десно на исток, по гребенот на Кожув планина чија цела јужна падина припаѓа на грчка територија со познатите села: Горно и Долно Пожарско, со топлите минерални води, па селата. Зборско, Лагунци, Фуштани, Н'те, Бахово, Тушин и други.

Додека од северната падина на планината Кожув, се наоѓа селото Р'жаново, со пределот Мрежичко и реката Бушавица која се влива како десна притока на реката Вардар кај Демир Капија. Продолжувајќи така, на исток по овој гребен на Кожув планина. Сега скршнува јужно спуштајќи се по источните падини на планината **Пајак**, сé до Гевгелиското поле. Постигната е главната цел, котлината Меглен, со 1000 км^2 и со 160 м..н.в. која претставува една од побогатите котлини во Егејскиот дел на Македонија, со застапени сите земјоделски јужни култури, припадна на Грција. Во оваа котлина се наоѓа и малото гратче С'боцко, со околу 8.000 жители. Граничната линија сега, свртувајќи на југ по источните падини на планината Пајак, се спушта по рамничарскиот дел на Гевгелиско поле, оставајќи го градот Гевгелија северно во границите на Република Македонија, скршнува источно, оставајќи го Дојран од нејзината северна страна, а десно познатиот Кукуш. Сега малку североисточно, за да се окупира нешто од Дојранското Езеро, заземајќи барем една третина од него. Граничната линија завршува со котата 1681 на местото викано **Тумба,** на планината **Беласица**, на тромеѓето помеѓу Македонија, Бугарија и Грција.

Имајќи го предвид гореизнесеното, се констатира дека најдолга гранична линија Р. Македонија има со јужниот сосед. Со ваквата поделба од вкупната површина 34.956,42 км^2 припаѓаат на грчка територија со што Егејскиот дел на Македонија е поделен на три региони: Западен, Централен и Источен. Во западниот дел се познати поголемите градски центри: Лерин,

Кожани, Суровичево, Каљари, Сатиста и Костур. Во централниот дел се градските центри: С'боцко, Воден, Негош, Бер, Студена Вода (Криа Вриши), Поликастро, Гуменџа, па сé до Солун. Во источниот дел на Егејска Македонија се градовите: Кукуш, Сер, Драма и Кавала, сé до реката Места. Токму во центарот на централниот дел на Егејскиот дел на Македонија е лоцирано селото Луковиц со околу 70-80 куќи, со население кое варирало во зависност од настаните и околностите кои се одвивале во овој простор, од 431 жител, 220, па сé 180 жители. Сегашната локација е трета по ред, бидејќи имал две претходни кои не се многу далеку од сегашната локација. Ако сакаме да ја определиме сегашната местоположба, мораме да се послужиме со релевантни географски податоци. Имено селото Луковиц, според топографската карта, Воден број 833, со размер 1:100.000, издадена 1973 година од Воено географскиот институт е лоциран во квадратот помеѓу координатите 24 и 26 север – ју,. и координатите 88 и 90 исто – запад,со 375 м н в односно 40°50' северна географска ширина. северно од Воден на околу 6300 м.

КАКО СЕ ДОШЛО ДО НАВЕДЕНАТА ЛОКАЦИЈА

За времето кога точно е подигнато селото Луковиц не постојат релвантни податоци. Меѓутоа од богатите наоѓалишта на стари предмети, монети и остатоци од грнчарски артефакти се

претпоставува дека тие датираат (особено монетите од праисториско време),од времето на Александар Велики - Македонски, Римската Империја, Византија и Отоманската империја која веќе во балканските простори се јавува некаде околу 1395 година. Првата локација на селото Луковиц е околу 2 km јужно од сегашната во месноста **Ушанци,** во подножјето на планинскиот врв **Будим,** карпест, варовит предел со 592 м.н.в. Во неговото подножје наречено **Главата**, каде се наоѓа и изворот на вода, со голема штедрост.

Покрај тоа што водата се користела за пиење, напојување на добитокот се користела и за наводнување на земјоделските површини.

Сл. 1.Изворот на вода на Главата.

Името Луковиц (се претпоставува дека) го добило, заради тоа што населението се занимавало со производство на лук, која

градинарска култура бара поголеми количини на вода (изворот и денес постои). Меѓутоа, во тоа време кај населението се јавува голем проблем кој селаните не можеле да го објаснат феноменот и да го разрешат. Поради големите количини на вода што истекувале од пазувите на планината Будим, се јавувале неконтролирани звуци, во форма на бучава, поради кое се тресела планината, а дали потресите биле посилни или послаби зависело од количините на вода кои истекувале од изворот на Главата, имало случаеви кога некој ќе се најдел во близината на изворот од страв да замре и толку да се исплаши што доаѓало и до смртни случаи. Заради сето ова што им се случувало на луковчани, тие морале да најдат некое попозитивно решение.

Крајно решение е напуштањето на ова плодно земјиште и барање на нова локација. При долготранјо талкање по овие простори, а со цел да бидат што подалеку од планинските врвови, се спуштиле во порамничарскиот предел, каде што наишле и на вода, на извор, само со многу помала штедрост од претходната локација. Оваа втора лакација е во непосредна близина на крајната – третата локација, на оддалеченост од околу 800 метри. На доволна оддалеченост од планинскиот врв **Кобилица**, кај местото наречено **Тополите**. Селото било подигнато на Горните Тополи. Името се задржало и во втората локација како Луковиц. Тука, на Тополите имало само еден, единствен извор и тоа со мала издашност на изворска вода, која се користела исклучиво за потребите на населението. Во близината, јужно од овој извор, имало еден мочуришен дел од каде се поел

добитокот. Се занимавале исклучиво со земјоделие и сточарство. Луковци и на оваа локација не поминале ништо подобро од првата. Настрана од проблемот со недостиг на вода за пиење и домашни потреби, се појавил и друг, уште понеподнослив проблем. Имено на оваа место се појавиле мрави. Ги имало во неограничен број, шетале насекаде и во секое време, пред куќите, во куќите, во просториите во кои престојувале, во наќвите, лебовите, дури и во алиштата коишто ги носеле.

Во една ваква напаст, неизбежна ситуација, не постоела можност за понатамошно опстојување на жителите на оваа локација, Заради оваа неподносливост, морале да бараат нова местоположба. Да подигнуваат село по трет пат.

Констатирале дека друг избор нема, освен да се приближат кон планински врв од кој предходно од страв го напуштиле. Но сега под еден друг кој се наоѓа во непосредн близина од околу 600 – 800 метри, западно од Тополите.

Но, сепак, на крајот е избрана вистинската локација, на околу 600-800 м од втората локација, во подножјето на планинскиот врв Кобилица. Овој врв претставува само еден сегмент од планинските врвови на масивот Ниџе со врвот Кајмакчалан, величенствен врв, со своите 649 м. н.в. Поради тоа, претставува симбол и гордост не само за селото Луковиц, туку за целата Мегленска област. Има и други планински врвови како што се: **Бомбацина**, 592 м.н.в. Будим 592 м.н.в, **Пајова Чука** 608 м.н.в.- подредени се така што претставуваат една низа, наредени еден до друг

од највисокиот, Кобилица, до најјужниот, Пеова Чука. Сите имаат своја историја, но значајноста им се губи заради поголемата оддалеченост од населеното место. Кобилица има свои карактеристични особини, коишто ги немаат другите. Со своите 649 м.н.в,. на својата највисока точка, претставува пресечен конус и неговата рамна површина изнесува 4.000 м^2. Секој, кој би се качил на овој планински врв, има можност да се здобие со величествен поглед: на запад до планинскиот врв Кајмакчалан, целокупната разгранетост на Ниџе планина, на север со јужните падини на Кожув планина, на исток со планината Пајак, а на југоисток прекку **Гола Глава** и **Негошките планини**, видикот достигнува сé до **Солунско поле**. А да не зборуваме за Мегленската котлина. Со еден збор, тој што се качил на Кобилица ја има на дланка цела Пела и Мегленската котлина обградена со планините: Ниџе, Кожув и Пајак. Ете, затоа врвот Кобилица претставува воено стратегиска точка. и секој агресор или освојувач на овој предел, како прв приоритет му е запоседнувањето на овој планински врв, од каде се контролира централниот дел на Егејска Македонија. Како илустрација на сето ова, 1941 година, кога Германците ја окупираа Грција и стигнаа во селото Луковиц, движејќи се кон Меглен, си поставија задача дека овој врв ќе мора да го запоседнат во некоја блиска иднина. Што и навистина се случи во 1942 год.

Сл.2.”Пресечениот конус“ на Кобилица

Сл.3. Селото Луковиц

Приложената сл. 3 го покажува с. Луковиц, лоциран на оволниот дел на сртот којшто се

спушта од симболот на ова село **Кобилица**, секако, посматрано од неговата јужна падина, каде што се наоѓа гранитниот рудник (сл.4), зад селото се простира Мегленската котлина, а зад неа се назираат и јужните падини на планинскиот масив Кожув.

Сл. 4. Горе лево с. Луковиц а долу десно гранитниот рудник.

Сегашната локација на селото Луковиц, е најпосакуваната местоположба, и секое село би ја посакувало, од повеќе причини: се наоѓа во непосредна близина на градот Воден, со добра комуникациска врска- автобуска линија која ја има на секои два часа (со време на траење до 13 минути); на север од селото, во котлината Меглен

е лоцирано гратчето С'боцко, и е во постојана врска со него. Селото е расположено на овален гребен, кој се спушта стрмно од планинскиот врв Кобилица, кој планински врв виси над селото, создавајќи сенки во приквечерните часови и спуштајќи ладен воздух кој се дополнува со поветерецот кој доаѓа од Кожув планина, познат како **мегленче**. Додека пак во зимскиот период им создава проблеми на луковци, со тоа што често пати,температурата се спушта и до нулата Целзиусови степени.

Според големината на селото во однос на околните села, кои се значително помали со наведените гранични линии, се потврдува дека е така. Имено, ако се гледа северно од селото, Луковиц, се граничи со помалото село Почип и така, свртувајќи десно кон исток се разграничува со најголемото село во овој регион, селото Драгоманци, чии земјоделски површини гравитираат кон котлината Меглен. Само мал дел од нивниот земјоделски имот гравитира јужно кон селото Луковиц. Така, продолжувајќи кон исток пристигнуваме до месноста Сува Гора, страната-пресека така на исток доаѓаме до селото Нов Живот, каде што се наоѓа еден мал рудник богат со **талк**. Југоиточната гранична линија започнува со месноста **Кула** која претставува една висорамнина, која се спушта до Гавранова Река. Продолжувајќи кон југ, се ограничува со атарот на селото Самар. Позначајни топоними во овој предел се: Црешите, Каленик, Широката Орница, која пак претставува гранична линија со селото Црковјани. Тоа е едно од најблиските села до градот Воден. Јужната гранична линија е

окарактеризирана со градот Воден со топонимите: Коската, инаку, добро пошумен предел со дабова шума,

На југозапад граничната линија ја карактеризираат двата планински врвови, Будим и Пеова Чука. Продолжувајќи кон запад, од западната страна на врвот Будим, е Касидова Падина. Значајно е да се спомне тоа што претставува најкусиот пат помеѓу селото Луковиц и градот Воден. Овој пат најмногу е користен од Луковци, по причини што мора да се помине низ Главата каде се наоѓа богатиот извор на ладна вода. Оваа ладна вода жителите ја користат за разладување и мал одмор под дебелите сенки на оревите. На запад наидуваме на Скрката, каменест, варовит предел, кој се граничи со месноста **Бобалиица** каде се наоѓа и мермерен рудник. Западната гранична линија е одбележана со **Кривите Реки** чии извори се наоѓаат сосема на запад источно од селото Волкојаново, во месноста Ливадите и сосема на северзапад со пошумената рамница Крименицата.

V ТОПОГРАФИЈА



Топонимите воопшто за секое село и секое населено место, поголемо или помало, претставуваат едни од најважните фактори за определување на месноста каде што ќе се одвиваат активности, од секој вид на работа и определу-

вањето на правецот на движењето до пристигнувањето на посакуваното место, започнување на определена активност која е однапред добиена како задача од претпоставениот, во случајот од главата на семејството кој ги познава најдобро активностите кои во кое време треба да се извршуваат и кое лице од семејството е способно да ја изврши таа обврска. Според топонимите ја определуваме и граничната линија на споменатото село. Така, на пример, ако се најдеме на север од селото, кај месноста **Пупина** и нешто потаму ќе се најдеме на граничната линија што ги дели атарите на селата Луковиц и селото Почип, па се упатиме на исток од оваа точка ќе поминиме низ месноста **Лошиот Дол**, со ова значи дека ја определивме и граничната линија со селото Драгоманци, минуваме низ Лошиот Дол, за да се упатиме кон **Сува Гора** па кон **Страната или Пресека**, практично оваа е северната гранична линија на селото Луковиц. Ако сега скршнеме јужно, ќе наидеме на рудникот од талк што ја претставува и најдалечната источна точка на селото. Се упатуваме јужно од оваа точка за да ги разграничиме селата Луковиц со селото Неа Зои (Нов Живот) село кое е изградено 1924 год. и населено со дојденците од Мала Азија. Продолжуваме по источната гранична линија за да стигнеме источно од месноста **Кула** па сé до **Гавранова Река** и **Гавранов Камен**, со што стигнавме до граничната линија со селото Самар, такаречена југоисточна гранична линија. Продолжуваме по јужната гранична линија, почнувајќи од **Црешите**, **Каленик, Широката Орница** кои споѓаат во атарот на селото Луковиц, а јужно од

нив с. Црковјани. Јужната гранична линија сега ја разграничуваме помеѓу г. Воден и с. Луковиц. Разграничени со **Коската и Касидова Падина**, **Пожар и Кривите Реки**, а на запад со синорот на с. Волкојаново, с. Кронцелево и месноста **Криеница**.



Сл. 5. Граничниот појас на селото и неговиот атар

Со вака извршеното разграничување дојдовме до атарот на с. Луковиц кој изнесува околу 40 км квадратни, што претставува село со најголема површина, во однос на другите околни села. Покрај наведените гранични топоними, постојат и други кои се наоѓат во внатрешноста на атарот, а се во поголем број, ќе се наведат само неколку од нив кои ќе имат особено значење во понатамошното излагање. Како, на пример: **Лошиот Дол**, па **Вртоп** како и **Смреките, Кобилица** и **Мочарите**. Последните наведени топоними секако дека имат некакво историско

значење, посебно за с. Луковиц и тоа од локален карактер. Меѓутоа кога станува збор за топоними на чии места имаме значајни историски настани како што се: борбите на **Херонеја** за окупација на Теба и Атина, борбите на **Ис**, на **Аламо**, на **Бородино**, на **Нормандија**, како и истариските настани од поново време. Граѓанската војна во Грција, настаните на: **Пинд, Грамос и Вичо** настани од огромно историско значење и затоа ги вбројуваме како топоними кои се со глобално значење

Од приложената фотографија сл 5. може да се види дека селото Луковиц е лоцирано приближно во средината на неговиот атар.

Атарот претставува определена територија во која се наоѓаат недвижните имоти на жителите од соодветното село. Месноста на тие имоти се определува со однапред определените топоними, а топонимите пак се определуваат по карактеристиките на таа месност. Ако стане збор за месноста **Смреките**, ќе забележиме дека во овој предел е застапена смреката, како грмушесто нискостеблесто повеќегодишно шумско растение. Ако пак стане збор за Лошиот Дол тогаш би рекле дека навистина е лош, заради тоа што претставува еден теснец помеѓу два рида, помеѓу кои поминува главниот сообраќаен пат помеѓу Воден и С'боцко. Или пак **Шупунарката**, мала количина на вода која паѓа од 10 метри со што предизвикува шум со шупорење итн.

Заради сето горенаведено, стручњаците – географичари изготвиле повеќе видови на карти со определена намена како, на пример:

геогравски, топогравски, геолошки, индустриски, сообраќајни, туристички и др .со цел да се долови местото на настанот,

ЗНАЧЕЊЕТО НА СЕЛОТО ВО РЕГИОНОТ И ЖИТЕЛИ

Токму во средината на овие топоними е лоцирано селото Луковиц, како трета по ред локација во погореопишаниот квадрат, односно 300м.западно од координатата 24 (север југ) и 700м. северно од координатата 88 (исток запад.)

Во овој регион селото Луковиц претставува административен центар за селата: Почип, Самар и Волкојаново. По промената на топонимите од страна на грчките власти во Егејскиот дел на Македонија во 1926 год., селата ги добија овие имиња: с. Луковиц – Сотира, с. Почип – Маргарит, с. Самар – Самарион и с.Волкојаново во Лики, што на грчки значи волци.

Како административан центар, во ранг на локална самоуправа има службен објект во кој се сместени претседателот и, во главно, матичната служба за сите четири села, како и курирска служба. Значајно е да се напомене дека во селото имало и полициска станица со сите надлежности за државна безбедност. Оваа полициска станица со своите вработени одвреме навреме ги контролираат и другите села. Се разбира дека тука е и црковната служба.

Покрај тоа што ја врши богослужбата во селото Луковиц, ги покрива и останатите села, тогаш кога за тоа ќе се јави потреба а задолжително на верските празници.

Вообичаено е во практиката секое населено место, помало или поголемо, село или град, да биде поделено на делови и квартови за поголема едноставност за комуницирање на жителите и службите кои се задолжени да ја одржуваат соработката со граѓаните од тој дел на населбата.

Така и селото Луковиц, кое е претставено со 70 до 80 куќи, е поделено на два дела. Во принцип поголемиот број на села во Македонија, па и пошироко, селските населби се поделени по жители, на долномалци и горномалци. Па и ова село е поделено на долна и горна маала. Поделбата е направена со главниот пат (џаде) Воден – С'боцко кој некогаш минуваше низ средината на селото од југ кон север, почнувајќи од **Вртоп** па сé до чешмата на **Штоик**, така селото е поделено на источна и западна половина. Жителите и на двете половини од селото се препознаваат по нивните семејни имиња, кои и ден денес го задржале својот фамилијарен идентитет, така на пример како **долномаалци** се вбројуваат: Шоревци, деленици во повеќе куќи, Миндевци, исто така, деленици во повеќе куќи, Мишоковци, Турлаковци, Чумбулевци и Фереата.

Во долномалци се вбројуваат и дојденците од Мала Азија (Маџирите) во 1924 год.кои, според некои податоци од уикипедија – интернет страницата, броеле околу 22 куќи, со 80 жители, чии семејни имиња не ми се познати. Во Долна

Маала спаѓаат и општествените установи: црквата и училиштето. **Додека во горномалци** се вбројуваат семејствата: Шанковци, Мизејовци, Пројовци (две семејства),Трајановци, Бишкаровци, Петковци, Поповци, Бик Ташот, Думчевци (повеќе семејства) Димитренцевци, Босилковци, Гакчевци, Биновци, Чанаковци, Карабатаковци (две семејства), Бишировци: Димитри Ичо Наси, Чиповци: Ичо и Томо Чипов, Јанковци, Димовци, Матевци, Тневци, Вндовци, Џирџигановци, Дибилјановци, Богојчевци и Самарата Димов.

Според некои податоци од википедија – интрнет страницата, селото под ова име е познато уште од 1619 – 1920 год. кога Македонија беше под турско ропство, со 28 домаќинства. Додека 1878 год. селото брои 52 куќи, со 280 жители. Оваа бројка се повторува и во 1926 год. кога селото е прекрстено од македонското - Луковиц со ново грчко име - Сотира. Во 1900 год. селото минува под бугарската егзархија (според Васил Кнчев) и во него живаат 300 жители.

Еден значаен податок од ова време, односно 24 октомври 1910 год. Костадин Наумов, Марко Иванов и неговата жена, Григор Иванов, Петко Карабатаков, Доне Мицов и Ристо Петров Биширов се претепани од Грчките фашисти. И заради (во продолжение) таквиите малтретирања во 1926 год. неколку семејства го напуштија селото, заминувајќи за Бугарија. Значи освен Биширови и Карабатакови, другите погоре наведени се бришани од жителство во селото.

Со текот на времето се менува и бројот на жителите во селото, некогаш во позитивна

смисла, некогаш во негативна. Така, според статистичките податоци од извршените пописи во Грција селото имало:

-во 1928 год 384 жители;
-во 1940 год. 431 жители;
-во 1951 год. 290 жители.

Од наведените податоци може да се констатира дека Граѓанската војна во Грција во годините 1945 до 1949 год. придонесе бројот на жителите во селото да се намали во однос на 1940 год. за цели 141 жител што во проценти изнесува 45% (податоците се искористени од делото на Наум Пеов „Македонците и Граѓанската војна во Грција ст.181, издание 1968 год., Скопје).

З А Н И М А Њ Е

Од прикажаната сл.5. областа што ја зафаќа селото се карактеризира со тоа што западниот, северозападниот и југозападниот реон 85% е планински и пошумен, главно, со дабова шума (цер и облика), габер и брест. Таму каде ги нема наведените видови, застапена е смреката. Додека останатите 15% се ниви, обработлива површина на кои се одгледуваат житните култури.

Источниот,североисточниот и југоистичниот реон е 85% рамничарски предел, а овдеонде се среќава по некое ритче. Исклучок во овој дел

прават Страната – Присека, Кула и Смреките кои се пошумени и ги претставуваат останатите 15% од оваа површина.

Според прикажаната конфигурација на земјиштето, направен е и изборот на занимање на жителите од ова село. Но сепак, не постои јасно и чисто определување, земјоделие или пак сточарство, со исклучок на поединци кои претставуваа и ќаии во селото, се занимаваа со сточарство, одгледувајќи повеќе кози отколку овци.

Општо земено, половината од расположивиот атар е пошумен, (главно со дабова шума,) а другата половина го претставува полето, на кое се одгледуваат полјоделските, житни култури како: пченица, јачмен, рж, овес, како и пченка. Со застапеноста на овие култури, жителите на селото ја обезбедуваат храната за тековната година. Дополнително се одгледуваат и градинарски култури како: пипер, кромид, домат, боранија и др.

Наведените производи од овие култури им служат како продукти за исхрана. Додека, пак, за обезбедување на материјални, парични, средства одгледуваат и индустриски култури, како што е сусамот, кој се користи во маслената индустрија за добивање на квалитетно масло за јадење а се употребува и во слаткарството. Друга култура што се одгледува во селото, а е наменета за пазарот, (преку која се доаѓа до „сува“ пара) е кокарот. За да се дојде до производство на квалитетен кокар, кој ќе биде конкурентен на пазарот, потребна е посебна стручност во подготвувањето на леите и голема умешност во сеењето, како и начинот на полевањето. Ако сето ова е стручно направено

тогаш во собирањето нема да има никаков проблем.

Од исклучително значење во селото (со кое се занимаваат луковци) е одгледувањето на свилената буба, која по природен пат лисната материја од црницата, со која се храни во метаболизмот, ја претвора во колоидна состјба и на крајот од животот, преку усниот отвор, да ја излачи во природен свилен конец од непроценлива вредност. Интересен е развојот на овој инсект, кој во текот на својот живот поминува низ четири фази: 1.Семе, јајца (потенцијален живот) 2.Гасеница (активен живот) 3.Кукла (затворена во кожурокот каде презимува) 4.Пеперуда (напролет, кога температурата е поволна, куклата формира: глава, гради, стомак и крилја, го дупи кожурокот и излегува надвор) и неси јајца. Процесот се повторува.

Одгледувањето на свилената буба не е едноставен процес, потребни се исполнување на посебни услови и претходни подготовки.

1. Потребна е поголема, затворена, добро осветлена и проветлива просторија, на која треба да се подигне скеле во висина на градите на одгледувачот.

2. Бавча или нива на која се посадени, питоми црничеви стебла, кои даваат долги ластари со дебели (меснати) црничеви лисја (кои во себе ја содржат таа златно - жолта свилена супстанца.

3. Активна работна сила.

Кога веќе ова е обезбедено може да се отпочне со активностите:

Се полагаат ластарите од црница на подиумот, се сее семето над лисјата, се развива семето во гасеница која се храни од листот и така секојдневно се трупаат ластарите еден над друг, а гасеницата, хранејќи се,секогаш е на површината од натрупаните ластари. Овој процес трае непрекинато цели 25 дена, кога веќе гасеницата добива жолто – златна боја, престанува да се храни,по кое почнува да се качува на вертикално поставените гранки од зеленика, се прицврстува на истите и го почнува лачењето на тенкиот свилен конец, со што влегува во третата фаза од нејзиниот развој. Штом ја излачат таа маса во свилен конец, бубата се затвора во кожурокот, преминува во ларва и како таква презимува, напролет,кога температурите се поволни, преминува во пеперуда (со глава,труп и стомак), го дупи кожурокот и излегува надвор, несејќи јајца за продолжување на процесот.

Одгледувањето на свилената буба на луковци им донесува добри финансиски средства со кои ги задоволуваат потребите за купување на облека, обувки и други потребни технички средства за семејството.

Што се однесува за сточарството, не може да се каже дека се професионални сточари, туку секое семејство располага со одреден број на крупен добиток – говеда: крави и волови кои едните се користат за обработка на нивите а кравите за млеко и репродукција.

Скоро секое семејство поседува ситен добиток, повеќе овци отколку кози, нивниот број се движи од дваесет па до четириесетина грла, со што се

задоволуваат потребите на семејството од млеко, сирење, волна, месо и некое јагне за празничните денови. Постојат семејства и како професионалци – сточари, одгледувачи на поголемо стадо кози, и тоа во западниот атар на селото, во **Гиризот и Мутруните**, тоа е стадото на Карабатаковци и поголемото стадо на кози на Јанковци, лоцирано во месноста **Пожар и Бобалиица**, во близината на атарот на градот Воден. Како и стадото на овци на Думчевци, лоцирано во источниот атар на селото, во месноста Страна – Пресека.

Во селото е застапено и лозарството, тоа е групирано на три локации. Првата група се наоѓа под селото - јужно од **Чуката**, другата група над селото, северно од **Дабичката,** и третата група како лозарски површини се наоѓа северно од Тополите кај **Пожарански пат**, место викано Брончин.

Х И Д Р О Г Р А Ф И Ј А

Еден од основните елементи за опстанок на човекот, животните и растенијата (покрај сонцето и воздухот) претставува водата. Така и за жителите на селото Луковиц овој фактор е неодменлив. Уште при првото формирање на селото во месноста Ушанци, во неговата близина, имало богат извор на вода, кој ги задоволувал потребите од оваа неопходна течност за човекот, животните и наводнување на обработливата земја. Но, ете, се случило што се случило, морале да го напуштат овој терен и да барат нова

локација во која ќе имат побезбеден и поподнослив живот. Меѓутоа и тука, во Тополите, не ги послужила среќата, морале да бараат трето решение. Решението им било на дофат, тука некаде во близината, меѓутоа од страв од планинските врвови, а и сега од најголемиот планински врв Кобилица, кој „висел“ над поголемиот број на извори на вода, избегавале да се приближат до неговото подножје. Но, среќата никој не ја знае каде се крие.

Кога се дошло до заклучок дека друг избор нема. одлуката паднала „ако се умира, нека се умира, барем задоволни со вода.

Зборуваме како било некогаш (пред педесетина години), зошто сега условијте се сосема поинакви, секое семејство има вода, чешма во својот стан, својата куќа. Не одат жените да наолнат вода од горната или од долната чешма.

Оваа сегашна, трета по ред, локација на селото ги задоволува сите потреби во поглед на водоснабдувањето, за тоашто ги има на број пет чешми, од кои две во селото и три во непосредна близина, на самата периферија.

Првата чешма од периферните е на самиот влез во селото, на месноста **Вртоп,** од неговата јужна страна, таму каде е и автобуската постојка. Ја користат патниците кои го очекуваат автобусот да наиде и оние патници кои имат намера да отпатуваат, дали во правецот на Воден или пак во правецот на С'боцко. Оваа чешма, исто така, ја користи и секој добронамерник затоа што местположбата е таква.

Првата чешма од централните се наоѓа во средината на селото, таму каде што се наоѓаат старата црква и училиштето. Оваа чешма е најмногу експлоатирана, не само за тоашто се наоѓа во средината на селото, туку за тоашто се користи од верниците и учениците кои ги има во секое време во текот на денот, како и од жителите на селото кои живеат во непосредна близина. На оваа чешма се направени и постави (корита) за напојување на добитокот.

Втората чешма од периферните е лоцирана на месноста **Штоик**, северно при излезот од селото,

Карактерно за овие три наведени чешми е тоа што се наоѓаат во еден ист правец, правецот север – југ, а и патот што го дели селото на долна и горна маала го има истиот тој правец, правецот север – југ. А и патот што го дели селото на горна и долна маала, е со истиот правец. Водите од оваа чешма ги користат новодојденците – Маџирите, во тој дел се изградени оние 22 куќи во 1924 год., со околу 80 жители. И на ова чешма се направени бетонски корита за да биде достапна водата за напојување на добитокот..

Втората чешма од централните е лоцирана во горната маала на селото, во близината на Богојчевци. Оваа чешма е со најголема штедност и е користена од сите горномаалци, им се наоѓа во непосредна близина. На неа нема корита за тоа што на овој дел од селото не минува добиток, мирно е и тивко, потребите со вода во потполност се задоволуваат.

Третата чешма од периферните е лоцирана во месноста **Тијан**, западно од селото. Оваа чешма е

со три вули и големо корито, направено во форма на буквата П кој служи за напојување на добитокот, впрочем, во овој правец се истерува добитокот на пасење од целото село и има потреба од поголеми количини на вода, како наутро при истерувањето, и навечер при враќањето.

Така,овие води, водите од чешмата на Тијан, ги користат и оние жители од селото чии куќи се прозападно изградени и тијанските чешми им се поблиску одколку централната чешма, главно тоа се семејствата на Бишировци и Чиповци.

Од хидрографијата уште е позната малата река Луковка, која се формира од малите водотеци на Тијан и **Мочарите,** како леви сливници, и водотеците од **Биково Губре и Врлија,** како десни сливници, кои се спојуваат под селото и ја градат Луковка, овие води се засилуваат со водите од Шупунарката, која е источно од селото. Претставува еден мал интересен водопад со висина од околу десетина метри. Реката Луковка тече кон исток во пределот на **Горните и Долните Мераи**, нејзините води се користат за наводнување на градинарските култури кои се одгледуваат во реоните на Горните и Долните Мераи. Водите од ова река се вливаат во Реката Мегленица, како нејзина десна притока, кај селото Неа Зои.

ВЕРСКИ ОБЈЕКТ



Во средината на селото, во просторот помеѓу долномалци и горномалци, блиску до стариот чинар е изградена селската црква „Св. Петка.“

Времето во кое е градена црквата „Св. Петка“ не се знае, не се знае заради тоа што претходните генерации на следните не им оставиле никакви податоци. Нити пак воделе некаква летописна книга во која ќе бидат внесувани промените и настаните во селото во текот на некој изминат период.

Според состојбата во која се наоѓаше црквата во последно време, може да се претпостави дека има долго минато, и дека таа датира некаде околу 13 век, и пред тоа, односно од времето на Византиското царство.

По типот на цркви спаѓала во еднокорабни. Инаку, е доста голема црква, со димензии 20 x 15 метри. Источната страна, поради конфигурацијата на земјиштето е многу повисок ѕидот, градена со варов малтер и обработен камен, згора на тоа, и фугиран. Во составот на овој ѕид едновремено, на југоисточниот ќош, е ѕидана и камбанаријата со многу поголема висина отколку покривот на црквата.

Црквата имала три влеза, од кои еден главен, од јужнната страна, и два споредни, едниот од северната (мала врата)а другиот од западната,

пред кој се наоѓа и стариот чинар. Чинарот има своја историја која не треба никогаш да се заборави.

Внатрешниот распоред на храмот почнува со влезот од нејзината јужна страна, со трем широк околу три метри и со форма на буквата Г, свртувајќи кон западната страна на црквата. Покрај основниот sид, cосидан уште еден со ширина од половина метар и висина од половина метар, за потребите на жените за поставување на задушницата и раздавањето за душа на мртвите.

Во официјалниот дел од храмот е поставен олтарот со неговиот богат иконостас. Во средината на храмот издигнати се осум вертикални столбови од кои на еден е поставена скала која завршува со подиум, наменета за псалтирот. По краевите од внатрешноста на црквата поставени се столици од сите три страни: јужна, северна и западна, наменети за повозрасните верници. Додека горе, јужно и западно во форма на буквата Г, е во вид на внатрешна тараса заградена со штици од обработено дрво и решеткасто прицврстени на столбовите со форма на баклава. Овој простор е наменет за младината.

Богослужбата во црквата ја изведуваше попот Костаден – Коста, татко на татко ми Колъо Попов, кој во тоа време, (пред 1912 год.) проповедајќи го македонизмот и славјанството во селото Луковиц, литургијте во црквата ги преповедаше на старословенски јазик.

Сл. 6. Попот Кастадин – Коста. Десно ќерката Султана и сопругата Марија.

Сите проповеди и црковни обреди: венчавки, крштевки, погреби, празнични религиозни денови ги вршеше волонтерски, беше полиглот. Покрај тоа што го зборуваше мајчиниот македонски јазик, ги владееше: грчкиот, турскиот рускиот и францускиот јазик.

Богослужбата на старословјански јазик се изведуваше сé до 1912 г. Кога попот Костадин е убиен од страна на турските војски, кога тие се повлекуваа од Македонија (според некои кажувања, убиството го извршиле грчките власти) во шумите на с. Црковјани, близу градот Воден.

Сл. 7. Споменикот во шумите на с. Црковјани

Во придружбата се наоѓало и едно младо момче, за кое немаме никакви информации за кое лице станува збор.

Од 1912 г. наваму богослужбата во селската црква се изведува наг рчки јазик. На местото на попот Кастадин е доведен грчки поп кој не бил со задоволство примен од верниците, за тоашто не го познавале грчкиот јазик и не разбирале ништо од проповедите. Сето тоа делувало одбивно, туѓо и неприфатливо од македонските верници, заради тоа црквата била слабо посетена од луковските верници, било тоа да е во недела или било кој

религиозен празник, црквата секогаш била полупразна.

Во овој храм, ваков, каков што е урнат погоре, се служело сé до 1961 год. кога е уривањето. Причината за уривањето не е од негрижа на луковци, туку затоа што не им се дозволувало да извршат санација на напукнатиот ѕид од источната страна на црквата, таму каде што ѕидот бил и нај висок. Причината за забраната (според кажувањата на постарите) била затоа што на некој ѕид од внатрешната страна имало натпис што асоцирал на старословенство, кој натпис им ги бодел очите на грчките власти. И така со текот на времето дошол и тој момент, 1961г Црквата од „негрижа“ да се урне.

Сл. 8. Делови од урнатините на црквата

На сликата се гледаат остатоци од темелите на старата црква, а се гледа и каменот кој покажува до каде биле источните темели, само што е нем и

не може да каже, а на овој камен се потпираше и камбанаријата на црквата.

На дел од старото место, по иницијатива на жителите и селскиот одбор, изградена е нова, минијатурна црква со големина на параклис.Со селски сретства.

Сл. 9. Новото, мало црквиче

Скратена како по должина исто така и по ширина, од источната страна се гледаат урнатините од темелите, а од западната страна се гледа колку е оддалечена од јаворот. Ова црквиче ни во најмала мера не им ги задоволува потребите на верниците од селото, а е познато дека за време на поголеми празници доаѓаат гости и од соседните села.

Од западната страна на црквата сé уште стои вековниот јавор кој ќе раскажува за настаните што се случувале на него и околу него, од некогаш па сé до денес.

Имајќи предвид дека е мал просторот на параклисот, покрената е иницијатива за изградба на нова црква со поголеми димензии, но сега со учество на органите на власта и селскиот одбор. Црквата доби нова локација (со нова физиономија) со тоа што е „извлечена“ надвор од селото, во близината на првата периферна чешма, при самиот влез во селото.

Сл. 10. Најновата црква,

Оваа црква е градена во стилот на грчките цркви. Просторно нити во најмала мера не го достигнува оној од старата црква. За поголемите, значајни празници:Велигден, Божик, „Св. Петка“, „Св.Атанаси“ Велики како и во неделите, кога доаѓаат верници од околните села, се создава

турканица, за да влезат оние што чекаат надвор требат да излезат дел од влезените.

Црквата го задржала името „Св. Петка“ која била и заштитник на селото, инаку, позната личност во христијанството, која во римскиот период претрпела жестоки мерки и насилие. Била поставена под големо искушение, со тоа што иѝ ставиле вжештен шлем на главата за да се откаже од христијанската вера, тоа не го направила. Умира во Рим, а нејзините мошти биле пренесени во Цариград.

„Св. Атанасиј“ Велики Александриски бил спасител на селото. И неговото име се слави на секој втори мај во годината, на овој ден доаѓаат гости од околните села, а, исто така, доаѓаат голем брои на гости и од градот Воден кои некогаш биле жители на селото. .На овој ден се одржуваат и културни манифестации, со учество на пејачи и играорни групи од селото и околните села.

Св. Атанасиј Велики Александриски е роден во 269 год. по Христа, уште во детството бил наклонет кон духовниот позив. Бил ѓакон, кој Архиепископот Александар и го придружувал во Никеја и Теба. Инаку, голем противник на Ариевата ерес. По смртта на Александар, Атанасиј бил избран за архиепископ Александриски. Според легендата, која вели дека по предлог на Св. Атанасиј требало да се најдат двајца близнаци машки и два близни вола за да го изораат целото село и така да се спаси селото од наездата на мравите. Селото било изорано но мравите не исчезнале.

Ш К О Л С Т В О

Школството во селото Луковиц се одвиваше според врето во еден подолг временски период, на кој не може да му се стави реска граница. Маѓутоа, ако се земе времето од 1878 год. во кое постоела голема рашемонијада на влијанија во однос на школството во овој мал простор, ќе се констатира дека во Македонија, Егејска Македонија, постоел голем натпревар помеѓу сеседните земји: Грција, Бугарија и Србија, која од нив ќе завладее поголема територија и ќе го шири својот јазик и култура над незаштитениот македонски народ.

За Турција, како држава, тоа не претставувал никаков проблем, Грците и Бугарите можеле да отвораат нивни школи каде ќе посакале, а меѓу себе и се конфронтирале, таму каде секои за себе сметале дека е таа нивна територија. Не само со школите и јазикот, туку и на духовен план, делувале многу и преку црквата.

Во периодот од споменатата 1878 год. па сé до 1913 г. во селото Луковиц доминирале Грците и Бугарите. Српското влијание во овој простор, заради поголемата државничка оддалеченост, не било толку забележително.

Влијанието не се однесувало само за школството, јазикот и културата, туку влијаеле и на духовен план преку црквите. Граделе цркви во кои проповедите биле на јазикот кој верниците не го познавале. Но и покрај тоа, сепак, имало приврзаници кои ги посетувале тие верски објекти.

Но, кога веќе сме кај школството во с. Луковиц, треба да се осврнеме на она што го пишува Христо Андоновски во делото „Мегленската област во Народноослободителното движење во Егејска Македонија“. Неприкосновено кажува дека во Солун за прв пат е отворено училиште на македонски јазик, во 1865 г. во приватна куќа, одстрана на Динката, а по тоа и во с. Луковиц.

Динката бил голем трговец на текстилни производи и разни бижутерии, кои ги увезувал од западните земји, а ги продавал во овие простори: Мегленско, Воденско и Солунско. Се определил да го отвори ова училиште во с. Луковиц затоа што с.Луковиц се наоѓа во центарот на централниот дел на Егејска Македонија. Јазикот на кој зборувало населението во овој дел бил македонски, па, за да има подобар пласман на стоката помеѓу населението, се определил да го отвори ова училиште.

Потеклото на Динката е од Воденска околија од с. Дуржилово. Имал син по име Ѓорѓи и ќерка по име Славка, ги запишал во Солунската гимназија, каде наставата се изведувала на грчки јазик. По завршувањето на гимназијата своите деца ги ангажирал да изведуваат настава на македонски јазик, користејќи ја грчката азбука. Паралелно со македонското училиште во селото имало и Грчко, меѓутоа за Турците ова не преставувало некои посебен проблем. Можело да се учи на било кој јазик. За нив најзначајно било да го соберат данокот од населението, што може на полесен начин, а доколку се појави било каков отпор тогаш применувале безобѕирна сила.

Пред 1878 г. или сé до 1878 г. грчкото влијание во однос на школството, па и духовното било најголемо, имале емисари низ цела Македонија, Македонија под Отоманската Империја, отворале училишта секаде каде ќе им се укажеше прилика, дури и понасевер, Битолско, Охридско и др.

Настаните што ќе бидат споменати со горе наведената година, сепак, имаат определено значење кои се поврзани со школството. Не само тоа што се случувало во с. Луковиц, ами и пошироко, на територијата на Македонија, како ривалство помеѓу Грција и Бугарија.

Во оваа година (1878) на Балканот имаме голем брои на настани кои предизвикаа промени во сферата на владеењето а со тоа и промени во образованието. Како, на пример: Војната помеѓу Русија и Турција, позната како војна за ослободување на Бугарија од турското ропство. Турција оваа војна ја губи. Како губитници се принудени да потпишат договор и тоа во Сан Стефано. Со овој договор се задолжува Турција да отстапи делови од Србија, Црна Гора, Албанија и цела Македонија во интерес на Бугарија, со што се создаде санстефанска Бугарија.

1. Во истата година се случува Берлинскиот конгрес. на кој учествуваа: Германија, Австро-Унгарија,Франција и Англија кои се спротивставија на овој нелегитимен договор и не дозволија да се реализира.

2. Со Берлинскиот конгрес донесн е нов договор, со кој Турција се задолжува со чл.23. од овој договор, на Македонија да ѝ даде автономност. Турција договореното не го почитуваше, а

креаторите на договорот не беа доследни за почитување на истиот.

3. Во оваа година, на 17. 10. 1878 г., заради непочитување на договореното по чл.23, Македонците, незадоволни го дигаат Кресненското и Разловечкото востание против Турците, на чело со Димитрија Поп Ѓорѓиев Беровски.

4. За време на ова востание формирана е и првата привремена Македонска влада на чие чело се најде Димитрие Беровски. Оваа влада не ја доби поддршката од западноевропските земји, заради кое за кусо време беше ликвидирана.

5. Во овој кус временски период Бугарија доби независност и користејќи ја приликата, (духовно) се отцепува од Грчката и Цариградската патријаршија и се здобива со самостојна Бугарска егзархија.

Во 1879 г. Бугарија ја отвора Првата машка гимназија во Солун. Со отцепувањето од Цариградаката патријаршија Бугарија се осоколи, доби крилја и се впушти низ македонските градови и села да отвора бугарски училишта. Вакво училиште е отворено и во с. Луковиц. Од населението ова училиштето било со задоволство примено поради блискоста на јазикот. А и политиката која во тоа време ја водеше Бугарија. Училиштето е во ранг на основно образование. Запишувањето на ученици било на доброволна основа, а интересот на родителите и повозрасните бил повеќе од задоволително, нивните деца да бидат запишани во ова ново училиште.

До 1913 г. поминале 8 (осум) генерации на ученици. (под претпоставка една генерација да траела 4 години). Кандидатите што се запишувале биле и на поголема возраст од пропишаните норми за запишување во прво одделение.

Еден од таквите ученици, кој се запишал на свои 15 г. во прво одделение бил и **Пени Матев** од с.Луковиц, бил еден од поуспешните ученици во својата генерација. Сите четири одделенија ги завршил со одличен успех. И како таков добил можност да стане првиот учител во своето село, доверувајќи му да води ученици од прво одделение. Наставата ја изведувал на јазикот којшто што тој го зборувал – македонскиот, на јазикот кој е разбирлив и за учениците, а за пишување ја користел бугарската азбука.

На интернет страницата, под поимот википедија, официјално е запишано дека во 1904г е отворено бугарско училиште во с. Луковиц и дека во ова село, во ова време, живеа 300 жители „Бугари“. Тоа го пишува бугарскиот историчар Васил Кнчев.

Со отцепувањето од Цариградската патријаршија, Бугирија се впушти во акција за отворање на бугарски училишта на територијата на Егејска Македонија. За Грција ова претставуваше атак над територија за која сметаше дека само неа ѝ припаѓа. Се создаде голема нетрпеливост, невидено ривалство во кое страдаше македонскиот народ. Не само во Луковиц, туку на големо е познат случајот во селото Загоричани – Кастурско, 1905 г. каде учениците од грчкото училиште избегале и се

запишале во новоотвореното „бугарско“ училиште. Крајните резултати се познати: **владиката Γερμανος Καραβανγελισ**(Германос Каравангелис) познат како голем крвник и злосторник за Македонизмот, **волк во јагнешка кожа** – можно ли е? - свештеник облечен во попска мантија, на појас да носи пиштол и сабја, и со чета грчки андарти влегува во селото **Зеленич** и врши невиден мсакар, убиени се 70 лица, мажи и жени, меѓу кои и 7 деца.- интернет страницата.

СООБРАЌАЈНИ ВРСКИ

Селото Луковиц се наоѓа северно од г. Воден, а јужно од г. С'боцко, значи претставува крстопат помеѓу Воденската и Мегленската област, гледано од југ кон север, како единствена и официјална патна врска, како и неофицијалната, но, сепак, битна патна врска исток – запад, помеѓу Пајак планина и планинскиот разгранок на Ниџе планина, во чија средина се наоѓа с. Луковиц.

Патната врска југ – север, датира од најраните раните периоди, од времето на Империјата на Александар Македонски и Римската Империја.

Овој пат за жителите од с.Луковиц и денес, со неговите остатоци на стара градба, е познат како **Пожаренцки пат**. Така е наречен заради тоа што уште од најстаро време ги поврзувал г. Воден со најоддалеченото село во Меглемската котлина, во подножјето на Кожув планина, **с. Пожар.** Каде се наоѓаат и топлите минирални, лековити, води.

Не е помало значењето на овој пат, од тоа време, од патот **Виа игнација** што ги поврзувал

г.Драч, преку: Охрид, Битола, Воден, Постол па се до Солун, минувајки низ Пелагониискатa котлина.

Дека постоел овој патен правец се потврдува со остатоците кои и денес сведочат.

Почетокот на Пожаренцкиот пат е г.Воден а крајната дестинација е с.Пожар, при тоа минувајки низ с. Луковиц, од неговата прва **локација** која се наоѓаше под планинскиот врв **Будим** во месноста **Ушанци.** Користејќи ги поволните конфигурации на земјиштето продолжува низ атарот на с. Луковиц, при тоа минувајки под **Црвеникот** да се спушти до **Вирот** кај **Грамади,** целиот овој дел е поплочен со камен заради почврста подлога. Од тука овој пат продолжува кон север, минувајки под **Чуката** за да стигни кај **Горните Тополи,** таму каде селото се формира како втора локација. На стотина метри над селото, каде што поминува овој стар пат, е исто така поплочено со тврд материјал, кој остава впечаток дека некогаш постоел тој **Пожаренцки пат.** И ден - денешен таа месност го носи ова име.

Патот продолжува кон **Брончин,** па на **Сува Гора,** од каде се спушта во **Мегленската котлина,** па сé до крајната цел – **с. Пожар.** Низ овој пат се движеа карваните на трговците кои пренесуваа прехранбени продукти и текстилна стока за потребите на жителите од овој крај, а се враќаа натоварени со: волна, кожа. Млечни и земјоделски производи. Пожаренцкиот пат опстојува сé до преселувањето на селото на третата локација (од познатите погоре наведени причини).

Со ова се менува и правецот на Пожаренцкиот пат, почнувајки од **Ушанци** преку **Црвеникот и Врлија** сé доаѓа до **Грамади** и од чешмата на **Вртоп** влегува во селото со кое селото е поделено на двете маала: горна и долна маала. Со ова се потврдува колкаво е значењето на селото помеѓу овие две области: Мегленската и Воденската. Со посебен осврт на Мегленската која е заградена од запад со Ниџе планина, од север со Кожув планина, од исток со Пајак планина а од југ е отворена сé до Солун и Егејско Море, нејзината просечна, надмотска височина не изнесува повеќе од 160 м. А зимските температури не се спуштаат до нулата на Целзиусовата скала.

Овој пат е со земјина подлога и како таков се користи сé до 1936 год. кога веќе по иницијатива на државата (имајќи ја предвид стопанската моќ и важноста на Мегленската котлина) се отпочнува со постилање на подлогата со каменов дробеник, кој се користи од каменоломот отворен северозападно од селото.

Овој крупен камен се носи по целата должина по краевите на џадето во банкини, а за да се добие дробеник се задолжуваат луковци со кулачење за определено време да се издроби каменот. Нормата е според големината на семејството и работната сила во него.

До крајот на 1938 год. овој земјен пат преминува во џаде класирано во формата на макадам патишта по кој можат да се движат и моторни возила. Направена е една важна измена во корист на Луковци со тоа што џадето не минува

низ средината на селото, туку со заобиколување, под селото.

Ово џаде придонесе селото да добие нов жител, во својство на луковски зет. Палирот, под чија контрола се одвиваше изведувањето на оваа делница од патот, се ожени за луковката Дана од Долномаалките- по народност Грк. По име **Фереа.** Лицето не се спомнува тукутака. Ќе имаме прилика да чуеме нешто повеќе во поната-мошното излагање.

Ово ново џаде, за луковци не значеше кој знае колку, затоа што немаа моторни возила, па дури и запрежни коли немаа. Главна, помошна, анимална снага им беа коњите(а и тие во овие времиња ги немаше) магаријата се користеа како главна товарна снага, се користеа поблиските патишта што водеа до г. Воден, а навистина имаа и голем избор, заради близината на градот. Доволно им беше да дојдат, при излезот од селото, на **Гробот и** да изберат пат кој не е подолг од 4 км .до г. Воден. Дали ќе одат по Леските и Кривите Реки, под железничкиот мост, дали по **Дордолак** и Бобалиица или пак по **Биково Ѓубре и Касидова Падина**. Имаа и алтернативен пат. Дел по новиот, макадам патот, до Ушанци а одтаму преку Касидова Падина и **Пејова Чука** до Воден.

Првата, наведена група на патишта беше најинтересна за Драгоманчени кои немаа друг избор на патишта, освен да поминат низ селото Луковиц и да стигнат на **Гробот** од каде изборот е еднаков со тој на луковци.

НАСТАНИ ВО СЕЛОТО ЛУКОВИЦ ДО 1913 ГОДИНА И ПО НЕА

Иако Македонците воjнички рамноправно учествуваа во секоја пооделна воjска од соjузничките: грчката, српската и бугарската, против Турската Империја во 1912 и 1913 год. во Македонија, дури и во првите редови на бojното поле, многу од нив и животите ги дале за ослободување од турскиот jарем, сепак, на крajот од 1913 г, место да слават заедно со победниците за извоjуваната победа, останаа со празни раце. На место победници станаа губитници во своjата земjа, навредени, понижени,омаловажени и, згора на тоа, во безсвест малтретирани, а го изгубиjа и тоа што го имаа пред Балканските воjни: училишта, цркви, култура и обичаи.

Одкога jа исцртаа гореспоменатата гранична линиjа од Маркова Нога с. Долно Дупени-Преспанско па се до Кота 1681- **Тумба** на Планината Беласица – Струмичко, почнаа да ги реализираат своите големи идеи.

Грците од оваа 1913 година наваму наметнаа свои правила на игра. Во Егеjска Македонија употребиjа сила со која извршиjа уништување на сé што асоцира на македонско и старословjанско.

Што се однесува до с. Луковиц, а Луковиц не претставува изолиран случаj, првата мерка што jа презедоа е изградба на џандармериска станица на северозападниот дел од селото со сите перформанси на џандармериска установа, која jа обслужуваа: едно одделение на џандари со прислужници готвачи, курири и сл.

Со ова селото стана административен центар, во чиј состав влегоа и трите околни села: Почип, Волкојанова и Самар, под надлежност на луковската џандармерија.

Втор чекор е затворање на македонското училиште (кое претставуваше придобивка за македонизмот од времето на Отоманската Империја) и отворање на грчко училиште, со вработени приучени учители.

Трет чекор е замена на попот во црквата (попот кој богослужбата дотогаш ја вршеше на старословенски) со грчки поп чија богослужба никој не може да ја разбере.

Формирана е и месна канцаларија, во ранг на локална самоуправа во чии состав влегуваа: Селски одбор со претседавач –Грк, Претседател, Матична служба со матичар (државен службеник) курир и полјак кој го именуваше претседавачот на Одборот. Покрај споменатите се наоѓа и попот, кој во селото претставува најавторитетната личност, бидејќи тој е тој што е најблиску со верниците. И во сите овие горе наведени личности нема нуту еден луковец – Македонец, а донесени се од пустите грчки острови каде не достига леб ниту пак вода за пиење. Значи, од земјата на лулката на демократијата, што се вика Грција.

Кога сето ова е така добро, совршено, подредено, можат да почнат премрежињата на луковци. А тоа се: гласот нивни, македонски, тешко ќе може да се чуе по неговите сокаци, на собири, на свадби на прослави, па на крајот и во сопствените домови. Затоа што и тука, преку прозорците, во вечерните часови беа прислушкувани од џандармериските службеници.

Со цел во потполност да ги остварат своите зацртани идеи во областа Мегленска и Воденска во кои области припаѓа и селото Луковиц, спроведуваат низа акции (особено пред, за и по војната со Турција во периодот 1919 па сé до 1924 година) за да го спроведат својот план за промена на етничкиот состав, во штета на македонскиот, а во полза на грчкиот елемент. Тоа го постигнуваа со терарот што го вршеја врз македонскиот народ, со принудно иселување на илјадници македонски семејства во внатрешноста на Грција, а особено со потпишувањето на фамозниот договор помеѓу Грција и Бугарија за размена на населението, а со тоа да ја постигнат и саканата цел, промена на етничката карта на Егејска Македонија.

Со овој договор опфатени се десетина семејства од селото Луковиц, кои пак потпишаа договор со грчката влада. Во еден член од тој договор било недвосмислено кажано, дека :„тоа семејство што еднаш ќе ја помине грчко – бугарската граница нема предомислување“ нема враќање назад.

Особена промена на етничкиот состав во с. Луковиц, од едноционално во двонационално се случи во 1924 година, кога од Мала Азија, Грците донесоа доселеници од околу 22 семејства, со околу 80 членови. На истите им изградија куќи, им поделија земјиште од Бегличките ниви, а на луковци им ги одзедоа оние ниви што им претставуваа повеќе од земјишниот максимум (повеќе од 10 хектари) кои им беа доделени на ново дојденците.

До споменатата погоре година, луковци живееја како еден, во слога и меѓусебно разбирање, може

да се каже во идила, како во бајките, секој на секого да може да му помогне во било која смисла во животот. Меѓутоа по споменатата година идилата премина во дерт, се појавија различности во ставовите по определени прашања во интерес на селото. Малцинството стана доминантна фигура во секои поглед, се разбира поддржано од грчката власт, компромисите се заменети со насилства, решенија, одлуки и декрети кои мора да се почитуваат од обесправените Македонци, иако се во мнозинство.

Со преминот во двонационалност се јавуваат различности: во јазикот, во културата, адетите и сл. Правдата е секогаш на една страна, Македонците судски процес не можат да добијат, секогаш се на обвинителната клупа и судските клупи ги напуштаат со наведната глава. Само за илустрација(ако македонец – луковец направи штета со своето имање, на: посеви лозје или сл,. тогаш се носи казнена пресуда заради несовесност и невнимание, а доколку истата штета ја направи спротивната страна, ново дојденец – маџир, виновник е пак Македонецот (за тоа што не ја заградил нивата). Овој случај е нај едноставниот пример како се применува „правото“ во една демократска држава која го носи епитетот „лулка на демократијатта“, а се вика Грција..

Одкога веќе се изгради џендармериската станица, и се комплетира со потребниот број на џандари, почна да функционира онака како што беше и замислата, а тоа е со што поголемо насилство да се малтретира македонскиот народ. Со примена на разни не своиствени методи:

навреди, пцости, нарекувајќи ги „вулгари“, неписмени, простаци и сл.

Џандарите во селото претставуваа страв и трепет, не само за постарите, туку и за децата, малолетниците, од нив се бегаше што подалеку како од црниот ѓавол, а и така беа облечени, со некои страшни униформи, со шерити на градите во разни бои, почнувајќи од градите па сé до половината,до појасот, капа со козирка и на неа поставна кокарда со грбот (симболот) на Грција. На градите автомат, на десната страна од коланот кубурата со пиштол, а на левата страна обесен пендрекот, што ти Гестапо.

Приквечер, откога ќе се спуштеше дебелата сенка од планинскиот врв Кобилица и ќе дувнеше поветерецот од кај Кожув планина и Мегленската котлина, а во тоа време се враќаат дома и селаните од своите дневни работни обврски, - ете ти ги по двајца „маршираат“ по џадето, намуртени и со кренати глави, сакајќи да покажат внимавајте - ние сме тука.

Ова е само почеток за една вечер, затоа што почнува наредната етапа за истата вечер (значи дека ова се повторува секаја следна вечер).

Наредната контрола е во внатрешноста на селото. Одкако, ќе се приберат сите по своите домови, патролата е вкрстена, затоа што селото е поделено на четири четврти. Едната улица север – југ го дели селото на долна маала и горна маала, а другата улица исток – запад го дели селото на северна и јужна половина. Поважен е сокакот исток – запад, а тој започнува од копривката кај Шоревци, продолжувајќи на запад и низ средината на селото, црквата и училиштето,

неминовно минува, покрај **гумното** на **Кољо Попов** па сé до Чиповци, Бишировци и **Балабанова Нива.**

Оваа контрола е со посебна задача, да констатира дали на гумното на Кољо Попов се одвива некаква активност. Ова гумно се карактеризира со тоа што е централен дел на селото и тука се собираат, преку дента децата, кои ги играат своите детски игри, младината песните и ората, а „ ја кројат“ политиката. Гумното е со поголем простор, со доволна ширина, на неговата југоисточна страна е поставена долга греда, потпрена на три потпори. (Северно од гумното, куќата на Кољо Попов, на приземје и спрат) гредата, овозможува комотно седнување на повеќе лица. Поконкретно ќе имаме прилика да чуеме какви одлуки се носеле на ово гумно и оваа клупа.

Задачата на џандарите сé уште не е дефинитивно, во целост завршена, Тие не можат спокојно да спијат сé додека потполно не се уверат дали луковци, откако се прибрале дома, и пред да легнат да спијат зборуваат на јазикот што им е забранет, мекедонскиот, или пак зборуваат на грчки јазиик. За оваа цел џандармериската станица формира нови двојки, кои вршат прислушкување по прозорците, одат од куќа на куќа, а кучињата лаат ли лаат. Тогаш се гасат ламбите и штама е во куќите.

Доколку се констатира дека се зборувало на македонски јазик во некои од прислушкуваните домови, постапката се знае. Наредниот ден добиваат покана за во станицата, и тука се

почнува со примената на горенаведените репресивни мерки.

Уште нешто. Дојденците од Мала Азија ја имаа целосната поддршка од грчката власт и уживаа големи привилегии, за тоа што во нив гледаа лојални граѓани, додека македонското население беше подложено на безмилосно ограбување и притисок, подложено на најсурови мерки на омаловажување, на непризнавање на својата национална припадност, забрана на македонскиот јазик, забрана на пеење на македонски народни песни, уништување на спомениците кои асоцираа на минатото, како и секојдневно понижување и омаловажување од џандармеријата на стари и изнемоштени лица кои не можеа така едноставно и за кусо време да го научат Грчкиот јазик. (Х.А. Мегленската област во НОБ) 1960 г. ст.51.

Во 1926 г. грчката власт го носи законот за Промена на топонимите низ цела Егејска Македонија. промена на имињата на градовите, на селата, планините, планинските врвови на реките, полињата и сé друго, за кои сметаат дека ќе претставува успех.

Во ова исто време некои екстремистички грчки здруженија исфрлија парола со која се апелира до владата да се донесе закон за забрана на употребата на македонскиот јазик, со содржина во која се вели: „од денес се забранува употребата на бугарското писмо и говор во сите општествени центри, установи, состаноците и собранијата, на веселбите и ручоците. Во сите горенаведени случаи да се говори на грчки јазик: Нарушувачите на оваа наредба ќе се сметаат за предавници на татковината и ќе подпаднат под големи

притисоци”(Х. А. Вистината за Егејска Македонија) 1971 г. ст. 57.

Ваквиот закон за забрана на македонскиот јазик, со слична содржина е донесен малку по доцна, 1936 г.

Што се однесува за топонимите, спомнавме погоре во глава 5 под топографија, каде е речено дека оваа категорија на имиња на месности во определен реон, локален или глобален, имаат големо значење во секојдневниот живот на човекот. Без топоним не може да се изведе никаква активност, или пак без топоним не може да се знае каде појавата настанала. Затоа, кога станува збор за преземање на некаква активност, прво се прашуваме: каде, потоа кога и на крајот зошто? Затоа и грчките екстремисти прво го презедоа овој чекор. Им ги променија имињата на градовите, им дадоа имиња што немаат врска со нивното историско минато. Пример, градот Воден е прекрстен во Едесса или С' боцко преминува во Аридеја или пак г. Нугуш во Науса, додека г. Вртокоп е прекрстено во Шкидра. Бер во Вергина, Пазар во Јаница, истото се случува и со имињата на селата. Селото Луковиц- македонското име му го прекрстуваат во Сотира, ама што нема никаква врска со лук и сол. Некаде пак имаат и некаква заедничка врска на старото со новото име, како што е со с. Волкојаново кое е прекрстено во Ликохори, ако го бараме коренот на овие две имиња тогаш тој им е заеднички, асоцира на волк. Во првиот случај Волкот на Јано, а во вториот случај Волково Село. Таму пак, каде што се работи за поголем број на имиња на месности, самите жители си ги прекрстиле, додавајќи им ги

суфиксите: ас, ис, нес и цас. Како, на пример Мутруните, основицата му ја задржуваат, а му додаваат нес за да асоцира на грцизам, „Мутрунес. Истото тоа се случува и со личните имиња и презимиња, наместо Јани ќе се вика Јанис, Петре лицето е исто, ама сега е Петрос итн. Или Петре (Пени) Матев го прекрстиле во Петрос стон Матис (ако се однесува на името и презимето- Петре на Матевци).

ЗАБРАНА НА УПОТРЕБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Во -1936 г. и официјално стапи на сила фамозниот закон – Декретот на Метаксас. Познат како Метаксасов закон, со кој од овој ден, месец и година (поточно на 04. 08. 1936 г.) стапува во сила, со кој се забранува употребата на „бугарскиот јазик“ во сите општествени дејности (тој и така во државните установи, до оваа дата, не се практикуваше) само сега, за да му се даде поголем публицитет, ги спомнува и овие дејности.

Целта на донесувањето на овој закон е да се забрани, по секоја цена користењето на својот – мајчин македонски јазик од Македонците, а со тоа се спречи и се оневозможува овој домороден јазик да го научат дојденците кои претставуваат малцинство во оваа нова средина. Покрај ова, џандарите се чувствуваат покомотни за тоа што не слушаат јазик што не го разбираат.

Со промоцијата на законот се создадоа услови во с. Луковиц да се отвори училиште за сите оние

кои не го познаваат грчкиот јазик. Училиштето е вечерно, наставата се изведува од кога луковци ке се вратат од нивите, од дневните обврски, изморени, истоштени од дневните физички активности. На часовите половината спијат, другата половина слуша, ама ништо не рабира, се подбуцнуваат еден со друг, па си дофрлаат што лафи – зборува ова ..... кога никој ништо не го алантиса.

На часовите се опфатени сите оние кои не подлежат на димотикото-основното образование. Значи, постари од 15 години па сé до 60, 70 годишници како што се вели:"им се дава можност на секој да го научи грчкиот јазик за да биде корисен за себе а и за нашата грчка држава."

На почетокот од часот се врши прозивка по дневникот. Оние што се тука ги научија да се јавуваат со зборот παρον (значи дека сум тука,) а на тие што се отсутни им става апосиа (-).απυσια κε παρυσα. (ако е присутна), за женскиот пол.

За оние што не се запишале и за нередовните , што имаат повеќе минуси, учителот ги пријавува во џандармериската станица, таму каде што е законот. На повиканите им се читаат основните одредби од законот и казните кои се предвидени во тој закон: парични, затворски и физички и интернирање во некои од островите во Егејско Море. „Џандарите не беа толку строги во изрекувањето на казни" и покрај оние наведените во законот, си измислуваа и свои, дополнителни, некои атрактивни, кои ќе предизвикаат исмејување и понижување на личноста, како, на пример напивање со рициново масло, чарење на јазикот

со коприва, или онаа казна што ја применија над Кољо Марков, казна без преседан.

За примената на самоволно измислените казни, надвор од спомнатиот закон, извршителите од актуелната власт не беа нити опоменувани, а камоли да бидат земени на одговорност.

Луковци овој закон го дочекаа со огромно незадоволство, одбивно делуваа и покрај применуваните непопуларни казнени мерки, даваа отпор на непочитување, за тоа што им беше тешко да прифатат насилни услови од овие нови окупатори, кои во првите моменти се претставуваа пред Македонците дека се нивни ослободители од турското ропство. (само за илустрација еден пример: овчарот си ги пасе овците во една ливада и си свирка така пополека, така речено натанане, и ете ти го еден џандар кој се приближува до овчарот и го потсетува ”Ве ослободивме од Турците и сега слободно си ги пасиш овците во ливадава.“ А одговорот бил: „Сполајви многу, што вие не' ослободивте од Турците, ама се прашувам, од вас кој ќе не ослободи.“)

Насилствата што ги применувале грчките власти над Македонците биле многу по ригорозни од оние на Турците. Особено по донесувањето на законот за забрана на македонскиот јазик и отворањето на вечерните грчки училишта.

По секоја цена и примена на неограничена сила, оние возрасни луковци кои не го знаеле грчкото писмо и грчкиот јазик морале да бидат редовни на часовите. За реализација на оваа цел, селската џандармерија активно била вклучена да го следи овој процес и да следи определени личности од селото кои се јавуваат како носители

и организатори за непочитување на овој закон. со што би се намалувал бројот на слушателите на вечерните часови.

Таков е случајот со Кољо Марков, жител на селото Луковиц, со над педесетина години возраст, човек со изразит ум и беспрекорно однесување спрема секого во селото, деца, млади и возрасни, почитуван од секого, неговиот збор зрачи нешто позитивно за селото и жителите во него, член во Селскиот одбор (човекот според неговите способности може да биде сé) само петседавач на одборот и претседател на селото не може да биде само заради тоа што е Македонец.

Селската џандармерија дојде до сознание дека Кољо Марков е човекот кој е највлијателен меѓу луковци и дека е тој носителот за слабиот одзив на слушателите на вечерните часови во училиштето и дека тој ќе биде човекот што ќе помогне непречено да се реализира Декретот на Метаксас од 1936 г. само ако малку се ”притисне.“

Еден саботен ден, приквечер, преку џандармерискиот курир му е доставена покана со назнака, неодложно да се јави кај командирот на џандармериската станица во с. Луковиц (Сотира) во толку и толку часот, со потпис на доставувачот и примателот.

Кољо Марков, покрај горенаведените особини беше и мирен, сталожен човек, неизбувлив, умееше да почека, да сослуша, а одкога добро ќе размисли ќе го даде одговорот.

Таков остана и сега. Точно во закажаниот термин се јави пред портата на џандармериската станица. Пред портата стои дежурниот стражар

со пушката на десното рамо.- Καλιστπερα κιριε, се обраќа Колъо Марков, со истите зборови отпоздравува стражарот, па додава,- ти θελιτε κιριε – што сакате, Господине. Колъо му ја подава поканата на стражарот, а тој се упатува кај командирот на џандармеријата.

По разговорот со командирот, стражарот се враќа и го упатува поканетиот во канцеларијата на претпоставениот, кој седнат на столот покрај една маса, прелистува некои хартии.- Καλιστπερα, κιριε Νικολασ ιρθαατε, (доравечер, Господин Никола, дојдовте) – Καλιστπερα, κιριε кораφилака ирθа, (добравечер, Господин полицаец, дојдов.) Ладнокрвно, без насилие, бичим пријателски го поканува да седне наспроти него на масата и да му го постави прашањето: - Дали знаеш зошто те поканивме да дојдеш во нашата џандармерија? Откако извесно време се помисли, без никаков страв и почит кон претпоставениот, одговори: искрено да Ви кажам, немам поим, не знам. „Очекувам Вие да ми кажете.“

Џандарот, командирот на станицата, од фиоката на масата извади лист од хартија и му го подава на Колъо Марков: Еве, ова е изјава, која ќе треба да ја потпишете, се разбира одкога ќе ја прочитате. Ама, ете, пред да прочитате, јас накратко ќе кажам за што станува збор:

Ние овде, во џандармеријата знаеме дека припаѓаш на ова село, тукашен си и ги познаваш, не само жителите на ова, твоето село, туку и жителите од селата: Почеп, Волкојаново и Самар, а и тие тебе добро те познаваат. Ти имаш гоолем авторитет меѓу ова население, те почитуваат сите, твојот збор меѓу нив значи многу. Заради тоа, ние

сакаме тебе да те ангажираме да работиш малку и за нас, во интерес на нашата, па и твојата држава.

Познато ти е дека овој јазик што го зборувате во вашето село е забранет со Дектретот на нашата влада. Дека овој јазик не смее да се зборува на јавни места, не смее да се зборува ниту во домовите, на улица, ниту пак на собири, а Вие што правите, се себирате секоја вечер на гумното на Колъо Попов и тука не може да се чуе грчкиот јазик, освен тој Вашиот, ѓупскиот, од никој непризнат и гнасен јазик.Т. П. (Тука е местото каде ќе треба да се искористи и мислата на грчкиот мислител ХЕСИОД од п н.е. кој вели „Јазикот е навистина најголемото богатство на еден народ, ако тој јазик разумно се користи во разумна мерка.“ Од ова се гледа колкаво е значението на јазикот на еден народ,

Добро де, добро, тоа го разбрав, ама сепак сакам да прочитам тоа што ќе го потпишам и што,, всушност, ќе се постигне со мојот потпис.

- Добро де, еве, јас ќе ти прочитам.

Го зема напишаниот текст и чита:

-„јас долупотпишаниот Николас Маркос од с. Луковиц од денес па натаму ќе бидам лојален граѓанин на оваа држава, ќе ги почитувам правилата кои произлегуваат од законот за забрана на јазикот, а ќе придонесам преку мое убедување селаните да се откажат и повеќе да не го користат овој ѓупски, валкан и од никого непризнат јазик. И покрај тоа, ќе Ве известувам за оние лица кои даваат отпор и не го прифаќаат нашиот од светот признат јазик. И се задолжувам дека тоа ќе го правам под морална и политичка одговорност.

Колјо Марков, откако со нетрпение и морници по телото ја ислуша понудената изјава, длабоко се замисли и со голема воздржаност од евентуална избувливост, тивко и ладнокрвно одгори :

-„Јас оваа, вака формулирана изјава, не ја потпишувам“!

-Ама зошто, тоа не е толку тешко, потпиши се и готово. Во иднина ќе соработуваме во интерес на нашата и в ашата држава – Грција.

-Еве ќе ви кажам зошто. Дедото на мојот татко, мојот чукундедо, зборувал на својот мајчин, македонски јазик, а мојот секако, дека го наследил од чукун дедо на неговите претци

Таткото на татко ми, мојот дедо, зборувал на овој, нашиот јазик, на јазикот што го зборуваат жителите на селото Луковиц, како и околните села

Татко ми зборувал македонски. Јас откога знам, од пред да дојдете вие зборував македонски, децата мои зборуваат македонски исто како што зборуваат и децата во комшилакот. А јас на овие години да бидам шпион на оние коишто ги сакам на моите пријатели, на оние што имаат доверба во мене, нема да го потпишам тоа како што е напишано на таа хартија.

Началникот на џандармеријата, го фати бунило, неможеше да ги среди својте мисли, стана нервозен, да трепери неговото тело, поцрвене до ушите од неочекуваниот одговор. одвај дочека да се доискаже Колјо Марков, само што не крена рака,- вриеше од бес и со зачуденост, од неочекуваниот резултат, ќи крена рамениците!, немајќи друго што да каже, едноставно им нареди на неговите полтрони:

- оваа вечер да се стави во притвор, а утре, недела наутро, ќе се видиме пред црквата „Св. Параскева“, на јаворот.“

Таа саботна вечер, Колъо Марков е притворен, без никакво посебно образложение, без храна и вода и без да знае неговото семејство, ниту некои други од селото.

Другиот ден е недела. Црквата наутро се отвора, камбаната бие, жителите – верниците од селото се упатуваат кон црквата. Некои од џандарите се рашетуваат по дворот на црквата и на клисарот му пренесуваат информација да им каже на секој верник дека по богослужбата да се задржи во дворот на црквата, бидејќи ќе има настан со кој ќе треба да бидат запознати сите селани.

За време на богослужбата џандарите ја подготвуваат бесилката на хоризонталната гранка на чинарот што виси над патот од западната страна на црквата.

Истата вечер командирот на џандармеријата ја пишува пресудата што ќе биде прочитана пред граѓаните од ова село, со која се оправдува донесувањето на една ваква одлука за направен кривичен прекршок, вперен против интересите на државата.

Сé е подготвено:

Во точно определеното време, притворениот, Колъо Марков, со врзани раце зад грбот го носат пред поставената бесилка, до бесилката гори оган, над огнот поставено е тенџере во кое се варат јајца. Насобраниот народ се чуди што се случува во овој неделен ден. Во неделните молитвени денови, покрај луковци, на поклонение

доаѓаат верници и од соседните села, а и тие се интересираат што всушност се случува и што ќе се случи понатаму. Се подбуцнуваат еден со друг, а одговор нема.

Се канстатира дека луковци се собрани, а има и присуство од соседните села, и со нетрпение и негодување очекуваат што ќе се случува, зошто е тука комплетната џандармерија на чело со началникот на истата, кој во раката држи парче хартија, подготвувајки се да ја прочита пресудата.

Насобраниот народ го вперува погледот во центарот на настанот.

Командирот на станицата се јавува на сцената и се обраќа кон присутните:

„Денес **недела**, во оваа година, се собравме за заеднички да ја извршиме **пресудата над осудениот Никола Маркос о**д ово село, заради направен прекршок кој е вперен против интересите на грчката држава.

Ја чита пресудата:

„Никола Маркос се **осудува со посебен вид на извршување казни,** која казна не предизвикува смрт, како оние со стрелање или пак со бесење, ами казна за **предупредување**, дека друг пат нема да се повтори.(значи многу лесна казна, казна за предопредување).

Тој се осудува заради непочитување на законските прописи, кои се донесени од нашата влада. Не се откажува од јазикот кој е **забранет** со Декретот на Метаксас, ги поттикнува на ова зло дело и останатите селани да се однесуваат исто како него. Со ова ни создава неприлики нас кои треба да ѓи реализираме поставените задачи од

власта и тоа без никаква одговорност, без никакви отстапки.

Пресудата ќе се изврши сега, пред сите нас, за која не треба никакво претходно објаснување, а секако дека ќе предизвика предупредување за сите оние кои нема да ги почитуваат правилата на однесување кои важат за секој поединец во оваа држава.“

На **извршување**:

На едниот крај од ортомата, префрлена преку хоризонталната гранка на јаворот, го врзуваат Кољо Марков за нозете и го креват на бесилката со главата надулу. Присутните, набљудувачи се вчуденовидени, глетка која нема да се заборави. Некој се крсти, повеќето жени плачат, ама гласот не им се слуша, повеќето од присутните ги наведнале главите, и наместо да гледат таму каде се извршува дејствието, го свртиле погледот кон земјата. Просто се срамат за она што му се случува на нивниот соселанец. Други пак се подбуцнуваат еден со друг и со шепот си велат: „молчи оти ова не е смеа, маже и нас да ни се случи“.

Извршителите продолжуваат со својата задача: ги вадат јајцата од тенџерето со вода која врие од подметнатиот оган и му ги стават под мишките жешките јајца. Кољо Марков ги стега забите, шкртка со нив ама уста неотвора. глас не сака да испушти, храбро се држи.

Џелатите, ги вадат прво поставените јајца, му натураат сол на раните, а над солта додаваат други, уште пожешки јајца. И така редум, се редат јајцата под разранетите мишки на Кољо Марков. Тој, обесен со главата надолу, се движи (ниша)

налево, надесно, се поткрева нагоре, се спушта колку што изнесува неговата должина, ама глас не испушти. Присутните, гледачите и тие се тресат и се прашуваат: - „што толку лошо им стори овој човек на овие џелети,“ а жените колнат и ги проколнуваат:- аир да не видат, крвници, без душници, џелати, какво е ова насилство ниту е видено ниту е пак чуено“.

Овој грозоморен чин траеше сé додека Колъо Марков не падна под кома, во бесвесна состојба. Неговите мускули повеќе не функционираа, човекот е веќе полумртов.

Џелатите се повлекоа откога констатираа дека повеќе не вреди да продолжат со својата грозоморна активност, заради тоа што и нема никаков ефект.

По завршувањето на „претставата“ секој тргна по својот пат, но со огорченост во душата.

Неколкумина, најблиски негови пријатели го симнаа од бесилката и на носило го однесоа во неговиот дом. Без можност на некои начин да можат да му помогнат.

По неколку дена Колъо Марков ја испушти душата, и му ја предаде на Бога. Останува жителите на селото Луковиц да се сеќаваат на овај несекојдневен, страотан, настан.

Непостој веројатност, дека би можело, во завршните одредби во законот за забрана на употребата на македонскиот јазик во јавноста, да бидат предвидени такви драконски мерки, каква шо е применета над Колъо Марков. Освен парични казни, казни со затвор од неколку дена или месец. Меѓутоа локалната џандармерија, во овој случај луковската, си дозволи да изврши злостор без

преседан. Ваквии мерки во цивилизирани општества не се познати нити пак постојат. Постоеја само во Дивиот Запад.

Овој човек, Колъо Марков, заслужува посебно внимание и респект, не само за жителите од с. Луковиц, туку и пошироко, затоа што го даде својот живот, бранејќи ја својата национална припадност и својот мајчин македонски јазик. Заради неговата храброст, пожртвуваност и неколебливост, потребно е да му се даде посебна почит.

Под сенките на јаворот и портата на црквата „Св. Петка“, ќе дојде еден ден кога ќе ”изникне“ споменик со ликот на Колъо Марков, на кој ќе пишува: „ Овој е човекот кој го даде својот живот за одбрана на Македоннизмот.“ Во врска со ова и еден цитат од Ѓорѓи Абаџиев во „ **пустина“** „На хероите ликот секогаш им е чист и светол само ако тие се мртви,живите херои не се херои“

НАСТАНИ ВО СЕЛОТО ЛУКОВИЦ ДО 1940 ГОДИНА И ПО НЕА

Годината 1940 е значајна за жителите од с. Луковиц, за тоа што во оваа година се случи воениот канфликт помеѓу воените сили на Италија и Грција. Фашистичка Италија, како воен сојузник на фашистичка Германија,ѝ објави војна на Грција и во првите моменти имаше успех во напредувањето кон исток, во реонот на западниот дел на Егејска Македонија, со цел преку Грција,

Егејско Море и Средоземното Море да избие на Африканскиот континент.

За да се спречи напредувањето и да им се зададе противудар на италијанските сили, во Грција се спроведе мобилизација на резервниот состав, со оваа мобилизација беа опфатени и резервистите од с. Луковиц. За кусо време пристигнаа известувањата на лицата кои се опфатени во оваа акција, во истото известување е определено и местото каде ќе биде собирот на мобилизираните, а тоа е нивата на **Вртоп,** кај чешмата при влезот на селото. Исто така, во известувањето е определено и времето (денот и часот) кога треба да бидат на закажаното место.

Во овој закажан временски термин и место, се одзваа сите повикани резервисти, придружени од своите најблиски: мајки, татковци, жени, браќа и сестри. Сите се вознемирени. Не е смеа, не е игра, сите плачат, кои повеќе кои помалку, по некои ќе се јават како смирувачи, дека не е толку страшно, дека сето ово ќе помине и дека нашите деца живи и здрави ќе се вратат.

По кусо време, пристигнува еден воен офицер од Воден, придружуван со двајца, наоружани војници, со пушки и штикот поставен на нив. По неколку дадени објаснувања за целта на мобилизацијата и дека државата се наоѓа во опасност и дека треба истата да се одбрани од непријателот, кој пак сака да му бидеме негови робови. А пак, кога ќе се одбраниме ќе живееме во мир, слога и братство. памфлети колку што душата ти сака .

Και τωρα να μετρισουμε., να δομε πιοςο ειναι εδο, και πιος λιπι[1]. Кога се изврши прозивката и се констатира бројната состојба, се замолија останатите да се одвојат од групата, да се постројат и да се упатат во правецот на Воден.

Во овој момент глетката беше ужасна: плачења, силни лелекања и гушкање, војниците не можеа извесно време да ги одвојат мајките од прегратка на синовите, нити пак жените од своите мажи, солзи големи и густи како дождовни капки. Оваа агонија траеше сé до месноста **Врлија**, оддалечена од селото до два километри. Разделбата беше невидено и нечуено жалосна. Но на крајот заврши онака како што беше и замислена.

Мобилизацијата во с. Луковиц беше успешно извршена. Во Воден се изврши облекување и задолжување со потребната воена опрема. Отука право на првата борбена линија на грчко – албанската граница.

Покрај мобилизацијата на воените обврзници, извршена е мобилизација и на коњите, главната, анимална, работна сила. Во селото Луковиц не остана ниту еден коњ. Луковци се обезглавени, покрај со недостигот на машка работна сила, останаа и без коњите. За ублажување на овој недостиг од коњи луковци мораа да бараат замена за нив со магарења, кои одеа дури до **С'боцко** каде имаше добиточен пазар, тука на овој, мариовци ги продаваа магаријата..

[1] а, сега да се изброиме и да видиме кој е тука и кои фали

Мариовци, на овој пазар, не само што ги продаваа магаријата, заради неговата близина продаваа и друг добиток, како: овци, кози,крупен добиток: говеда, мазги како и млечни производи.

Заради недостигот на работна сила, од една страна, и големите даноци што луковци требаше да ги плаќаат на државата заради војната, од друга страна, наредната 1941 г. се појави голем глад (општо е позната старата пословица: - што ќе посееш тоа и ќе пожнееш), а бидејќи луковци немаа можност нешто да посеат,В затоа и ништо немаше што да ожнеат.

Битките на бојното поле и понатаму се водеа помеѓу грчките и италијанските армии на албанската граница, Македонците се на првата борбена линија, се борат крвнички и надевајќи се дека после победата ќе ги добијат сите права за заеднички и пријателски живот помеѓу двата народи, готрчки и македонскиот.

За еден ден да го чуеме силниот одјек на селската камбана, чука ли чука, без прекин, луковци се во неизвесност, дали да одат в црква или пак да го напуштат селото. Вакво чудо досега не доживееле.Ваков начин на биење на камбаната досега непамтат. За по некое време да се чуе гласот на камбанаристот: Τιν πιραμε τιν Κοριψα (ја завзедовме Корча) Големо славје, радост ни чуена ниту пак видена. Сите селски и градски комбани бијат со несмалено темпо во цела Грција, и во најмалите села, за големата победа над Италијанците.

Со ова, Италијанските војски беа задржани на грчко – албанската граница, но не за долго време. Кога грманската машинерија од 06. 04 1941 год. ја

претрча територијата на Србо – Хрватите и Словенците (бивша Југославија) и пристигна на грчката граница негде околу 08.04.1941 год. Грците се откажаа од понатамошните активности со Италијанците. И, од страв од големата наезда, се дадоа во бегство, исфрлајќи го оружјето за да не им тежи. И така обезглавени се враќаа војниците по своите домови. Во оваа војна луковци дадоа една жртва,

Во тоа време, челниците на грчката влада: царот Павле, премиерот на владата, стариот Папандреу. Некои министерчиња заедно со нивната свита, се дадоа во бегство преку Егејското Море и Средоземното Море се упатија кон Алесандрија во Египет за да го спасат својот живот, напуштајќи го бродот кој почнал да тони. А Достоевски на ова ќе каже: „Кога бродот почнува да тоне, прво глувците го напуштаат“ а на ова истото Хинри Барбис во својот роман „**Огин“** ќе каже **„**Има пребогати луѓе кои велат: треба да ја спасиме државата,ама прво да го спасиме својот живот,да се спасиме себеси“

Во Грција, во оваа време, во времето на Втората светска војна, настана хаос, големи нереди, се создадоа голем број на партии кои беа уперени против окупаторот, а и партии блиски со окупаторот.

Најпозната партија која работеше во интерес на Германците беше Пауџиската партија, најголемиот противник на комунизмот, особено против македонизмот, Македонците ги сметаа за „бугарски комунисти“. И како такви ги претставуваа пред Германците.

ЕЛАС (Народно ослободителна армија на Грција) беше најмасовната партија која борбено делуваше против окупаторот, беше добро наоружена и имаше слободна територија, главно на планините од Егејска Македонија.

Борците од оваа партија, во почетокот беа само Грци, за подоцна да се вклучат и македонски борци. Друга партија беше ЕАМ (Национално ослободителен фронт). Имаше и др. Партии како: КОЕМ, АФЖ, н ОМС (Народно ослободителен Младински Сојуз. Види историја од Ристо Кирјазовски – Народно ослободителен фронт и други Организации во Егејска Македонија 1945 – 1949г.ст.393. Вброена тука и КПГ (Комунистичка партија на Грција), Нуту една од наброените партии не земаа јасен став за решавање на македонското прашање, ами го оставаа за решавање во некое друго, идно време.

Од сето ова, Македонците, особено жителите на селото Луковиц, не видоа, нити почувствуваа некои позитивни резултати. Секако, придобивка претставуваше (со доаѓањето на Германците) што се спасија од: малтретирањето, теророт и насилствата што ги вршеше над нив грчката џандармерија.

Уште еднаш ќе го спомнеме злосторот што беше извршен над Кољо Марков. Како случај што не треба никогаш да се заборави. Има една израка, како препорака од еден југословенски писател кој вели : „Каде јас застанав, продолжете Вие“. Таков беше случајот и во с. Луковиц. Каде што застана Кољо Марков со неговите идеи продолжија неговите следбеници, од с. Луковиц :

Кољо Попов, Ѓорѓи Трајанов, Наси Биширов, Пени Матев, Ичо Шанков и др. Сите горномалци.

Куќата и гумното на Кољо Попов се наоѓа токму во центарот на селото. Иако средселото по локација припаѓа на долно малци, тие не можат да го претставуваат селото, заради тоа што се помалку на број (само десетина куќи) горно маалските семејства се во значителен, поголем број од долномаалците.

Сл.11. Гумното на Кољо Попов, непостојат остатоци од куќата.

Приложената фотографија го претставува гумното на Кољо Попов, каде може да се види една поголема површина на која израснала трева, по краевите капини и коприви, а некаде во средината расфрлани приклучни земјаделски машини, на неговата јужна страна израснато повеќегодишно, дрвенесто растение

Сл.12. Гумното, снимено под друг агол.

На приложената фотографија, покрај што се гледа дел од гумното, можат да се видат и узурпираните делови од гумното на кои се посадени дрвореди а и поткрепени со бетонски ѕидови. Меѓутоа најважно што треба да се истакне со оваа фотографија е сокакот кој почнува од **Копривката кај Долна Маала и** завршува на **Балабанова Нива**, кој сокак го дели селото на северна и јужна половина. Овој податок се истакнува за да се има предвид маршрутата што ја правеше џандармеријата во приквечерните часови, со задача да се види дали на гумното на Кољо Попов има собир на селаните и што во главно се дискутира, Политички теми или теми од земјоделието или пак се тие некои неврзани муабети.

Улогата на гумнот главно се знае, поготово ако во неговата средина е „насадено“ стежар. Меѓутоа, на ова гумно, покрај што се вршеше, се одвиваа и други активности, не само заради место положбата, туку и заради просторноста, како по ширина исто така и по должина, но нај многу заради дружељубивоста помеѓу селаните

На неговата југоисточна страна, имаше поставена долга греда од околу 4 метри, потпрена на три трупци, по еден од по страните и еден во средината на гредата. Гредата ја играше улогата на централно место, каде се разговараше, местото каде се носеа одлуки и решенија за доброто на селото.

Во гумното имаше место за сите, како за децата, за младината, како и за постарата генерација.

Децата ги играа своите безгрижни детски игри во текот на денот, затоа што немаа некои други, посебни задолжувања. Младината, машка и женска се собираше на ова гумно, најчесто во празничните денови, каде со Наси на Шанковци со гајдата и Таши на Матевци со тарабуката ги пееја македонските песни и ги играа македонските ора.

Повозрасните, над 40 год., имаа други проблеми, индивидуални, фамилијарни, меѓусебни па и селски. Преку летниот период, скоро секоја вечер на гредата можеше да се забележи мала група на мажи кои дискутираат по некоја тема. Некогаш и повеќе, а некогаш и дваесетина и повеќе, ако е тоа проблем на селото.

Д е т с к и и г р и

Децата од селото Луковиц, на возраст од десет до петнаесетина години, без никакви обврски и без грижи, во добри временски услови, секогаш се сретнувавме на гумното на Колъо Попов, бидејќи тука условите за игрите кои ги игравме беа најповолни. Широк простор, куќи далеку една од друга, нема прозорци, само да се одбере играта. А ги имавме на располагање: **бишката,скалаваки, кленза (челик чомак) и долга магарицас**

Бишката: Оваа игра наликува на модерната игра хокеј на мраз. Меѓутоа ние ја игравме на сува земја.

На круг со дијаметар (што ќе зависи од бројот на играчите) по кружната линија се ископуваат дупки, една помалку од бројот на играчите. Без дупка (котар) е тој кој ќе ја пасе бишката и ќе треба да ја затвори во некој од котарите на соиграчите. Потребна е една лимена кутија и секој играч располага со стап долг околу 0,70 м. Во почетакот секој играч со стапот ја брани сопствената дупка, а бишкарот тргнува од центарот на кругот, тераќки ја бишката со стапот кон било која дупка. Ако успее да ја мотне во некоја од тие што ги бранат своите дупки, тогаш се менуваат улогите, бишкар станува тој што не успеал да се одбрани.

С к а л а в а к и: Станува збор за завојување на два табора на бојното поле. А во војната има заробеници, како од едниот, така и од другиот табор, па се јавува потреба од ослободување на

заробениците. Таборите, екипите, се поставуваат на определена далечина една од друга, од околу 30 до 40 м. И нивниот број може да биде 8 до 10 членови. Значи, бројчено еднакво се застапени, просторот каде се одвива дејството е поделено со демаркациона линија, значи на половина од 40–те метри. Секоја екипа со определен број играчи слободно може да се движи во својата половина. Затворот на своите заробеници се наоѓа на другата територија, на околу 3 метри, покрај десната или левата ограничена површина на секоја од екипите, а е претставен со еден поголем камен на кој седи затвореникот и чека некој од своите играчи да биде ослободен. Ослободителите слободно шетаат на својата половина, зад демаркационата линија и изненадно можат да ја преминат и да дојде до затвореникот, доволно е само да го допре со рака и заедно да преминат на својата територија. Меѓутоа, ако евентуално ослободителот биде фатен од бранителите, тогаш и двајцата остануваат заробени. И така играта продолжува сé додека целата екипа од спротивниот табор не биде заробена.

К л е н з а или **челик – чомак**: Кленза се игра помеѓу двајца играчи, а може да има повеќе набљудувачи. Од прибор им е потребно да располагаат со едно стапче со напречен пресек од 2 – 3 см, и со должина од 60 – 70 см,. како **челик** и едно дрвце, со должина од 25 см, И со истиот напречен пресек како **чомак, с**само ова дрвце на неговите краеви е косо засечено. Играта не би можела да се игра во населено место.

По договор, првиот играч од договореното место го зема чомакот во едната рака, а во другата го држи челикот. Вториот играч се оддалечува на определено растојание, во кој правец ќе биде исфрлен чомакот. Првиот играч го исфрла чомакот од раката и со челикот го удира со саканата силина, ако вториот грач го фати во лет чомакот, се менуваат улогите. Доколку чомакот не е фатен, тогаш вториот играч со фрлање го враќа назад, сакајќи да падне што поблиску до хоризонтално поставениот челик. Ако тоа растојание е помало од далжината на челикот првиот играч го губи сетот. Улогите се менуваат. Доколку пак тоа растојание е поголемо од должината на челикот, првиот играч го поставува чомакот, на погодно место и со челикот при отскокот, го удира со цел да го исфрли што по далеку. Ова растојание сега се мери со должината на челикот. Колку должини толку поени. По сето ова се почнува од почеток.

Долга магарица: Се игра со повеќе играчи - 6 до 10 учесници. Се делат во две групи во подеднаков број. Со помош на здребење се определува која група прво ќе ја има улогата на магарица, со што и почнува играта.

Еден од играчите, претставник од првата група, застанува простум, потпрен со грбот на некој тврд, неподвижен предмет, сид, дрво или слично нешто на тоа. Останатите тројца или четворица се наведнуваат и ги стават главите меѓу нозете на својот претходник и се спојуваат со потпреният на сидот. И така е формирана магарицата. За да не падне магарицата, да биде постабилна, секој

следен се држи со рацете за нозете на секој предтходник.

На ред се јавачите, скокачите: првиот се затрчува и го прави најголемио доскок и гласно викнува: јас сум првиот!, скокнува вториот и вика: носам гранка со цвекиња,! третиот скока и вика: добро ја дотеравме,! четвртиот скока и вика ќе ѝ ставиме и самар и сите гласно пеат: ќе ја однесеме на пазар и ќе ја продадеме за едно кило овез.!

Ако магарицата за сето ово време не подне, не клекне од тежината, се менуваат улогите, а и ако падне некој од јавачите пак ги менуваат улогите. Вака гледано играта може да трае во недоглед

Додека ние, децата, безгрижно се забавуваме и ги игравме нашите омилени игри на гумното на Кољо Попов, повозрасните, на истото гумно, само наседнати на хоризонтално испружената греда покрај гумното, соочени со проблеми од сегашноста кои набрзина се менуваат, а се навраќаа и на минатото, правејќи споредување со минатото и сегашноста, а и иднината која ги очекува, доаѓаа до заклучок дека бел ден не виделе, а не очекуваа во блиска иднина да дојде таков ден.

Оваа го поврзуваа со еден настан кој се случил пред 1940 година, на ова истото гумно, а се раскажуваше во повеќе наврати меѓу жителите на селото. Така стана традиција, како интересен настан да се предава од генерација на генерација се до сегашната генерација.

Случајот не бил изненадувачки, впрочем, џандармеријата ово гумно секоја вечер го контролираше, со постојаната патрола, која

движејќи се по сокакот од **Балабанова Нива,** минувајќи покрај г**умното** па се до средселото, каде се црквата и селското училиште. За на крајот во џандармериската станица да направи писмен извештај за состојбата во селото од оваа вечер.

И така се слочило: насобрани повеќе лица наседнати на „клупата" разврзале меѓусобен, неформален, разговор на кои што му се случило во текот на овој ден, при извршењето на добиените задачи од претходниот ден.

Некој кажува како, орајќи на нивата, му се скршило ралото, - и се чудам, вели, некаде во средината на нивата запнува ралникот, запнуваат воловите за да го извлечат, ама тешко, не оди. Тогаш го употребив остенот на едниот и на другиот вол. При второто напињање на воловите, ралото ми остана во рацете, а воловите ми избегаа. Се создаде смеа меѓу присутните. Сепак случајот е интересен и не секојдневен, но орачот остана без рало.

Се јавува друг, кој ги пасел овците тој ден на трлата кај **Биково Губре и** изненадно му се појавил волк од габеровата шума. И со голема тага раскажува како единствената коза што ја имал во стадото од овци, волкот ја фатил за вратот и ја излечкал во шумите на **бомбацина** (еден од четирите планински врвови во овој простор) За некои од присутните ова им беше смешно, но некои го сожалуваа, заради единствениот примерок во стадото од овци.

Разговорот се водел на македонски јазик иако беше забранет со познатиот Декрет од 1936 год. Во меѓувреме, еветија патролата, од кај **Балабанова Нива,** се приближува кон гумното.

Двајца џандари чекорат со маршевски чекор, се приближуваат до масата селани. Од македонскиот јазик трага нема. Се почнува на грчки, Тие што го знаат го продолжуваат разговорот на грчки јазик и ги очекуваат да пристигнат претставниците на власта (џандарите) Καλιστπερα κιριες (добра вечер Господа) присутните едногласно одговараат со истиот збор καλιστπερα. Разговорот го продолжуваат само тие што го знаат грчкиот јазик. Меѓутоа еден од присутните има интересен настан што му се случил во текот на денешниот ден, ама не може да го образложи заради тоа што не го познава добро грчкиот јазик. А тука се оние кој нај ригорозно ги малтретираат и казнуват, тие што ќе бидат затеккнати да зборуваат македонски.

Покрај сето натегање, на крајот го кандисале да ја каже и тој својата приказна без оглед на џандармериското присуство, и почнал:

-Денес бев сто χοραφι (денес бев на нивата) στιν Арапова Нива (на Арапова Нива). Арапова нива се наоѓа во средината на шумата на северниот појас од сртот на место викано **Кулата** источно од селото. - Νατιν καθαρισο од капините (да ја исчистам од капините) - Оти αβριο πρεπι да ја изорам (оти утре ќе треба да ја изорам) - откога τελιοσα τιν работата (кога ја завршив работата) -, се качив сто σαμαρι στο αλογο (се качив на самарот на коњот) - со двете ποδια од истата страна (со двете нозе од истата страна на самарот)- Вјавајќи ετσι αποτιν ακρι στιν μεγα κε απο λιγο σβириζα (вјавајки така покрај меѓата, а по малку и си свиркав) - αμεσος буф μια мачка απο тιν μεγα (наеднаш, изненадно скокна една мачка од

меѓата) - Буф κε το αλογοτ (се исплаши и се растрча коњот по меѓата) - εδο, εκι θα πεβτο, τα σκοθοτο (тука, таму ќе паднам, ќе се отепам) - Бериќат ενα ΄τσοκοναρι ζακαчιπσε γιατιν στρμνα (бериќат една пенушка се закачи за стрмната) - σταματισι το αλογοτ ι τακα γλιτοσα τι ζοι (застана коњот и така се спасив од смртта).

Присутните џандари нешто разбраа, суштински ништо, ги слушаа само грчките зборови, но реченица не можеа да состават. но затоа се создаде громогласно смеење од присутните, И на вистина имаше зошто да се смеат, половината зборови македонски, другата половина грчки. На крајот џандарите беа принудени да прашаат: - Τι λει, τι λει αβτος ο τρελος? (што зборува, што зборува ова будаличка. Еден од поотраканите луковци им одговорил: -Ти леј, Ти леј. **Три леи** прават еден **погон.** Се огласи уште едно, но сега уште послатко смеење.

Џандарите, нога за нога го напуштија гумното, а луковци останаа задоволни од тоа што им го приредија на овие „демократи“

Каков беше утрешниот помин во џандармериската станица, го знаат само луковци.

Ете, под таквии околности беа поставени жителите од селото луковиц, но не само тие, туку и во сите села и градови се пееше истата песна, која ја искомпонира познатиот Метаксас во својот **декрет. Да имаш глас, а да изиграваш дека си нем, да слушаш тоа што не сакаш да го чуеш.**

ОДНОСИТЕ МЕЃУ ЛУКОВЦИ И ДРАГОМАНЧАНИ

Северно од селото Луковиц, на три до четири километри, се наоѓа селото Драгоманци. Ово село за време на Турската Империја па сé до 1924 год. беше населено исклучиво со чисто турско население, додека пак луковиц со исклучиво македонско население. Жителите на овие две села, иако од различна националност (според кажувањата на постарите) живееле мирен живот, без никакви недоразбирања и никакви конфронтирања на етничка основа. Драгоманчани немаа алтернативен пат за да одат на пазар во Воден, освен овој, единствениот кој минувал низ средината на с. луковиц, како при одењето во градот така и при враќањето, тоа се вршело како ништо да не се случува помеѓу овие два различни народи .

Такви биле односите сé до 1924 год. кога со договорот постигнат помеѓу Турција и Грција за размена на населението, Драгоманци од чисто турско село премина во грчко, не само што се мена етничкиот состав, туку променето му е и името од Драгоманци во **Απσολον.**

Од наведената дата, пак наваму се менува состојбата на меѓусобните односи помеѓу овие две различни националности, но сега помеѓу Грци – Маџири, од една страна и Македонци, од друга страна.

Нетрпеливоста не се јавуваше помеѓу маџирите доселени во с. Луковиц (кои ги имаше околу 80 – тина на број, наспроти 280 Македонци. Овие Маџири беа познати уште и како Понди со дриги

особини и карактери од Маџирите од Мала Азија. Нивниот однос беше потолерантен, па затоа и џандармеријата не им беше толку наклонета.

Омразата помеѓу овие две националности се чувствуваше помеѓу жителите на с. Луковиц – Македонци и жителите на с. Драгоманци – Грци. Нетрпеливоста ја подгреваше самата власт, со тоа што ја имаа нивната поддршка во секој поглед. Прво, ги третираат како лојални граѓани, второ како граѓани од прв ред, трето сите раководни функции им ги даваа на Маџирите, Македонците ги третираа како покорни граѓани, кои треба да работат, да ги плаќаат даноците и да бидат послушни на она што им се диктираше.

Оваа дискриминација најочевидна беше со одгледувањето на тутунот, која култура е нај доходовна и од неа може добро да се заработи.

Драгоманчани ја имаа таа привилегија да ја одгледуваат оваа култура, додека на луковци не им се дозволуваше, со мотивација дека тие не се квалификувани и немаат доволно познавање, па ќе проиведувале неквалитетен тутун. Во тоа време тутунот беше строго забранет и не можеше секој да го произведува, а со тоа се спречуваше и нелегалната трговија со тутун.

Оваа дискриминација длабоко ги иритираше луковци и на секој начин сакаа да им се одмаздуваат на драгоманчани. Единствена шанса што им се укажуваше, барем малку да им запретат, тоа беше единствениот пат кој минуваше низ селото за да може да се отиде во Воден на пазар.

Пазарџиите, во саботните денови, обично со магарења, мораа да поминат низ селото. Децата,

подучени од постарите, фаќавме коњски муви од под задните нозе на коњите и им ги пуштавме под задните нозе на нивните магаринја. Магаринјата тоа не можат да го поднесат, се толку иретирани што почнуваат да трчаат и да скокаат, а јавачите да попаѓаат, особено жените, или пак да им се прават барикади на определени места за да им се отежне патувањето. Оваа пракса се повторуваше и при враќањето од пазарот.

Ваквии постапки се применуваа континуирано, особено во саботните денови. На драгоманчани ваквиите сцени им нанесуваа неспокој и немир и во секое време чекаа момент кога ќе им се даде прилика да можат да се одмаздат. И навистина, тоа не траеше долго време. Ја дочекаа 1942 год.

Во првата декада од месец април (осми или деветти) 1941 год. кога на свиокот кај **Врлија** се појави германската колона составена од моторни возила, запрежни коли и чета германски и италијански војници, по макадамскиот пат изграден во 1938 год. за кусо време стигнаа до чешмата пред селото. Тука застанаа да се одморат, да се разладат со студената вода и да ги напојат мазгите. **Некои наседнаа на кус одмор по меѓите на Вртоповата Нива.** Ние децата, на возраст од 7 – 10 год., истрчавме кон чешмата, токму тука каде се одвојува патот за влез во селото. Наседнавме на резервоарот за вода и слушаме џагорење на матарките кои се полнеатсо студена вода. Слушавме и говорење- џагара, магара, ама ништо не разбиравме, ни остана во сеќавање зборот љуз, љуз.

Одморот не траеше долго време, се прегрупираа и тргнаа во правецот на **Мегленската**

котлина, а нивната последна дестинација беше јужната падина на **Кожув планина н**а која се растурени селата: **Горно и Долно Пожарцко, Лагунци, Нте, Фуштани, Зборцко, Струпино и** некои помали села.

Додека на северната падина од планината **Кожув с**е наоѓаат селата: **Ржаново, Рожден, Мрежичко, р**еката **Бошавица** и др. кои припаѓаат на **Кавадаречко Мариово.** Овој предел, во ова време, беше окопирано од бугарскиот окопатор. Германија, централниот Егејски дел на Македонија го подели со грчките квислинзи.

НАСТАНИ ОД 1941, 1942 И 1943 ГОДИНА

Грчката селска џандармерија го напушти с. Луковиц, пред да пристигнат Германците во селото. Тоа никој не го забележа, веројатно ноќта пред еден ден. Не постоеше можност да бегаат по патот – џадето кој води кон Воден, затоа што од тој правец се очекуваше да пристигнат Германците. Најверојатно го одбрале правецот на исток од селото по долината на реката **Луковка к**оја завршува како десна притока на реката **Мегленица** кај селото **Νεα ζοι** (Нов Живот) оттука па натаму трагата не им е позната.

Од овој ден, откога си замина селската џандармерија од селото, а Германците пропатуваа низ селото во правец на **Мегленската котлина,** луковци се најдоа пред друго, ново, искушение, нов предизвик. Досегашното ропство ќе биде, заменето со друго, а какво ќе биде ќе

остане за во иднина да се види. Избезумени, растревожени, за следен пат да се соберат во гумното, на долгата, копривкова греда, за заеднички да донесат решение како ќе треба понатаму, во новите услови, да се однесуваат.

Во ова приквечерие не требаше долго време да се чека, за да стане собирот помасовен, имаќки го во предвид значењето на настанот.

Откако се собраа во значителен број, секој поединечно го кажа своето лично мислење.Прво се констатира општата состојба, дека ситуацијата во која се наоѓаме не е едноставна и дека со што понатаму ќе се соочуваме, исто така, не ни е познато. Затоа ќе треба трезвено да размислиме какво ќе биде нашето однесување со новите окупатори.

Од сите искажувања можеше да се очекува дека ќе се донесе одлука која ќе биде прифатена од сите присутни, и од оние кои од оправдани или било од кои прични не се тука. Донесената одлука е конструктивна, дека треба да бидеме мирни, да не креваме високо глава, оти високо кренатата глава лесно може да биде отсечена, а дека ќе бидеме под друго, туѓо ропство тоа е неизбежен факт. Значи, ќе бидеме мирни и ќе се однесуваме како ништо да не се случило, секој ќе си ја гледа својата домашна работа.

На секои вакви собири едногласност не може да се обезбеди заради тоа што секој има свое лично гледање на појавите или настаните и настапува со свои тези и ги брани истите, но мнозинството го прави легитимитетот на одлуката.

На ваквиите состаноци секако дека ги има и кодошите на кои им е во крвта всадено да шпионираат и информациите да ги пренесуваат на трети лица.Такви шпиони доушници имаше и во селото Луковиц. Вакви и слични одлуки беа пренесувани до најголемиот, злогласен шпион во селото **Фереа**, селски домазет, натурализиран луковец од 1938 год., по националност Грк.

Овој човек просто го растури селото со својот антимакедонски став, информациите кои ги добиваше од доушниците ги предаваше во џандармериската станица. За таа цел имаше и отворено своја картотека – досиеја за секој жител од селото за кој сметаше дека претставува потенцијална опасност по политиката која ја спроведуваше грчката влада. Неговото делување и соработката со џандармеријата траеше подолго време, од пред доаѓањето на Германците, за време на германската окупација, а најжесток беше ва времето во 1945 год. па сé до 1948 год. кога беше ликвидиран од НОФ.

Прв на ранг листата во неговата картотека беше поставен Кољо Попов, по него Ѓорѓи (Гонта) Трајанов, па понатаму како што следуваат: Ичо Шанков, Наси Биширов, Пени Матев, Борис Димов, Мици Вндов и др.

Гореспоменатата германска единица која помина низ селото, некаде 09.04.1941 год. и се упати во правецот на Мегленската котлина, со цел окупирање на оваа територија и контрола на јужните падини на Кожув планина, како и контрола на источниот разгранок на планината Ниџе – Кајмакчалан. Тука, во г. С'ботцко, се стационира,

каде ги реализираше сите воени активности кои ѝ беа поставени како задача. Снабдувањето на оваа единица со храна и други воени материјални средства се вршеше со возила од Воден минувајќи низ с. Луковиц и кањонот **Лошиот Дол,** северно од селото, на оддалеченост од 2 км., кој теснец секогаш преставуваше опасност за напад од партизанските единици на **Е Л А С.**

Во ова време во Грција се формираа голем брои на партии за отпор против фашизмот и поголемиот број на тие партии го имаа предзнакот народни, ослободителни и демократски. Една од тие партии беше и ЕЛАС (Грчка народно ослободителна армија), која беше една од поголемите и подобро наоружени партизански формации. Во неа, во првите моменти учесници беа само Грци, а подоцна се вклучија и Македонци кои од порано биле вклучени во КПГ. Како, на пример Мирка Гинова, Христо Андоновски, Вангел Ајанов, Ајановски Ташко, Керамитчиев туши и др. Овие луѓе, па и други во првите моменти имаа голема доверба во партијата, и очекуваа дека после ослободувањето од фашизмот ќе придонесе за слободата и правата на македонскиот народ.

Со формирањето на ЕЛАС, луковци требаше да заземат свој личен став. Се појави потреба за уште едно заедничко состанување на гумното на Кољо Попов. Заедничкиот заклучок гласеше: луковци во овие грчки партизански организации нема да земаат учество, поради познатите причини: бесењето на Кољо Марков, забраната на употребата на македонскиот јазик,

малтретирањето по различни основи, нарекувајќи не́ „Бугари“, употребувајќи други казни, напивајќи не́ насилно со рициново масло, чарење на јазикот со коприви и др. Покрај ова, ако земеме учество во овие партизански единици, нема да ни дозволат да го зборуваме нашиот мајчин македонски јазик за кој и досега бевме казнувани. На ова собирање беше кажано уште еднаш дека ние Македонците не можеме да бидеме ортаци со Грците, поарно е со ѓаволот да се соортачиме отколку со Грци.

Секако дека овој став на луковци од доушниците е пренесен до главниот шпион на селото Фереа, а тој во своето конто и бележник регистрира уште еден податок.

Ваквата одлука на луковци беше примена од страна на драгоманчени, со голем револт, бидејќи значителен број на жители од селото Драгоманци имаа земено учество во единиците на ЕЛАС, а овие истите драгоманчани луковци ги смеетаа за бугараши, заборавајќи ги насилствата што беа применети од страна на грчката џандармерија над недолжните луковци. Непостоеше никаква соработка помеѓу овие две села бидејќи се разликуваа по етничка основа. Поради сето ова меѓу овие две села соживотот беше под критична точка. Секогаш постоеше тензична состојба и секој на секого настојуваше да му нанеси што поголемо зло, макар и до уништување.

Секирата секогаш во овие времиња беше поблиску до Драгоманчани, до Маџирите кои бараа начин како и кога ќе се создадат услови за тотално уништување на овој народ и бришење од

топографската карта на селото Луковиц. Принципот на Германците им беше познат: за секој убиен германски војник се стрелаа стотина од спротивната страна.

Овој германски принцип им беше познат и на Луковци - добриот глас брзо се шири, а лошиот уште по брзо. Случајот во Крагуевац – Србија, на Шумарица, каде беа убиени стотина гимназијалци за еден убиен Германец, (ова беше познато бидејќи на една жена по име Гица Јурукова – од г. Воден беше убиен нејзиниот син единец како средношколец во таа гимназија).

Во случајот со с. Луковиц требаше да се изготви добро изрежирано сценарио, како тоа ќе се изведе за да биде успешна акцијата за ликвидирање на селото, заедно со неговите жители, „Бугари“

Сценариото го изрежираа воените стратези на ЕЛАС во соработка на Драгоманчани во месноста **Криминица,** во реонот помеѓу селата Почеп и Луковиц, на локација со густа дабова шума (токму тука каде беше заробена хероината Мирка Гинова). Не е исклучено мислењето, дека при подготовката на сценариото учествува и **Фереа**, луковскиот шпион.

Акцијата треба да се изврши во месноста **Лошиот Дол** во непосредна близина на с. Луковиц. Во акцијата учествува еден партизански вод на ЕЛАС-совите единици, кој треба да постави заседа на споменатиот теснец, добро наоружена со автоматско оружје и минофрлачи. Заседата е поставена во форма на потковица, од двете страни на џадето. Се чека

наредниот ден во договорениот термин Германците да ја поминат оваа делница од патот.

Се случи во мугрите на 26.12.1943 год. кога германскиот конвој од три возила натоварени со храна и други материјални средства, со посада од шест војници, се упати од градот Воден кон градот С'боцко, минувајќи низ селото Луковиц да налета на поставената заседа на Лошиот Дол. Направена е голема материјална штета, опожарени се возилата и убиени шест германски војници.

Во периодот пред овој пеколен настан жителите на с. Луковиц деновите ги минуваа вообичаено, завршувајќи ги нормално своите домашни обврски како и другите задачи што им преставуваа неопходност во нивниот живот, неочекувајќи ништо по различно од изминатиот ден. Меѓутоа едно е да не очекуваш, а сосема друго е неочекувано да ти се случи настан од такви размери.

Тој, утрешен ден за луковци беше фатален, се разбудија исплашени, вџашени, слушајќи ги зачестените митралески истрели, звуците од експлозиите на гранатите и на крајот, поради близината на настанот, се почувствува и мирисот на барутот.

Луковци беа избезумени и исплашени не знаејќи што всушност се случило. Се создаде џагор низ селото, се раздвижи целото население, стари и млади распрашувајќи се еден со друг.

На крајот се разнесе информацијата дека на **Лошиот Дол** е извршена блокада на конвојот

германски возила што се движат од Воден во правец на С'боцко.

Знаејќи ги принципите на Германците: за еден убиен Германец стотина од овдешното население, направената пресметка покажа дека за шесте убиени Германци не е доволен вкупниот број на жители од селото и заради надополнување на таа бројка, ќе гори и селото.

Се појави потреба, веќе трет пат по ред, да се соберат сите возрасни од машки пол на **ГУМНОТО за да се договорат** „кој пат ќе го фаќаат“ во оваа незгодна и лоша ситуација, која им ја наметнаа **Драгоманчани** со учество на партизанските единици на ЕЛАС.

На состанокот се разви жолчна дискусија, со некоја висока напнатост на учесниците во изнаоѓање решение, што понатаму. Паднаа повеќе предлози, некои заслужуваа внимание, а некои уште во стартот беа одбивани како неприфатливи заради тоа што не нудат добро решение.

Еден од предлозите беше: Мажите да го напуштат селото и да се упатат кон планинскиот врв **Кобилица.** Предлогот не се прифати поради два аспекта. 1. Ако мажите го напуштат и заминат на Кобилица, тоа е исто како да се приклучиле со ЕЛАС или уште полошо-да станат нивни жртви.

2.После бегството на мажите, што ќе се случи со жените, децата и старците, а и опстанокот на селото ќе биде во прашање.

Се прифати предлогот: **да бидеш или не** (да останеш жив или да загинеш). Дека селото нема да биде напуштено ниту од еден маж со зборови-

те: ако се гине, има да загинеме сите, а можеби ќе се спасиме сите, а со тоа и селото ќе го спасиме. Овој предлог беше прифатен од сите присутни.

Ако нападот на Лошиот Дол беше извршен некаде околу четири часот наутро, после три часа во селото пристигна една чета германски војници, која го блокира селото,со еден дел од вијниците, а останатиот дел војници, со ножевите на пушките, се пуштија по куќите како бесни тигри, извлекувајќи ги мажите од своите домови. Притоа можеше да се чујат зборовите љуз, љуз, сакраменто, упатувајќи ги во неизораната нива под селото викано **Вртоп.**

При собирањето немаше никаков избор по возраст, туку секој за којшто сметаа дека може да држи пушка во рака го приведуваа од својот дом.

Сл. 13. Нивата на Вртоп каде ќе се извршеше егзекуцијата на Луковцци, во тоа време ги немаше овие челични огради, нити пак изградените објекти во позадината

Тука на Вртоп, имаше одделение кое ги прифаќаше приведените и за неполн час беа собрани сите мажи од 17 па сé до 70 год. Жените во бессвест, си ги кубеа косите, плачеа на висок глас, мислејќи на најлошото, дека ќе бидат убиени нивните мажи и синови. Што ќе правиме потоа, кој пат ќе го фаќаме, поарно е и ние со нив да загинеме.

Околу насобраните заробеници, како во трло затворени, а околу нив на три места поставени на постамент митралези и се очекува моментот кога ќе се даде наредба за активирање на митралези.

Времето вртоглаво минува, напнатоста се зголемува, се очекува најлошото, да се чуе пукај. Тоа е и последниот чин.

Германците не дозволуваат поблизок пристап на жените, кои сакаа да дојдат што поблиску до своите ближни.

Во меѓувреме се води дипломатска активност за докажување, дека селаните од ова село немале никаква врска, нити пак поврзаност со случајот Лошиот Дол. За оваа цел се формира одбор – екипа од три члена во чиј состав влегоа: Кољо Попов, Ѓорги Трајанов и Ичо Шанков. кои отпатуваа во Воден, во Главниот штаб на Германците, за да ја докажат невиноста. И дека тоа е режиран трик на Драгоманчени.

Тука, во Воден, се среќаваат со некојси Калчев, кој добро го владеел германскиот јазик, на кој му го објаснуваат целокупниот случај, а овој се заложил дека ќе се ангажира и дека ќе настојува случајот да се реши позитивно.

Во Главниот штаб се докажуваше дека селаните од ова село немат никаква врска со Еласитите, а најголем и најдобар доказ е тоа што сите мажи од оваа село за време на настанот биле дома. И по долго натегање се докажа вистината. Дека овој злостор е направен од единиците на ЕЛАС. И дека е тоа инсинуирана наместенка со единствена целе, да се уништи селото и жителите во него.

Формирањето на тричлената екипа не беше залудна, се постигна солуција, со тоа што приведените ќе бидат пуштени по домовите за определено време (време од два часа) да ги извршат своите физиолошки потреби, а потоа да се вратат на ова место во полн состав. Што значи да не фали ниту еден од претходниот број. Така и се случи. Се спасија животите на селаните, а и селото остана неопожарено.

По неполни три дена селото Луковиц стана **воено стратегиски центар.** Германците со една пешадиска чета, засилена за подршка со една топовска батерија, со два топа со голем калибар, една минофрлачка единица и одделение за врска. Што би било ако оваа јако организирана воена формација не би била водена од главен штаб составен од офицери со високи воени чинови.

Топовската батерија опслужена со италијански нишанџии и војници кој со себе носеа и италијански мазги за влечење на топовите. Топовите со мазгите ги одвлекоа на највисокиот планински врв во овој предел. Тоа е **симболот и гордоста на луковци па и на целата Мегленска**

област, планинскиот врв **Кобилица,** висок **649** метри.

На фотографијата 14. се гледат ископините на рововите, каде беа поставени топовите, а исто така од ова место се гледа хоризонтот и сртовите на планината Кожув. Оваа топовска батерија располагаше и со современи оптички апарати за набљудување и контрола на јужните падини на планината Кожув, западната падина на планината **Пајак, и**сточниот разгранок на планината **Ниџе и** на југоисток преку **Гола Глава** се до Солун и Солунско поле.

Одделението за врски го сместија во центарот на селото, на највисоката куќа на Димитренцеви, на која ја монтираа антената на примопредавателната радиостаница. Воениот штаб се смести во селското училиште, кој врските со топовската батерија ги одржуваше преку жичена телефонија.

Сл. 14. Планински врв Кобилица

Минофрлачкото одделение го поставија на **Дабичката** над селските гробишта. Една десетина од четата ја поставија јужно од селото. Останатите војници, во кои имаше и Црнци, се сместија во црквените простории.

Со вака воспоставениот распоред на единиците се постигна целосна контрола во селото и околу селото, особено контролата на Лошиот Дол и северниот пристап кон селото од каде се претпоставуваше дека постој можност за напад на селото, токму тука ги поставија двете митралески гнезда, нивните цевки насочени кон **Каменоломот и Крименичкиот пат.** Со вака поставените контролни точки како да го блокираа селото, луковци како да ги ставија во шише. Но сепак, луковци, својте зејоделски активности непречено си ги извршуваа.

Примопредавателната станица преку целиот ден емитираше емисија на германски јазик. Најзастапениот дел од времето во денот, беше дадено на музиката. Можеше преку целиот ден да се слушаат германските маршеви, а во приквечерината (19 и 20 часот) ќе ја вклучеа берлинската радиостаница од која задолжително ги слушаа дневните вести.

Во понатамошниот тек од овој настан како да се стишија работите во селото, настана некоја привидна стабилност на ситуацијата, можеше да се видат германските патроли кои ги контролираа пунктовите и ги заменуваа стражарите.Освен еден неуспешен напад на една партизанска единица на ЕЛАС од северозападната страна на селото,

токму на овој дел каде беа поставени двете митралески гнезда.

Овој настан ги вознемири луковци бидејќи се случи по 24 часот кога веќе се наоѓаа во длабок сон. Одвај го дочекаа разденувањето на денот. Гумното повеќе не можеше да функционира, поради присуството на Германците. Информациите можеа да си ги разменат само со најблиските комшии, да се прашуваат меѓусебно: што беше. Каде беше, што се случи и што понатаму.

Вакво вознемирување се забележа и кај германските старешини, можеше да се види како се растрчуваат штабните офицери, да стигнат што побрзо до пунктовите каде што беше распоредено обезбедувањето на селото. Да се констатира дали има повредени или мртви, со што би се комплетирал и извештајот што треба да се достави до главниот воен штаб во Воден.

Во ова време, во времето на таа привидна стабилизација на ситуацијата во селото, познатиот шпион- домазетот луковски, натурализираниот Грк – **Фереа. Г**и плетеше мрежите, им кроеше затворски костуми на лицата кои повеќе пати до сега сме ги споменувале. Само чекаше време кога повторно ќе дојде неговиот ден **Д.** За да може неговата картотека со досиејата ди ги предаде на грчките монархофашисти.

НАСТАНИ ОД 1944 ГОДИНА ЗНАЧАЈНИ ЗА МЕГЛЕНСКАТА КОТЛИНА

Формирање на партизански единици

Други значајни моменти од постаро минато

Селото Луковиц географски припаѓа на Мегленската област, која го зафаќа просторот помеѓу: **Кожув планина** на север и тоа нејзината јужна падина, **Пајак планина на** исток и тоа нејзината западна падина, Κρια βρισι(Студена Вода) и Гола Глава на југ, Островското Езеро на југозапад и **Ниџе планина, со врвот Кајмачалан** и тоа со нејзините источни падини. Оваа котлина претставува дел од центарот на Централна Егејска Македонија.

Оваа област во текот на Втората светска војна Германците ја задржаа за себе, односно ја поделија со грчките квислинзи, со доминација на германски одлуки. Овој податак се споменува заради тоа што настаните што се случија во 1944 год. на Кожув планина се тесно поврзани со планинскиот врв **Кобилица,** кој со својата височина од 649 м. „виси“ нат селото Луковиц. Иако се набројат дел од селата на јужната падина на Кожув планина: Горно и Долно Пожарско, с. Лагунци, с.Нте, с Зборско, с.Фуштани, с.Струпино, тогаш е јасно зошто Главниот штаб на истурената, засилена германска единица е лоцирана во с.Луковиц.

Ако погоре наброените села се распоредени на јужната падина на Кожув планина, тогаш на северната падина од планината се селата: Ржаново, Рожден, Мрежичко, Страгово, реонот Витачево и реката Бошавица (Кавадаречко Мариово). Овој дел, во ова време беше под окупација на Бугарија. Германците не дозволуваа бугарските единици да преминат на мегленска територија.

Овој вакуум на простор е искористен како слободна територија, на која кон средината на 1944 год., се формираат македонски партизански единици како од Егејскиот дел на Македонија исто така и од Вардарскиот дел на македонија.

Општо е познато дека на оваа територија во споменатото време бае формирани: Седмата битолска партизанска ударна бригада. 5 –та Прилепска бригада и 11 – тата Кавадаречка бригада. Од овие три бригади фармирана е 9-тата Партизанска дивизија.

По повод формирањето на овие бригади, во тоа време, беше известен и Германскиот воен штаб во с. Луковиц, а овој штаб издаде наредба на топовската батерија, лоцирана на **Кобилица** да изврши бомбардирање на селото **Зборско**. Бомбардираното и опожарено село го гледаа и жителите од с. Луковиц, меѓутоа не знаеја што всушност се случува. Се слушаа грмотевици од експлозии на гранати и се гледаа пламени јазици. По еден ден, денот по гранатирањето во селото да пристигнат две германски возила натоварени со плъачка. Германците го опљачкале селото до „кожа“. Од растоварените, на куп материјални

средства можеше да се видат: веленца, черги, покрови, кошули, панталони, везани чорапи, чеизи на девојќи што со години ги приготвувале за нивниот најсвечен ден. Сé што им дошло на рака сé ограбиле, само не можеше да се види она што можеше во џебот да се стави. Жените луковки плачеа со солзи на очите, ги сожалуваа со наведнати глави, ама не можеа со ништо да помогнат.

Вака растоварените алишта, на куп поставени, ги натурија со бензин и ги запалиј. Тоа што со години го печалеле и го створиле како имот, за неполни два часа се претвори во чад, прав и пепел

Мегленската област и Кожув планина не се препознаваат само со овие, последни историски настани, имаат и подалечно историско и духовно минато. Така, Драган Ташковски во своето дело „Раѓањето на македонската нација“, издадено 1970 г., ќе напише: „Во времето на владеењето на последниот маќедонски цар Персеј 169 год. п.н.е, (Западно македонско царство) го убива својот брат Димитриј и го фрла во некои од провалиите на Кожув планина, за кое е жестоко критикуван. Причината за убиството е барањето на Димитриј за поделба на Западното македонско царство на два еднакви делови“.

Духовното минато на Мегленската област е поврзано и со “Св. Злата Мегленска“. Родена и пострадала во родното с. Слатино Мегленско, таа е ќерка на сиромашни селски родители, коишто имале уште три ќерки. Злата зрачела со силни духовни и телесни квалитети. Со силна вера во

Исус Христос. Била многу убава. Нејзината убавина го привлекла Турчин. Кој барал да се ожени со неја и да се потурчи. Злата предлогот го одбила. Но затоа била подлажена на големи маки. Била обесена и нејзиното тело било сечено на делови. Нејзината душа ја дала на Исус Христос, во 1795 год.

Во чест на „Св. Злата Мегленска“ се изградени повеќе цркви со нејзиното име. Во:Општината Сарај во Скопје, во Кумановско- Осоговска Епархија и нај новата црква во областа од која потекнува. Во околината на г.С'боцко.(Од страниците на интернет)

НАСТАНИ ОД 1944 ГОДИНА, ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ГЕРМАНЦИТЕ ОД СЕЛОТО ЛУКОВИЦ

Селото Луковиц, во однос на другите околни села, располага со најголем селски атар. Атарот е разновиден, постојат рамничести предели и тоа источно од селото сé до реката Мегленица и селото Нов Живот, чиј атар до 1913 год. припаѓаше на селото Луковиц.Во овој предел се застапени ораниците, макар што постојат и висорамнини и тука-таму пошумени површини. Додека делот западно од селото е планински и пошумен. Најмногу е застапена дабовата шума. Но, сепак, и тука постојат висорамнини како што се **Мутруните, Бобалица и Пожар.** Во западниот дел се наоѓаат и познатите планински врвови, во низа поставени над селото: **Кобилици 649 м**,

потоа Јужно од него **Бомбацина 592 м,** понатаму на југ **Будим 592 м.** и сосема јужно **Пејова Чука 608 м.**

Вака гледано, вкупната површина на селото изнесува околу 40 квадратни километри. Поради разновидноста на атарот, постојат можности секојдневно да се избира терен на кој денес или утре ќе се пасе добитокот.

Така, овој ден, на почетокот од октомври 1944 год., со моето стадо овци се најдов на западната падина од **Смреките,** на оддалеченост од 1000 метри од селото. Селото пак е расположено на источната падина од **Кобилица.** Овие две месности се поставени една наспрема друга, со што се добива извонреден поглед кон селото, како пред филмско платно. Осветлено од претпладневните сончеви зраци, може да се види се што се случува во селото и околу него, а јасно се гледаат и **Кобилица, Дабичката, Лозјата, Каменоломот,** се гледа дури и селото **Почеп и** неговиот карактеристичен врв **Маргарит.**

Овците пасат по западната стрмна, падина на **Смреките,** а јас седам под сенката на една поголема смрека.

Некаде околу десет часот наутро се слушна истрел, со прилично слаб тон, не можеше точно да се определи местото од каде потекнува овој слаб тон, за по неколку секунди да блесне силен светлосен сноб од **Каменоломот,** по блесакот од тоа место да се подигне облак од прашина и на крајот ек од експлозија на граната. За по кратко време да се слушнат низа на истрели па експлозии. Истрелите потекнуваа од Дабичката,

каде се наоѓаше минофрлачкото одделение, а експлозиите завршуваа на Каменоломот.

Ова гранатирење траеше подолго време, можеби повеќе од еден час, за последниот истрел и експлозија да завршат на врвот Маргарит, во близината на с Почеп. Со ова се сакаше да се каже дека дострелот на минофрлачот е доста голем.

Во ова исто време се забележуваше дека топовите од Кобилица се симнуваат кон селото, се повлекоа митралеските гнезда, како и одделението што го обезбедуваше селото од неговата јужна страна.

Овие движења на жива села и военоматеријални сретства траеја повеќе од два часа, за да се соберат кај **Вртоп,** при излезот од селото. Овие движења, и собирањето на германската војска убаво се посматраа од Смреките, ама јас тоа не можев да си го објаснам, ми изгледаше како некоја нормална појава.

Откога се комплетираа, се формираа главнината и претходницата. се појавија кај **Грамади** со формирана колона во правец на Воден. Германците тој ден го напуштија Луковиц околу дванаесет часот со што заврши окупацијата на селото.

Во приквечерните часови од денот, кога сонцето се спушташе зад планинскиот врв **Кајмакчалан,** ги прибрав овците, ги пребројв и се упатив кон селото. Насред селото стигнав пред смрачувањето. Дури овците пиеја вода од коритото, се погледнав лево, па десно кон

чинарот, на западната влезна врата од црквата “Св. Петка”, притоа забележав дека на огољениот голем корен од јаворот седи човек во цивилна, селска облека и дека држи пушка во рацете. Лицето, партизан на ЕЛАС, беше испратено како извидник да констатира дали навистина Германците го напуштиле селото или пак имат оставено некакво обезбедување. И одкога ќе се констатира веродостојноста да се спуштат и другите кои за тоа време се наоѓаа зад **дабичката** над село.

Кога извидникот констатира дека не постои никаква опасност, пристигнаа и останатите, го побараа клучот од црквата, а оттука на камбанаријата да го известат населението дека селото е ослободено. Тропа ли тропа камбаната. А канбанаристот на цел глас вика -”Το πιράμε το χοριο” (го заседовме селото). Камбаната биеше повеќе од половина час. Ова беше официјално прогласување дека селото е ослободено од непријателот. Настана голема веселба. Дури и оро се развезе на средселото.

Можеби така било предодредено,ни планирани работи не можат да бидат така наместени како претходниот, опишаниот, и следниот настан.

По два дена со овците да се најдам на **Бобалиица и Пожар.** Овој предел претставува една висорамнина, со повеќе обработливи површини, има и добри пасишта, а се граничи и со атарот на Воден. Југозападно од Бобалиица тече раката **Криви Реки,** која тече помеѓу два брега, истите се поврзани со единствениот железнички мост, на железничката линија Воден – Лерин.

Мостот ги поврзува од исток врвот Пејова Чука а од запад планината помеѓу с. Владово и с. Волкојаново, мостот е висок повеќе од 20 метри. Поставен на три огромни бетонски столбови и со должина до 300 метри.

Низ овој мост треба да помине последниот воз во 1944 год.

Споменатата висорамнина **Бобалиица** има повисока надморска височина од колку мостот на **Кривите Реки**. И оттука, поради малата оддалеченост се гледа како да е поставен на дланка. Секогаш, кога возот минува низ мостот се огласува неговата свирка, предупредувајки ги патниците дека возот поминува на место каде што постои опасност. Овој последен воз што ќе го мине мостот е специфичен и комбиниран. Со себе, покрај патници (германска војска) носи и огромен товар на воени материјални средсва.

Минувањето на возот по мостот овојпат го очекував, затоа што пред да влезе во мостовната конструкција машинистот ја активира свирката, тогаш погледот го насочив во правецот на мостот. Возот збивташе поради големиот товар што со себе го носеше. И точно тогаш, кога помина и последниот вагон, машинистот ја активира уште еднаш свирката, оддавајќи му последен поздрав на Воден. Токму тогаш, кога свирката го завршуваше последниот поздрав, се зададе силен блесок на мостот, кој траеше многу кусо време, за потоа да се забележат облаци од прашина и тресење на земјата и на крајот да пристигне силниот ек на експлозија, Не само од експлозијата

на динамитот туку и од паѓањето на мостовата челична конструкција.

Такво беше повлекувањето и напуштањето на германскиот окупатор од с. Луковиц и централниот дел од Егејска Македонија.

Погоре напомнав дека по повлекувањето на Германците од селото, покрај претходницата пристигнаа и другите кои чекаа зад Дабичката. Со звуците на камбаната од црквата го прогласија селото за ослободено, не требаше многу да се чека за да пристигни селскиот шпион **Фереа** за да им честита за „храброста што ја покажаа“ при ослободувањето на селото и да им посака едно добредојдовте.

Наредниот ден ослободителите на селото се вселија во џандармериската станица, која Германците не ја оштетија, но беше доста запоставена и нечиста. За да се исчисти ја ангажираа женската младина од селото. Тука нема пардон, нема не можам и не сакам, зашто следуваат санкции.

Штом се консолидираа, пристигна и Фереа, бидејќи го дочека денот **Д.** Со себе ја носеше и папката со списите, како и списокот во кој беа таксативно набележани лицата за кои требаше да реферира (овие лица повеќе пати се спомнувани а ќе бидат и понатаму спомнувани, за тоа не ги наведувам нивните имиња). Да им пренесе за состаноците кои се одржуваа на гумното: 1. За време на доаѓањето на Германците, 2. Учесвото, односно одлуката за неучество во единиците на ЕЛАС и 3. За нападот на Лошиот Дол и некои други информации познати само за него.

По приемот на папката и материјалите во неа, џандарите, требаше подетално да ги разгледаат и детално да ги проучат за да донесат решение какви ќе бидат понатамошните постапки за наведените лица во списокот.

Сето ова се држеше во строга тајност, за да биде акцијата што поуспешна. Се случи ноќта во еден од последните октомвриски денови, рано, наутро, околу два часот, во глува доба, кога во селото е тивко, мирно, дури кога и селските кучиња спијат. Бевме сите дома, освен татко ми кој случајно беше отсутен, спиевме под еден покрив на долги перници. Се слушна силно тропање на надворешната порта и загрижувачки лавеж на кучката **Рина,** која лае ли лае, самата со себе ќе се изеде. А е познато, ако лае на мачка или сениште, тоа е со краток рок, ако пак лае на човек или група на луѓе, тогаш лавежот трае подолго, засилено и зачестено, дури и заби покажува.

Станува мајка ми, Вангелица, педесет годишна жена, грчки не знае нити еден лав (збор). Слегува пред портата и прашува кој е?. Го слуша зборот ανικσε, ανικσε (отвори, отвори) и притискаат на портата. Со отворањето на портата насилно влегуваат двајца џандари со пиштоли на готовс и со џебни светла на раката. Насилно влегуваат во куќата и трчаат право горе во одајата каде сите се правиме дека спиеме, покриени со едно веленце. Фаќајки го веленцето за едниот крај, тргнување и сите сме на виделина осветлени со елетриците. Се слуша зборот πυ ινε ο πατερασας (каде е татко ви) πυ ινε ο ανδρασυ (каде е мажот ти) ја

прашуваат мајка ми, а таа, кутрата молчи, не смее македонски збор да изусти. Каде има сила, правдина не треба да се бара. Го собираат поголемиот брат Дини на возраст од 17 години, пред пушка и го туркаат кон вратата, - εσι δροστα, θα συ παρομε ανακρισι κε τοσο (ајде пред нас, ќе дадеш изјава и толку). Таа кобна вечер ги собраа сите што беа во списокот на Фереа. Дури и некој што не беа во списокот. Ги носеа еден по еден во џандармеријата. Никој не знаеше зошто ги собираат. Се прашуваат еден со друг, зошто и тебе те донесоа тука, од каде да знам. А ете кажи ти зошто те собрале и тебе, па од каде јас да знам. Ете така никој не знае зошто е донесен пред вратата на џандармеријата.

Кога осамна, се собраа жените и мајките на приведените пред вратата на џандармеријата на поплаки, а и прашуваат дали ќе треба нешто да им донесат, некое алиште, палтенце или барем леб да им донесат, ама кој ги слуша, никој не ги ферма.Жените грчки незнаат. Незнаат како да се обратат, тропаат со нозете, мласкаат со устите, просто не знаат кој пат да го фатат, освен да се помират со судбината.

Фереа не е тука, „тој не е вмешан во овој настан“. Завршувајќи ги сите зацртани процедури (барем список да им направеа,) околу приведувањето и другите припреми ги ставија во строј и пред пушки ги насочија кон Грамади, и наместо во Воден, постарите ги сместија во затворите во Негош, а помладите во затворите во Бер. Ете, такви беа „ослободителите“ на селото Луковиц.

Секогаш планираното ва целост не може да се оствари. Така беше и во овој случај. Првопоставениот во списокот што беше доставен од Фереа до џандармеријата не беше приведен, и ако се бараше дури и во дупките во куќата, во шталата кај добиците. Отткога испретресоа сé уште еднаш низ целата куќа, разбеснати и со најгрди пцости ја напуштија куќата со не остварената цел. Но, применија друга варијанта, откако разбраа дека се наоѓа во с. **Владово**, наредниот ден му поставија заседа во месноста **Кривите Реки**, во близина на минираниот мост. Заробувајќи го, Колъо Попов директно го однесоа во негошкиот затвор, со што „ја задоволија својата правда“.

Кога дознаа жените луковки, дека се затворени во Негош и Бер, почнаа организирано, во групи од по 3 - 4 жени, во смени да им носат храна и облека, на секој 7 – ми ден. Едната група врати се, другата тргнува во овие зимски месеци: ноември, декември и јануари, по снегови, ветрови и виулици, слабо, не добро, облечени, а за обувки и да не зборуваме, како го минуваа тој долг пат од Луковиц до Негош и Бер само тие знаеја да кажат. А кога ќе се вратеа, ги гледаш изморени, истоштени, неспани, гладни, боси, просто разочарени, а уште повеќе од она што ќе им кажуваа затворениците.

Дека животот им е многу тежок, секојдневни малтретирања, затворени во некои визби, штали, без покрив на главата, слама изнафрлана, а други пак во некои големи училишни хали насолени со слама од едната и од другата страна.

Притворените, исто така, од едната и другата страна наредени еден до друг како риби во кутија, а бројот им е непознат. Храната сосема слаба, а казните чести и разновидни, повеќето физички, употреба на железни шипки, изработени специјални клешти за сечење на делови од човечкото тело, употреба на спици под ноктите и уште што ли не.

Слушаш преку ноќта дошол некој од џандарите и со листот од хартија во раката го чита името на затвореникот кој е на дневен ред за обработка. Затвореникот не се јавува, знаејќи што го очекува. Џелатот уште еднаш чита и со впериот елетрик го осветлува и покажува - ај ти таму со број тој и тој не се прави на удрен, стани и пред мене кај началникот на затворот. А кога ќе се врати без придружба, само ќе го турнат од вратата во халата. И гледаш се влечка по подот, го тепале по табаните со железна шипка, не може на нозе да си застане, а камоли да оди. Го креваат другите затвореници за да го однесат на „неговото легло“. Тепањето траело сé дотогаш, додека не признаеш дека си Грк, и да потпишиш изјава дека ќе бидеш лојален граѓанин на џавата Грција. По него го повикуваат следниот, и така се занимавале по цели ноќи грчките „демократи “.

Со оваа брутална акција што ја направија Еласитите во текот на месеците октомври и ноември 1944 год. врз недолжниот македонски народ, предизвикаа големи штети, не само во човечките животи, туку и во стопанството.

Голем број на семејства останаа без главната работна сила, немаше кој да ги изврши

подготовките за есенската сеидба. Нивите останаа неизорани, непосејани, од сето ова во наредната 1945 гогина, можеше да се очекува глад и сиромаштија.

ЕЛАС, како странка на власт, по повлекувањето на германските сили, траеше околу 5 – 6 месеци. Во овие месеци успеа да направат дар мар со Македонците, ги направија сите горенаведени активности, ги наполнаа затворите со затвореници, сепак, меѓу македонските затвореници имаше и Грци со прогресивни идеи кои не ги прифаќаа постапките што ги применуваа Еласитите. Ја делеа судбината со Македонците.

НАСТАНИ ОД МЕЃУВРЕМЕ ОД 1942 ДО 12. 02. 1945 ГОДИНА

Со окупацијата на Грција, Германците, Егејскиот дел на Македонија го задржаа за себе, приклучувајќи ги и грчките квислинзи како лојални поддржувачи на Германците, а големи противници на комунизмот и Евреите, едновремено преставувајќи ги Македонците како комунисти кои настојуваат Грција да ја приклучат кон комунистичкиот блок. ”Така, во 1942 год., во договор со Германците, подготвија стратегија за уништување на Евреите. Оние кои жевееле во Солун, а ги имало околу сто илјади, уште и тоа дека до 7 јули 1942 год. биле регистрирани како

солунчани, по квартови во гета, кои квартови биле контролирани се до испраќањето во возот на смртта до логорите во Треблинка и Аушвиц. Во потпишаниот договор постоела клаузула дека по уништувањето на Евреите на ред биле Македонците и тоа како опасни комунисти.(Ова го изјавува еден солунски Евреин кој успеал да се спаси од возот на смртта, по име Мазофер**.** Во дневниот весник **Дневник,** од 04. 01. 2014 г., напишано е и ова.

Овие квислиншки единици имале задача да ги разурнуваат еврејските и маедонските гробишта и цркви низ цела Егејска Македонија. Таква е и судбината на црквата "Св. Петка" во с. Луковиц).

Веднаш по повлекувањето на германците од Атина, пристигнаа од југоисточниот фронт англиските едници кои им одеа по „петите" на Германците, на чело со генералот Скуби, кој доби препорака од премиерот на Англија, Черчил, да ја поддржува грчката десница во намера да ја земат власта во Грција и да воспостават целосна контрола во земјата. Ако тоа не е можно со компромис, тогаш да се употреби и сила.

Ваквата намера на десницата не беше прифатена од демократските сили и тие силно се спротивставија. Заради ова спротивставување, во Атина настана голем метеж, конфронтација и насилства. Не беше далеку и Граѓанската војна во Атина, Пиреја, па сé до Солун.

За да се смират страстите помеѓу двете завојувани страни, КПГ, во оваа смисла, покажа кусогледост, со тоа што се определи конфликтот

да се решава по пат на преговори (Ристо Кирјазовски: НОФ и другите организации од ЕМ).

Овој метеж, оваа кавга, во центарот на збиднувањата, создаде добра клима за намалување на контролата по затворите, се создадоа услови за поткуп на началниците по затворите. Се активираа адвокатите, за големи пари успеаја да ослободат голем број од затворениците и тоа оние кои имаа подебело досие. Еден од многуте ослободени беше и **Кољо Попов**, таткото на авторот.

Една вечер, откога се смрачи, незабележан од никого, ете ти го на вратата од малото одајче на приземјето, што да се види, човекот не може да се препознае ослабен, забраден, неизмиен, неистрижен, косите му ги покриле ушите, мустаките до под брадата. Мајка ми Вангелица поприсебна го препозна, се втрча кон вратата: Кољо бре! Ти си!, сакајќи да го прегрне, но беше одбиена со зборовите: “Остави ме, не ме гибај, прво побарај алишта да се преслечам оти сум полн со вошки под мишките, со шепа можат да се црпат. Да се преслечам, а потоа ќе разговараме”.

Во бркотницата, што ја спомнавме погоре, учествуваше ЕЛАС, како прогресивна демократска страна, ПЕЕН (Политички комитет за национално ослободување) и КПГ, од една страна, а англиските воени сили на чело со генералот Скуби, фашистичката армија на Грција која се врати од Египет и квислиншките единици, соработниците на Германците од 1941 год., од друга страна. Оваа топло-ладна борба за власт меѓу овие две страни најжестока беше во

месеците: ноември, декември 1944 г. и јануари 1945 г.. Меѓутоа, со амин на КПГ дека прашањето не треба да се решава со оружје, туку да се седне на маса и тука да се договорат, со што ќе се избегне крвопролевањето.

Монархофашистите, заедно со квислинзите, во овој период ги формираа тие злогласни 166 елитни воени единици, во чиј состав влегоа околу 18000 војници. Во составот на овие спомнати единици влегоа и англиски војници и тоа како советници, големи противници на комунизмот.

Овие единици направија големи штети низ македонските села, пуштени салма, без никаква контрола, а за штетите и злосторствата што ги правеа над македонскиот народ пред никој не одговараа. (Ристо Кирјазовски НОФ и други организации во Егејска Македонија).

ПО ПОТПИШУВАЊЕТО НА ДОГОВОРОТ ВО ВАРКИЗА

По потпишувањето на договорот во Варкиза се отвора нова страница во настаните во с. Луковиц, а како копир на хартија се пренесуваат низ сите градови и села во Егејска Македонија.

Во Народноослободителната армија на Грција (ЕЛАС) имало голем број на борци од македонска националност, кои ја прифатија таа организација, борејќи се против германскиот фашизам, а притоа надевајќи се дека од таа заедничка борба ќе има придобивки за правата и слободата на мадонскиот

народ, јазикот, културата и обичаите, како и правото на вработување во државната администрација.

На ваквите прашања никогаш не биле давани конкретни и јасни одговори, секогаш се ескивирало, се избегнувале директните одговори или пак се кажувало дека сé уште е рано, ќе треба да се почека. Сепак, вербата преминуваше во недоверба од страна на македонските борци, затоа што јазикот со кој се комунцираше во овие партизански единици беше грчкиот.

На Македонците не им се дозволуваше да го користат својот македонски јазик дури и тогаш, кога меѓусебно зборуваа двајца Македонци. Иако е единицата македоска, а во нејзиниот состав има еден до двајца грчки партизани има да се зборува на грчки.

Имајќи го во предвид горенаведеното, илузија би било дека по ослободдувањето од германскиот фашизам Македонецот ќе има право на македонско училиште.

Главните протагонисти, Македонци, кои учествуваа во единиците на ЕЛАС, како што се: Мирка Гинова, Вангел Ајановсли – Оче, Христо Андоновски – Симо, Ташо Ајановски – Мими и др. од Воденско, како и Михајло Ќерамичиев, Паскал Митревски, Наум Пејов, од Костурско и од Леринско, изгубија секаква надеж кога КПГ се изјасни дека за решавање на македонското прашање има време и дека ќе треба да се почека.

Во времето кога КПГ ја даваше горенаведената изјава, низ македонските села роваreа спе-

цијалните единици формирани од фашистичкиот режим на Грција кои убиваа, колеа, бесеа, силуваа и палеа села.

Времето си врвеше, а нередите во Атина и понатаму продолжија, сé до 12. 02. 1945 год. кога во **Варќиза** се постигна спогодбата помеѓу овие две спротиставени страни. Со оваа спогодба, „демоктратите“ на ЕЛАС беа задолжени да го предадат оружјето во касарните, а потоа да се договорат за спроведување и организирање на парламентарни избори.

Според кажувањето на д-р Ристо Кирјазовски, во трудот “НОФ и други организаци во ЕМ” нападите на злогласните единици уште повеќе се засилиле во вршењето на злосторсва, но сега со уште една задача, да се притворат сите затвореници кои беа ослободени без судска пресуда, во декември 1944 г. и јануари 1945 год.

Освен ловот на ослободените затвореници од селата и градовите, во Атина се водеше тивка војна со лов на „вештерки“. Кога владините сили ја презедоа власта во свои раце им го заврТија грбот на Еласитите, почнаа да ги прогонуваат, особено оние кои беа декларирани како комунисти. Ги притвораа, затвораа, а некои дури беа и ликвидирани. Оние, пак, што успеаја да не паднат во канџите на монархофашистите, ги напуштија: Атина, Пиреја, Солун и др. градови, немајќи друг излез, се упатија кон планинските масиви на Македонија: Пајак, Кожув, Кајмакчалан, Грамос, Пинд и Вичо. Тука формираа наново партизански единици. Под името ДАГ (Демократска армија на Грција) исклучиво со

припадници од грчката заедница. Од овие новоформирани грчки партизански единици, Македонците не почувствуваа никаква заштита од нападите и злосторствата што ги правеа оние злосторничи монархофашистичи групи.

Увидувајќи ја пасивноста и незаинтересираноста на ДАГ и КПГ за заштита на својот македонски народ, горенаведените протагонисти формираа своја, македонска организација под името НОФ (Народно ослободителен фронт) исклучиво со борци од македонска националност. Овие македонски одреди успешно се спротивставија на злосторниците и нижеа успеси во своите акции, без притоа да се потпрат на ДАГ и КПГ. Увидувајќи ги успесите и неколебливоста во справувањето со злосторниците, побрзаа да кажат дека овие единици се сепаратистички, автономистички, комитски групи кои сакаат Егескјска Македонија да ја отцепат од Грција и да ја приклучат кон Република Македонија.

За да се покрие сето ова, КПГ на раководството на НОФ му предложи неговите единици да ги приклучи во составот на ДАГ, со мотив дека нивните единици се мали, не можат да бидат ефективни, а уште полошо што немаат квалификуван кадар за водење на единиците во вакви сложени акции.

Раководството на НОФ знаеше дека сето ова е ставено во ракавици, но друг излез не можеше да се види. Сепак, во овие први моменти предлогот не беше прифатен, организаторите се активираа со агитирање по селата за омасовување на единиците. Такви состаноци беа одржани и во

с.Луковиц под водство на Мирка Гинова, како претседател на АФЖ и Христо Андоновски, како преставник на Агитпроп ресорот на НОФ. Се пропагираше дека се тоа чисто македонски партизански единици и дека комуникацијата и кореспонденцијата се води на македонски јазик. Дури тогаш луковци се уверија дека ќе се создадат услови за отворање на македонско училиште во селото. И учеството во единиците беше прифатено и потврдено со дваесетина нови борци во составот на овие единици, а го положија и својот живот во текот на борбите во времето од 1946 до 1949 год.

Во ова време, во месеците февруари-март 1945г. во Атина и Солун се водеа судските процеси на затворениците кои останаа во затворите и по договорот во Варќиза, а и за оние кои беа ослободени во декември 1944 и јануари 1945г. Малолетните луковци, добија ослободителнаи пресуди, додека Ѓорги Трајанов, Кољо Попов, Наси Биширов, Пени Матев, Ичо Шанков и Борис Димов, во отсуство, беа осудени на по 101 год. строг затвор.

НОФ продолжи со своето активно дејство против монархофашистичките, злосторнички единици, нанесувајќи им значителни загуби. Загрижени заради ваквиот отпор КПГ уште еднаш се огласи до НОФ дека неминовно треба да се приклучат кон ДАГ, прикажувајќи ги пак како сепаратистички и автономистички, комитски банди, кои водат политика за отцепување на Егејска Македонија од Грција.

Со приклучувањето на НОФ кон ДАГ улогата и дејствијата значително се измениja. Чисто македонските единици ги нема, а пак владините војски и понатаму рашетараат по македнските села. И тоа уште пожестоко.

Ова приклучување беше неминовно, ултимативно, значеше, буквално, растурање на македонските одреди низ грчките.

Македонските кадри останаа без војска и нив ги растурија по единиците на ДАГ, но сега како десетари и командири на водови. Се изгуби јазикот, се изгуби идентитетот, се изгубија и идејте за кои беа формирани.

Една од акциите што ги преземаа за правење на злосторства специјализираните фашистички единици на Грција, беше и онаа изведена на 10 јуни 1945г. на с. Луковиц. Кога по полноќ од овој датум со два камиони, и еден празен, натоварени со триесетина наоружани војници, го блокираат селото од сите приоди, со цел да ги фатат сите наведени, погоре, лица, пред сé, среде село физички да ги малтретираат, а потоа да ги натоварат на празниот камион, да ги поминат низ селото Драгоманци, каде ќе треба драгоманчани да ги каменуваат како најголеми непријатели, а потоа да ги однесат во г. С'боцко каде ќе треба да им се решава судбината.

Меѓутоа, едно е да направиш план, и тоа добро да го изанализираш како ќе изглада, а сосема е друго тоа да се изврши како што е планирано.

Луковци, напарени од сите досегашни премрежиња, наслутуваа дека еден ден ќе се

случи ваков настан, па затоа секоја вечер, од денот на ослободувањето од затвор, го напуштаа селото и спиеја по нивите, по лозјата, по трлата, а често пати и не се враќаа дома и наредниот ден.

Така и се случи, селото е блокирано по полноќ, се чекаше да „пукне“ зора, оние што не беа ангажирани на стражарски места како бесни кучиња се пуштија по куќите со списоците во рацете за лицата кои наипрво ќе треба да бидат приведени. Зачудувачки, враќајќи се назад без осомничените, лисиците што беа наменети за нив му ги предадоа на началникот што ја организираше блокадата.

За да не пукне „тиквата“, срамот, се одлучија да приведат 14 малолетни деца, две девојки десетина други лица, за кои и не знаеја што со нив да прават. Малолетните деца добро ги изнатепаа, а девојките привремено ги „помилуваа од малтретирање“. Едната, Анастасија, ќерка на Кољо Марков, другата Анастасија, ќерка на Ѓорги Трајанов, и двете од по 19 – 20 год.

Ги натоварија на празниот камион и право во С’боцко. Цел ден ги малтретирале и на крајот со машина нуларица до гола кожа ги острижиле.

Целта, да бидат навредени, понижени и засрамени од своите врснички, секако дека нивните црни светли и долги коси станале трофеи за некои поединци, крвници. Другиот ден, цел ден талкале боси по патот за да стигнат до дома.

Што се однесува за старешинскиот кадар од растурените македонски единици, начисто останале без војска. Немало место во тој нов

состав за македонски старешини. Најдобро овој настан го илустрира Петар Наковски, во неговото дело **Големата измама,** за составот на Главниот штаб на ДАГ, кој во 1949 год. се наоѓал во с. Асамати, Преспанско. ”Во неговиот состав биле: Никос Захарјадис, генералниот секретар на ЦК на КПГ, Милитјадис Парферогенис, Јанис Борџотис, Вландас Димитриос и Леонидас Струнгас. Од имињата и презимињата може да се види дека нема ниту еден Македонец.

Во својот реферат кој тогаш го подготвувал, Никос Захарјдис ги пофалил Македонците, а ги нарекол Славомакедонци и им ветувал дека по ослободувањето ќе им дадат да отворат училишта на македонски јазик, автономија, независност, осамостојување до отцепување. Оваа содржина им ја прочитал прво на неговите соборци. Кога слушнале неговите соборци што ќе се прочита на Пленумот, жестоко реагирале: „Зар ти на овие неписмените што не знаат ништо, ќе им дадеш сé. „Што ќе кажат нашите“. Не сакам повеќе да го цитирам Петар Наковски, веќе понатаму е познато се. Со изречената проста реченица „што ќе кажат нашите“ се борат рамо до рамо, имаат иста цел, за слобода, за права, за рамноправност, а уште рибата во морето тавата на огнот. Те дели на наши и ваши. И кога веќе се знаеше дека од вкупниот број на борци, на Вичо од 35.000, Македонци биле 20.000, од кои пак 3.000 жени Македонки. Доверба во Грк немај. „Довербата како и недовербата ги расипува луѓето. Немај доверба и во својот брат, бидејќи тргнува од свој лични интереси“- (**Хесоид** од старгрчката книжевност“)

НАСТАНИТЕ ВО МЕЃУВРЕМЕ ОД 1936 ДО 1940 ГОДИНА

Во селото Луковиц постои и постоела, џандармериска станица. Времето на нејзината градба не ми е познато, но не може да биде градена пред 1913 год. Нејзиниот габарит е 10 на 10 м. Со приземје и кат, градена со тврд градежен материјал, значи не е привремен објект, туку објект, со трајна вредност. Во приземјето мало ходниче поврзано со врати од четири простории: приемна просторија, канцелариска просторија за чување на административни документи, документи со кои може да располага само началникот на џандармеријата, трпезарија со кујна и една помала просторија во која има само четири ѕидови и друго ништо, наменета за непослушните, за оние кои не го почитуваат законот на „грчката демократија“. На катот се распоредени спалните. Оваа џандармериска станица ја послужуваат 10 – 15 корафилаци.

Пред портата - стражарница. Сето ова оградено со дебела метална жица, во кое оградено место спаѓа и паркот насаден со повеќегодишни дрвенести растенија. Го зафаќа најрамничарскиот дел во селото.

Оваа џандармериска станица не служеше само за одржување на редот во с. Луковиц, туку во нејзина надлежност припаѓаа и селата: Почеп, Волкојаново и Самар.

Заради постојаната, секојдневна присутност на џандармеријата во селото, жителите на селото

беа опседнати со страв, мораа да внимаваат на секоја постапка. Времињата врвеа, а проблемите се таложеа како оние од времето на забраната на јазикот, за време на окупацијата од Германците, а уште полошо по повлекувањето на Германците, а сега, во 1946 год. најлошо.

Значи, за луковци немало никогаш добро. Од лошо, на полошо и на најлошо, затоа што во 1946 год. дадоа и доста човечки жртви, бранејќи го својот македонски идентитет, Ако тргнеме малку хронолошки, да речеме од времето на 1924 год., кога ги довлечкаа своите миленици – Маџирите, во кои полагаа голема доверба, како лојални граѓани, а Македонците третирани како граѓани од втор ред, ќе дојдеме до потполна дискриминација на еден домороден народ.

Не можеше да се замисли дека еден Македонец ќе добие некое работно место како државен службеник, па немаше ниту обичен работник на државна работа, да речеме за својот вложен труд да земе пари од државниот буџет. Тоа би било чудо, ама невидено.

Од ова произлегува дека во селото Луковиц немаше лице, човек способен за да ја врши улогата на **полјак.** Па затоа ни донесоа од некој запустен остров од Егејското Море, некаде подалеку од Пелопонез.

Оваа задача, за главење на полјак, ја имаше џандармеријата, за која имаше изготвено добро режирано сценарио. Да се изврши промоција на средселото, за да се видат квалитетите на личноста што ќе ја извршува „оваа толку значајна служба“.

Соопштението е прочитано во сабатата, а во недела се врши богослужба во црквата. Тој што ќе отсуствува без оправдување може да биде земен на одговорност, затоа што не ја почитува црквата, а со тоа покажуваат дека се и против нашата грчка држава, за такви лица се предвидени и казни: укори и парични. Познато е за луковци, а и за други граѓани, дека Грција е попска држава, тоа се гледа и денес дека е така, бидејќи заклетвите што ги даваат претседателот на владата и претседателот на државата, по нивниот избор на тие функции ги даваат заклетвите пред владиката, наместо пред пратениците. односно законодавниот дом.

По завршувањето на богослужбата, попот ги потсети верниците дека треба да се задржат на средселото, како што беше речено од џандармеријата. На неделните богослужби присуствуваат и жители од селата Волкојаново и Почеп.

Наседнале, кој на скалите покрај црквата, кој на ѕидот покрај патот, а имаше и покрај чешмата во понискиот дел. За сета среќа на овој чин за прогласувањето на лицето за пољак во селото бев присутен и јас. И во оригинал ви ја пренесувам вкупната **церемонија и промоција.**

Тука е комплетниот состав на џандармеријата, кои се џарат горедолу и го слушаат џагорот на присутните и најмногу внимаваат на тоа: дали некој зборува на македонски јазик (зашто сите и не го знаеја грчкот јазик во тоа време).

Средишниот дел на средселото (оралиштето) беше празно, наоколу заградено од север е црквата, од исток селското училиште на југ

чешмата, а на запад долгиот поткренат ѕид, сосидан од крупен камен.

Народот со нетрпение очекува да почне претставата, го очекуваат „херојот“ да им ги покаже своите способности за да ја оправда надлежноста која му се нуди.

Ги подготвил нагледните средства со кои ќе се претстави:

1.Една мермерна плоча со дебелина од 2 – 3 см, два метални чекани, секој од по 3 кг. 2. Еден подолг прат, кој може да се користи како двостран рамнокрак лост и две столици. 3. Една прачка, долга четириесетина сантиметри, на која на едниот крај има намотано нешто како памук или вата и едно шишенце наполнато со некаква течност.

Наведените нагледни средства ги носи однапред подготвената екипа која ќе учествува во изведувањето при демонстрирањето на експериментите. Меѓу нив и двајца младинци кои имаат приближно еднаква маса – тежина.

„Херојот“ оди напред, а придружбата по него (сето ова проследено со ракоплескање) иницирано од џандарите. Присутните со нетрпение и вознемиреност очекуваат што, всушност, ќе се случува.

Кандидатот застанува на средината од средселото, ја слекува кошулата и така гол до појас легнува наплеќи, добро се испружува и им наредува на двајцата од екипата да му ја стават на стомакот мермерната плоча. По препорака на легнатиот ги замаат чеканите, едниот од едната а

другиот од другата страна; ги креваат чеканите и им вели (погласно за да се чуе подалеку) ќе удрите што посилно и побрзо сé додека не се скрши плочата.

Присутните сето тоа го гледаат и слушаат и со зачуденост се фаќаат со двете раце за главата, па во себе си велат: Што ќе прават овие луѓе, ќе го убијат човекот". Некои мижат, не сакаат да гледат, како се удира на човек со метални чекани, па ќе го убијат.

Но, за среќа на сите, уште при првиот удар плочата се распарчи на повеќе делови. Легнатиот станува, се растресува де на левата де на десната нога, си поигрува како мајмун на стап. За успешната изведба и неговата издржливост добива големо ракоплескање, за почеток од џандарите, а да биде прифатено и од останатите.

По првата демонсрација следува втората:

Го зема долгиот прат (лост), го крева преку главата, и точно во средината го наместува на вратот, зад тилот, се стават столовите на краевите од краците на лостот, ги повикува двајцата младинци и заедо стигнуваат до скалите на црквата. Седнува едниот на едниот стол, а другиот од спротивната страна на лостот и така урамнотежени ги носи до средината на средселото. Се завртува еднаш и уште еднаш за агол од 360 степени, (бичим вртелешка), ги враќа назад, ги растовара и се повторува играта од првиот експеримент. И тука нема проблем, ракоплескање до највисок степен.

По втората, следува третата демонстрација:

Го зема стапчето, чиј еден крај е намотан со вата или памук, го вади од џебот шишенцето со течноста и го потурува, го наквасува добро памукот со непозната течност, со шкорче од кибрит ја запалува течноста, а таа гори со видлив, јак пламен, висок и до дваесетина сантиметри, изведува некои кривини, а потоа го шета пламенот по целото голо тело, де на предниот дел од стомакот, де под мишките (си игра човекот, па покрај тоа и се смее), за на крајот да го постави и во усната шуплина. На изведувачот ништо не му е. А присутните се крстат и се чудат ,,Да ни кажуваше некој, немаше да веруваме во овие чуда".

Гледачите останаа избезумени и исплашени, меѓу себе се буцкаат и си шушкаат, ,,ѕвер човек, овој ќе не сотре сите, не ќе можеме глава да кренеме, а и децата од него уплав ќе имаат".

Ако подетално ги разгледаме горенаведените демонстрирања на храброст, моќност, и издржливост, ќе забележиме дека тоа се циркуски вештини, кои може да ги изведе еден вешт циркузант. Ова е само едно замаглување и затворање на очите на недобро упатените, кое во тоа време можеше да се очекува поради непознавање на природните закони.

Ако го разгледаме првото демонстрирање: силата која делува на тврдо тело со голема брзина, и краткотрајно, поради инерцијата на телото нема време да се пренесе на друго тело. Што значи, при овој удар „херојот“ ништо не почувствува.

Следниот случај: кога на двокракиот рамностан лост делуваат две сили со иста јачина, на исто растојание од оската на вртењето, лостот е во рамнотежа. Доколку, пак, се врти околу потпирната точка, се јавуваат две сили со ист правец и иста јачина, но со спротивна насока (центростремителна и центробежна сила) оската на вртењето е неоптоварена.

Третиот случај ни покажува една термичка состојба, каде телата при согорувањето ослободуваат топлина, но не сите еднаква. Кога станува збор за етерот како супстанција, тој при горењето ослободува топлина со температура што е пониска од телесната температура на човекот 36,5^{0}C, значи, температура од 35^{0}C на која гори етерот човечкото тело не реагира. Од ова произлегува дека изведувачот на третата точка се ладел. Па затоа и се смеел.

По сите овие изведени, циркузантски акробации, пред луковци создадоа страв и големо стравопочитување.

Промоторот, едноставно, ја прими функцијата падар**, полјак** во селото. Меѓутоа, од она што се очекуваше, на виделина ништо не се покажа.

Тој лажго, грците кој го претставуваа како херој. Таквите луѓе Грците ги викаат **алити, Турците ги викаат фукарај или алабаци,** Србите ги нарекуваат **бараби,** а Македонците ги оквли-фикуваат како **неранимајковци.**

Неговата работа се сведуваше на тоа: откога ќе се наспие, кај десет часот наутро, да излезе во полето и да фати некоја подебела сенка. Кога ќе

го помине целиот ден, приквечер да се врати малку порано да прошета низ **Мочарите,** да се најаде каде цреши, каде круши а неизбежни се смоквите и да фати некое детенце од десетина години, да го затвори во казанарката, за да дојдат мајките да молат за да ги пушти. **Оваа тешка и одговорна задача, според Грчките закони, не можеше да ја врши човек од селото Луковиц?!.**

НАСТАНИ ОД 1946 И 1947 ГОДИНА

По потпишувањето на договорот во Варкиза 1945 год., и тоа со амин на КПГ, ЕЛАС го предаде оружјето а власта ја презедоа монархофашистите кои ги формираа оние злогласни фашистички единици. И по парламентарните избори во 1946 год. дефинитивно монархофашистите, заедно со квислинзите, ја формираа владата, по што ги засилија уште повеќе активностите со малтретирањето на македонскиот нарад, а почна и ловот на вештици, прогонувајќи ги видните личности од редовите на ЕЛАС. Заради кое се формира ДАГ (Демократската армија на Грција) која, пак, не покажа интерес за заштита на Македонците од теророт што го вршеа квислншките единици.

Барајќи сопствена заштита, протагонистите, погоре спомнати, се организираа и формираа своја организација НОФ (Народно ослободителен

фронт) со свои кадри и со исклучиво македонски борци, кои делуваа на мегленскиот простор, конкретно теренот Пајак планина и Кајмакчалан каде се наоѓаше и Главниот штаб на НОФ. При користењето на оваа главна артерија за премин од Пајак за Кајмакчалан, неминовно беше да поминат низ атарот на с. Луковиц, како најкуса дестинација за поставување на врски.

Меѓутоа, во с.Луковиц се наоѓаше џандармериската станица, која преку целиот ден вршеше контрола и секогаш постоеше опасност од можен конфликт помеѓу партизанитте и џандарите. Затоа овие премини и размени на информации на партизаните се правеа ноќно време. Дури и тогаш се сметаше дека не е сосема сигурно. Затоа на 06. 05 1946 год. еден вод на партизани од НОФ изврши напад на џандармериската станица, и тоа од северната страна на селото од местата: **Каменоломот и Дабичката.** За кусо време живата сила беше совладена, а објектот до темели изгорен. Послугата што ја опслужуваше оваа станица засекогаш ја снема.

Луковци засекогаш исфрлија еден тежок јарем кој го носеа цели 33 год. со исклучок на оние четирите години кога беа под Германците.

Кога слушнаа луковци дека партизаните што го извршија нападот, зборуваат македонски јазик, уште таа ноќ се приклучија дваесетина нови борци, надевајќи се дека дојде денот кога ќе го фрлат триесетгодишниот јарем од грчкиот монархофашизам.

Меѓутоа, колку што траеше Граѓанската војна во Грција, сметајќи од 1946 г. па сé до 1949 г.,

полни четири години, голем дел од луковските партизани го положија својот живот, оставајќи ги коските на планините: Кожув, Пајак, Кајмакчалан, Пинд и Вичо, како и во сопственото село и неговата околина. Неопходно е да ги спомениме ; нивните имиња и презимиња.

1. Димитар Шорев, загина 1946 г.
2. Димитар С. Кралев , загина 1946 г.
3. Вани К. Ајанов, загина 1946 г.
4. Јани Д. Марков, загина 1946 г.
5. Димитар С. Гоцев, загина 1946 г.
6. Томо Р. Диљапов, загина 1946 г.
7. Пројче Р. Диљапов, загина 1946 г.
8. Ристо Н. Кралев, загина 1946 г.
9. Трифун Д. Бинов, загина 1947 г.
10. Стојан Богојчев убиен во месноста Ќерменицата во близината на с. Луковиц.
11. Христо Т. Бинов, загина 1947 г. во месноста Каракамен.
12. Марко Н. Кралев, загина 1947 г. На Кајмачалан
13. Глигур Д. Миндев, загина 1947 г.
14. Дони Д. Чанаков, загина 1947 г. на падините на Кајмакчалан.
15. Пени Р. Чипов, загина 1947 г.
16. Петре Х. Биширов, загина 1947 г.

17.Јани Јанков, загина од нагазна отскочна мина.

18.Ристо Трифунов, Карабатаков убиен од националистите 1946 г.

19.Илија С. Николов, убиен 1946 г. од џандармеријата во селото.

20.Димитар Г. Биширов, убиен 1948 г. од националистичка банда.

21.Никола М. Марков, убиен под посебни околности, од џандармеријата во селото.

22.Томо Вндов и

23. Сотир Вндов, двајца браќа од по 19 и 21 год без посебни податоци.[1]

Во истата година извршено е и интернирање на семејствата на: Пени Матев, Наси Биширов, Борис Димов, Мици Вндов, Вани Турлаков и Таши Шорев на островот **Фолегандрос** во Егејското Море и тоа:

1. Семејството на Пени Матев во состав од 5 члена.
2. = = = на Трифујн Бинов = = 4
3. = = = на Вани Турлаков = = 5
4. = = = на Никола Ајанов = = 1
5. = = = на Борис Димов = = 3
6. = = = на Таши Шорев = = 2

[1] (податоците од редниот број 1 до бројот 23. се земени од трудот на Христо Андоновски „**Меглен во Народноослободителната војна“.**
Податоците се потврдени и од жители на селото кои го преживееја овој период.

Оставајќи ги во немилост имотите: куќите, крупен и ситен добиток, без да знаат што ќе стане со оставината. Ете, таква била судбината на луковци под грчката монархија. Секако дека оваа појава не се случува само во ова село, туку во сите села во околината. Вака гледано може да се претпостави дека овој народ, во ова време, е поставен под некој стаклен вршник од кој е извлечен воздухот до милионитиот дел од милиметарот на живиниот столб.

о оваа 1946 година, се случува еден од најгрозоморните настани во околината на с.Почеп и с. Луковиц. Овој настан не треба никогаш и од никој да се заборави, затоа што станува збор за борец, за хероината Мирка Гинова, најголемата активистка на отпорот против Германскиот окупатор од 1941 год. во составот на ЕЛАС и против грчкиот фашизам од 1945 г. па се до 25.7.1946 г. кога престана да чука нејзиното срце. За Мирка Гинова има што да се пишува.Таа е неисцрпна со својата борбеност, храброст и издржливост, борец за правата и слободата на поробени народи. За Мирка, секој може да си земе за право и да ја споредува со наипознатите личности, борци за човекови и работнички права, во светот од женски пол. Како, на пример Клара Цеткин – Германка која потекнува од учителско семејство, инаку добар

Сл.15.Мирка Гинова

говорник и раководител на работничкото движење во Германија, па со Шпанјолката Ибарури Доларес ЛајПасионарија, родена 1895г во рударско семејство, која во работничкото движење се вклопува на својте дваесет години.

Мирка Гинова е родена во 1916 год. во с.Росилово – Воденско, во близината на Островското Езеро. Основно училиште завршува во селото Катраница, образованието го продолжува на курсот за учители во Костур. По завршувањето на курсот, барала подолго време работа. Но фашистичкиот режим на Метаксас ја попречувал во вработувањето.

Во овој период диктаторскиот режим со голема бруталност ги прогонува Македонците и ги смета како граѓани од втор ред и интернирајќи ги на островите од Егејско Море. Во 1940- тата година се вработува како учителка во воденските села, со голема љубов работела и ги воспитувала децата во духот со понудената програма и во селото била примена со големо задоволство и како најблиска со жителите на селото.

Во 1941 год. со почетокот на грчката окупација се вклучува во ЕПОН и како членка на ова организација, илегално работи во воденските села и Мегленијата во чија територија спаѓа и с.Луковиц, каде ги организира во Воденско Македонските младинци и младинки, со ова организација успеала да регрутира нови борци. Во 1943 год. заминува во партизани во околината на Кајмакчалан. Мирка била секретат на АФЖ во Воденскиот округ.

По капитулацијата на Германија во 1945 год радоста на населението во Егејска македонија не трае долго време. По ослободувањето новата власт почнува со репресии над македонското население и да ги прогонува членовите на ЕЛАС кои беа малтретирани и апсени, особено Македонците. Во ова време Мирка Гинова се приклучува во ТОМО (Тајна ослободителна македонска организација, и при избувнувањето на граѓанската војна, Мирка се приклучува во НОФ (народно ослободителен фронт).

На 06. 07. 1946 год.во пошумениот дел на Долга ливада, помеѓу селата Почип и Луковиц, Формирала мал партизански одред. Но набрзо била предадена од шпионите на с. Драгоманци. На брзина се формирале три единици, со вкупен број од 400 воиници и џандари, кои иврши ле блокада од три правци. Едната група со напад од с, Саракиново, другата група со напад од с.Драгоманци и третата група од правецот на с.Луковиц во кое село се наоѓаше и џандармериската станица. Кога одредот насетил дека им се заканува опасност, се поделил во три групи за да ја напуштат локацијата со помали загуби. Во групата, во која се наоѓала и Мирка, биле 7 борци, од кои 6 Македонци и еден Грк. Токму оваа група, при напуштањето на локацијата наишла на околу стотина владини војници и џандари со што се развила куса битка. Во оваа ситуација, Мирка го извадила пиштолот и стрелала во монархофашистите, при што убила двајца, но кога и се потроши шарзерот, го фрлила пиштолот кон напаѓачите.

Во оваа нерамноправна борба, во еден момент се нафрлиле бесно на Мирка ѝ ја скинале војничката облека, претворена во партали и облеана во крв, ја шетале по улиците на Воден, распарталена, раскрвавена, но таа со крената глава и горда, гордо го поднесувала тој призор.

Вечерта, истиот ден, во затворот во Воден, кој се наоѓа во средината на градот, големите сверства врз истоштеното тело на Мирка Гинова продолжиле. Ја тепале со дрвени колци, со железни шипки, ѝ врзувале на вратот метални жици (тел), ѝ ставале шајки под ноктите ѝ испуштале струјни шокови. Мирка ги стега забите, глас да не пушти, слабост да не покаже, а џелатите не попуштаат, продолжуваат со истиот интензитет. Со цел да не бидат вознемирани жителите од соседните куќи, во затворскиот двор, поставиле моторцикл кој го активирале, цела ноќ да работи, да брмчи за да не се слуша во околината. А сето ова го кажуваат воденци кои го слушале целиот овој призор.

Наредниот ден Мирка е закопана во земја до самиот врат. По ова од разни места ѝ пукаа со пушки и пиштоли над самата глава. По сите овие поминати премрежиња, во ова кратко време, донесено е решение, наредниот ден, со уште шесте заробени, да бидат префрлени во градот Ениџе Вардар, каде воениот суд, на 25. 07. 1946 год. ја осуди на смрт со стрелање со шесте соборци. На судењето не покажа никаква слабост, ами беше горда и со крената глава, нарекувајќи го судот за ненадлежен и не го смета за легитимен. Ами дека има доверба само во КПГ. Мирка Гинова

е стрелана во утринските часови на 27.07. 1946 год На нејзината последна желба ја пееше Интернационалата, викаше ура и да живее КПГ. Наредниот ден се огласија печатените и електронските медиуми (Прилог портрет).

Гледајќи ги настаните поврзани со Мирка Гинова, ќе забележиме дека тие се поврзани секогаш со бројот 6. Родена е 1916 год. Престана да чука нејзиното срце во 1946 год. кога навршила 30 год., а шеесет години по нејзината смрт, 2006 година. Здружението на борците од втората светска војна – Битола, ѝ подигна споменик, поставен, како прв, од левата страна на шеталиштето во паркот, во алејата на борци од Битола. За оваа прилика, за собирот на Егејците во с.Трново – Битолско, во 2007 год.Елна Поповска, напиша и стихотворба за Мирка Гинова, која требаше да се прочита на собирот. Но тоа не се случи од објективни причини. па на Елена Поповска, како правнука на Колъо Попов, ѝ се даде прилика, во целост да ја објави ова стихотворба во овој труд.

МИРКА ГИНОВА

Кон ридот на смртта колоната се влечи
Тажна мајка Егејска последен пат посака
хероината да ја види
Sверска мисла sвони во крвничките глави
Ирини Гини наскоро мртва ќе биди.

Парчето облека ја галеше голата земја
Секој негов допир беше совршено мазен
Надвиснати коприви, трње, и' ја кинеа
младешката кожа

Суров беше тој пат, долг и неизгазен.

Но Мирка сеуште им се радуваше
на убаввините Егејски
Иако знаеше дека наскоро ќе ја стрелаат
Волкојаново, Росилово, Луковиц,
Колку само убави и живописни села.

Во главата и се вртеше прекрасна слика
Гулаб со маслиново гранче прелетуваше
над куќите стари
Железни врати отвараат македонски збора
Демократија и независност низ земјата цари.

Помислата нејзина молња ја проби
И ридот од болка почна да се руши
Врисок и ужас небото го пара
Во неприкинливо липање народот се гуши.

Ирини Гини е мртва, веке ја нема
За нејзиниот гроб ќе слушнете во шумот
на тивката гора
Но Мирка Гинова сеуште е жива
Од колено на колено за делата нејзини се збора.

Елена Поповска

Уште една од позначајните личности, кои директно учествуваа во формирањето на НОФ, во Егејскиот дел на Македонија, а тоа беше веднаш по потпишувањето на Договорот во Варкиза, 12. 02. 1945 год., помегу Владините сили на монархофашистите на Грција, од една страна,

и ЕЛАС со благослов на КПГ, која го игнорираше македонското прашање, со што стана и сојузник на фашизмот во Грција, од друга страна, а оваа личност е Христо Андоновски. Роден во с. Цакони – Мегленска област, централен дел на Егејска Македонија, на 15. IX 1917 год. Основно училиште завршил во своето село, а гимназија, завршува во градот Воден, на грчки јазик. Во 1940 год. дипломира на Педагошката академија во Солун, а потоа работи во мегленските села како учител, По окупацијата на Грција во 1941 год., ја организира младината од с. **Долно Пожрско**, кое се наоѓа во подножјето на планината Кожув, а потоа бил поставен за одговорен на Агит–проп во реонската организација на КПГ. во С'боцко. Во 1944 год. е поставен како организационен секретар на градскиот Комитет на КПГ за Воден. Во 1945 год,. поради дискриминаторската политика на КПГ, во однос на македонското прашање, преминува во НР Македонија и тоа во Битола. каде се вработува во ОУ „Тодор Ангелевски“ како учител, и тоа само во првото полугодие од учебната 1945/46 год. За да во 1946 год., како голем патриот, се врати во единиците на НОФ, во Егејска Макдонија. Од 1946 па сé до 1948 год. активно учествува во Граѓанската војна во Грција, каде бил одговорен за печатот во Агитпроп, во главниот одбор на НОФ, за Егејска Македонија. Во годините 1946, 1947 и дел од 1948 год. рамноправно учествува во сите акции на партизанските единици против монархофашизмот. Така, во средината на 1946 год. учествува во акцијата за напад на с. Луковиц, за уништување на џандармериската станица, која беше лоцирана северно од крајот на селото.

Местото на Христо Андоновски беше на **Дабичката**, над селските гробишта, од каде набљудувањето на настанот е најсоодветно, бидејќи се наоѓа во непосредна близина на полициската станица, акцијата беше успешно изведена.

Полициискатa станица,џандармеријата, беше опожарена и до темели изгорена. Џандарите го напуштија селото за уште еднаш да не се вратат. По успешната акција, во селото се создаде атмосфера на расположение, со тоа што се спасија од туртурата што се вршеше над нив, уште поголемо задоволство се создаде откако се слушна македонскиот збор, разговор кој го водеа партизаните во време на акцијата. Успехот на акцијата беше уште поголем, со тоа што се приклучија и повеќе младинци во партизанските единици, со што се омасовија единиците на НОФ, а, придонесот беше уште поголем, поради уништувањето на оваа фашистичка група, која го контролираше реонот на селото и им создаваше проблеми на партизанските единици кои одвреме навреме, се префрлуваа од планината Ниџе, преку Кобилица па сé до планината Пајак.

Христо Андоновски кон крајот на 1948 год., кога се констатира дека КП на Грција се оглушува од решавањето на македонското прашање, ја напушта територијата на Егејска Македонија и преку граница се префрла во НР Македонија, но сега не во Битола, каде престојуваше неговата жена Катја и ќеркичката Мирјана, туку е упатен во Скопје, каде што се вработува како новинар во НИП „Нова Македонија“

Христо Андоновски, како добар познавач на грчкиот јазик, добива и петнаесетминутна емисија во Радио Скопје, на грчки јазик, и тоа во ударниот термин на македонските вести во 19 часот, за тој да продолжи, после 19 ч. и 30 минути
библиографијата по археологијата на македонија“ „Страници за македонија и макдонците“ „Дипломатска анти македонска игра“ „Мегленската област во народноослободителното движење во Егејска Македонија.“

Како што го познавам јас, Христо Андоновски, како личност, беше со цврст карактер, секогаш тих, мирен, неизбувлив, го чекаше соговорникот да се искаже, без заобиколување и без напрегање, а неговите одгорори беа секогаш јасни и одмерини, неизбрзани и јалови. Знаејќи дека тоа што ќе го каже е со одмерена вредност, било тоа да е од областа на политиката, економијата, уметноста, образованието, или било која друга област.

Имав прилика повеќе пати да се сретнувам со него, во Скопје и во Битола. Кога доаѓаше во Битола, секогаш тоа беше по службена должност, овој пат како новинар, испратен од НИП „Нова Македонија“, како известувач за настаните во југозападниот дел на Р.Македонија.

Последното негово доаѓање во Битола беше на 3.8.1962 год., во Битола се одржуваше симпозиум со земјоделсќи стрчњаци од Република Македонија, за развојот на земјоделието во Пелагонисќиот регион.

Состанокот беше закажан за 5. 8. 1962 год. (понеделник.) Христо Андоновски во Битола

пристигна два дена порано.(3. 8 . 1962 год.) Со намера да се сретне со моите родители (Колъо и Вангелица) за да има повеќе време да разговара со нив за минатото. Инаку, беше голем љубител на селото Луковиц Од целокупниот разговор што се водеше таа вечер, би издвоил само еден сегмент, за да го оправдам сето ова, што е напишано по горе. Прашањето беше: до кога Грците ќе го малтретираат, македонскиот народ со забрана на употреба на мајчиниот македонски јазик. Еве поминаа толку години и сé уште Македонците се под стрес.? Се размисли, (остроумно и далековидно одговори: Не го оправдувам овој притисок што сé уште го вршат за забрана на јазикот. Нека продожат и понатаму со такви ригорозни мерки. Со тоа народот повеќе го иритираат, го здивуваат и потешко ќе можат да ја остварат целта. Меѓутоа, се плашам да не применат некоја друга, полиберална мерка, која не ќе има иритирачки карактер. Тогаш ќе биде опасно“.

И навистина, далекувидоста на Христо Андоновски се оствари, со тоа што по некоја година грчката влада донесе закон со кој се задолжува Министерството за образование на Грција, во секое македонско село да се отвораат, државни детски градинки, во кои ќе бидат опфатени сите деца на возраст од четири години па нагоре. Во овие градинки децата ќе престојуваат преку цел ден и дека ќе им се обезбеди храна и згрижени од грчки воспитувачки. Секој закон на крајот си има и казнени одредби. Секој онај кој нема да го почитува законот, предвидени се високи парични казни. За мајките

оваа уредба им дојде како порачано. Воспитачките со законот имаа обврска да ги советуваат родителите на децата откога ќе си одат дома да не им зборуваат на овој од никој, непризнат јазик и дека ќе им пречи во понатамошниот живот во „нашата демократска држава“.

Во работата што ја извршуваше голема помош имаше и од неговата жена Катја, по моминско презиме Ѓикова, воденка, која имаше завршено Педагошка академија во Софија.

НАСИЛИЕ ЗА ПОСЛЕДНИОТ ЧИН

За сите овие настани, што се случуваа во овој краткотраен период, за мене не беа познати, ниту пак можев да размислувам со моите тринаесет години, што воопшто се случува. Знаев само да ги потерам овците на пасење и вечерта да ги вратам дома и да забележам дека во нашиот дом нешто негативно се случило, од расфрланите предмети и воопшто од расположението што владееше во куќата.на моите домашни.

На 24 август се вршеа подготовките, се пренесуваа предмети од нашата куќа, во куќите од соседите и роднините што се во непосредна близина до нашата куќа, постелнини, кујнски прибор и слично , што може нешто да се спаси, а откога ќе се вратиме, да можеме истите да си ги вратиме.

Селската џандармерија во некое време поминала покрај куќата на Колјо Попов, и забележала дека нешто се случува, постои некаква раздвиженост, меѓутоа, оваа раздвиженост ја окарактеризирале како подготовка на семејството за 26 август, за кога ќе бидат подготвени за интернирање. Пресметките секогаш не можат да бидат точни, заради тоа што и некој друг прави свои пресметки. (Изгледа дека оваа раздвиженост на вечното собиралиште, на гумното, ќе биде последната активност што се случува и дека од овој ден пак натаму ќе се чувствува мртвило, без никаква живост, не само од напуштањето од страна на семејсвото, туку затоа што, **Фереа** ја постигна својата цел, „ја растури групата која ги решаваше проблемите на селото“ токму на оваа место. Некои заминаа во партизанските единици на НОФ, некои за секогаш го напуштија селото преминувајки ја границата за пат во Република Македонија, а некои за жал ги положија своите коски на планинските масиви на Кајмакчелан, Кожув или на планината Пајак.)

На 25 август 1945 год. ги потерав овците на пасење во југозападниот реон на селото. Во месноста Пожар, Бобалиица, на враќање, вечерта, кај **Гробот**, во близина на селото, ме пречекува брат ми Таши, две години постар од мене, како машка глава во семејството, неговиот збор, елбете, треба да се почитува. Ми се обрати како брат и ми предложи, дека јас треба да си одам дома и дека тој ќе остане со овците, не кажувајќи ми никакви други подробности.

Сонцето веќе се спушташе на запад, зад **Кобилечкиот Врв** и имаше време да се спуштам до селото, минувајќи низ тесниот пат на **Мочарите**. Дома стигнав точно навреме, и тоа така, веројатно како што тоа го замислувал и брат ми, за да можам и јас да придонесам околу напуштањето на селото, иако за тоа не бев свесен. Мајка ми, Вангелица, нерасположена, се туфка де овде де онде, не знаејќи за што побрзо да се зафати, што е она, што уште треба да се заврши, за да се осеќа подготвена за последниот чин напуштање на селото. Тука е и најблиската роднина и пријателка на мајка ми, Тушевица,(Тина) која ја храбри и смирува, „дека ова нема да трае долго време и дека за месец или два ќе се вратите и дека ова е луна и луните не траат долго време“.

Мајка ми се доближи до мене и, како повозрасен од мажите, ми подаде едно чевре - бела, поголема, шамија и ме задолжи, да одам во лозјето –„ ќе собереш грозје и што побрзо да се вратиш“. Задачата ја прифатив и се упатив кон лозјето, кое е под селото и не е многу далеку. Одејќи, патем размислував, која сорта на грозје во ова време може да биде зрела, а денес е веќе 25 август,по ова дата во нашите краишта може да се најде зрело грозје, таква е климата. Лозјето со голема површина, од пет декари, на род веќе петта година

Што се вели, во полна форма. Влегувам во лозјето и право се упатувам во неговата средина каде се наоѓа пенушката, од сортата „темјанушка“. Знам дека оваа сорта на грозје најрано узрева.

Набрав колку што мислев дека е доволно. Меѓу другото, се упатив кон местото каде што татко ми ја имаше закопано библиотеката на дедо ми - поп Коста, со стари црковни книги, поставени во две вреќи, сигурно дека во оваа скромна библиотека се наоѓа и Библијата.”Но среќата му била“ да скапат во земјата на тие стари библиски книги. Кога ја завршив оваа мисија, се вратив дома, меѓутоа почна веќе и затемнувањето. Ја предадов шамијата со грозје, а со тоа се формира и колоната за напуштање на селото. Колоната ја предводеше храбрата тета Тина, па мајка ми Вангелица (Гица) која на вратот ја имаше кренато сестра ми Тина, на возраст од 4 години, по неа сестра ми Лена, братот Орести, а последен во колоната авторот на трудот.

ЗБОГУВАЊЕ СО СЕЛОТО И ПОЧЕТОК НА КРАЈОТ ОД НАСТАНИТЕ

Голгота продолжув. Низ тесните улички на селото, во ноќните часови,тајно, без никој да не чуе и разбере, излеговме јужно од селото, насочени кон тесната патека што водеше во **Мочарите**, за нас малите деца позната како поголема бавча во која се насадени: јаболка, круши, сирки, черешни, сливи и уште што не, и најомилените плодови - смокви. Од денес тоа ќе биде минато. Минувајќи покрај трлата на Богојчеви, патот го продплживме кон големата раскрсница, на **Гробот** каде патиштата се

разидуваат во пет правци: првиот, на запад, северно од планинскиот врв **Кобилица,** вториот, кон **Гиризот** и **Мутруните,** третиот кон **Леските** и во продолжение кон **Кривите Реки и Воден.** Четвртиот **Дурлак, Пожар** и **Бобалиица** и петтиот во правец, источно од планинскиот врв на **Бомбацина**"преку **Скрката** и **Касидова Падина па за Воден.** На ова место многу значаен топоним за селото Луковиц, се случи и разделбата помеѓу двете најголеми пријателки и роднини, се изгушкаа, се изнаплакаа и со солзи на очите. Тетката Тина ни даде благослов „со Господ напред, да ве чува Господ од лошото, да ни се вратите назат што побрзо", и уште што не. Разделбата беше жалосна, ужасна и тажна, но излез на хоризонтот не се гледаше. Тетка ми бестрашна и храбра, се врати назад, по патот по кој и дојдовме до **Гробот.** А мајка ми го одбра патот кој водеше западно од планинскиот врв Кобилица насочен во правец на Кајмакчалан. Секако, кај договореното место, каде ќе треба да не' пречека татко ми, само нејзе 'и беше познато, а ние како пилиња по квачка, каде сопни се, каде падни, офни стани, а таа, „ајде, деца, уште малку, па ќе стигнеме." Па и така беше. Некаде околу 22 часот стигнавме во **Ливадите**, каде се наоѓаат и изворите на Кривите Реки. Дочекот беше очекуван, како што било и договорено. Следуваше мал одмор, проследен со отворање на шамијата со грозје, впрочем и за него, татко ми, било наменето грозјето, барем да проба, од годинашната богата реколта, која ја очекуваше.

Сега водач на колоната беше човекот на кој теренот му беше доста добро познат. Татко ми

напред, а сите ние по него, со вообичаените офкања и нечујните лелекања, стигнавме над селото **Кронцелево**, под крошната – короната, на еден голем, разгранет костен.

Настаните, што се случија под гранките на овојсреќен костен, треба да се прогласат за вистинска уметност, затоа што се случија за многу кусо време, време од неполн час, од четири правци на ова место да пристигнат дваесет и еден член, од три семејства, кои тргнале од четири разни места.

Некаде на полноќ, Колјо Попов, со своето непотполно семејство, се најде „под сенките“ на костенот. По половина час ете ти го Ѓорги Трајанов со неговото семејсто, на број 7. Ѓорги, жена му, најголемата ќерка, Сијка (Анастасија). Девојката која беше приведена за време на блокадата на селото и одведена во С'боцко, каде беше острижена до гола кожа, а со тоа и посрамотена. По неа Петре, по него Дини, по него Колјо и по него, најмалата ќеркичка Марија. Со вообичаеното „добродојдовте, добро се најдовме,среќен да ни биде патот“ разговорите беа скротени, да биде што по тивко, па и така велеа „дека и шумите имаат уши“. По 15 минути, ете ти го Кузман Димов со своето семејство од седум члена: Кузман и женатаму, најголемиот син Ѓорѓи на возраст од дванаесетина години и четири сестрички, како бисер нанижани, која од која помала: Марија, Сава, Тина и лефтерија..

Се очекува уште еден член, најголемата ќерка на Колјо Попов - Сика (Анастасија) на возраст од 19 год, која поради безбедносни причини,

живееше во Воден, кај нејзината тетка, . За неполни 15 минути пристигна и таа во придружба на мојот тетин Таши, качена на еден коњ.

За да се постигне сето ова, собир, на едно место, од различни правци, навистина претставува голема умешност и добра организација. Откога се формира групата, пристигна и лицето, главниот курир на Штабот на НОФ, Танас Миов, неговото партизанско име беши „Тито“ на кој ваква задача не му беше доверена за прв пат, што значи беше човек со искуство, накусо ги кажа начинот и условите по кои ќе треба да се однесуваме при движењето. „Тоа да биде во најголема тишина, без никаков разговор, да се одржува врската помеѓу секој поединец, рака за рака или држење за фустанчињата, да се внимава да не се прекине врската, а повозрасните да внимаваат на редот и дисциплината, како последен во колоната мора да е возрасно лице. А од возрасните беа само тројца, мажите на семејствата: Колъо, Ѓорги и Кузман. Со предопредување, дека постој опасност од диверзантски- монархофашистички единици, кои крстараат по овие предели, како ноќе, така и дење. Движењето ќе биде само нокно време. По изречените напатствија, праша: Дали сте готови за тргнување“?.

Денес е 26 август 1945 год., тргнувањето е по полнок, околу 2 часот, „Тито“ напред, ја води колоната по козји патеки, нерамен пат, камења овде камења онде, темница, недобро се гледа, некое од децата, одејки миже; му се спие, го чукнал прстот од некој камен, офка ама гласно не

плаче, ги стега забите, ја почитува наредбата што ја слушаше.

Рано наутро, пред да изгрее соцето се најдовме во реонот над **с**. **Долно Родево,** покрај една суводолица, од едната и од другата страна обрасната со високи лескови гранки, терен идеален за скривалиште. „Тито“ наредува, малце со повисок глас - „Тука денес ќе одмараме,! сите во ендекот на суводолицата, движењето надвор од неа се забранува, поради безбедносни причини.Тука, денес цел ден ќе престојуваме, се додека не се стемни. Наредбата, секој ја сфаќа како полезна и потребна. Али се чуствува врева, децата бараат храна, резервите се потрошија, возрасните се тиштат, ама не можат да помогнат, се слушаат зборовите „стрпете се уште малку, барем до вечер, храна ќе добиеме, и ако и тие се уште не знаат како и на кој начин ќе ја добијат.

Овој ден, 26 08 1945 год. помина во знакот на гладот и гледајќи го синото небо низ лесковите гранки и зелените шуми во планините обраснати со големи букови дрвја. „Тито“од кога ги даде упатствата за нашето однесување во овој ден и на ова место, предупреди,”дека овој реон, кој ги опфаќа селата: **Волкојаново,**, **Кронцелево**, **Панагица**, **Саракиново**, **Росилово**, **Долно и Горно Родево**, како и селото **Тресино**, одвреме навреме се контролира од специјалните владини единици, а понекогаш, можни се авионски летови. Инаку ,с.Кронцелево според топографската 832 се наоѓа во квадратот на координатите 26 и 28 север југ и координатите 80 и 82 со правец исток запад на 40,50 степени северна географска

ширина и с. Горно Родево во квадратото на координатите 32 и 34 северјуг 76, 78 истокзапад. Реонот на овие две села претставува главното упориште на единиците на НОФ.А тука е сместен и главниот Штаб на НОФ.

Откако „Тито“, ги даде и овие, последни упатства, замина без никакво објаснување, каде и зошто ќе биде отсутен, веројатно во извршување на некоја друга задача, која ние не требаше да ја знаеме.

Патувањето, секако е програмирано, мора тоа да се изведува ноќно време, поради погоре наведените причини, а независно од тоа што станува збор за мали деца, за кои патувањето претставува посебен проблем, згора на тоа, што некои треба да се носат и на рамо. Меѓутоа, „Тито“ времето го планирал, за наредниот ден, 27 август, наутро да пристигниме во с. Горно Родево, каде е седиштето на Главниот штаб на НОФ, на Македонија. Имајќи го предвид сето ова, пристигнува дури околу 22 часот, за одма да каже дека треба да се извршат одма подготовќи за продолжување на патувањето, и дека припремите не ќе можат да траат повеќе од 1 час. Се активираа „главите“ на семејствата. Припремите завршија во определеното време, формирана е колоната. „Тито“ напред, патувањето почна по тесниот, нерамен меѓуселски пат, длапки овде, онде, камења исто така, некои од децата замижале, им се спие, некој го чукнал прстот, го боли, ги стега забите, само да непушти глас. Сé е немо, се слуша само тивкото чекорење на бегалците по тие нерамни, меѓуселски патеки.

Кога веќе почна да се зазорува, се јавуваат првите мугри, се осветлува видикот пред нас, а ги забележуваме и првите куќи од с. **Горно Родево.**

Бевме пристојно пречекани од дежурните екипи на Штабот. Наседнавме по корењата на огромните букови дрвја, небото не се гледа од разгранетите крошни на високите дрвја, а на замјата „тепих“, меко од попаѓаните букови лисја.Од куварите бевме послужени со топол чај леб и сирење.

Во вакви услови и корка леб да му подадеш на гладен човек ќе биде задоволен и повеќе од тоа.(за, во ваквии прилики, Давид Абдалахари во своето дело „Јамка“ ќе каже „ И онаа малкото е довлно“. Што би било ако и тоа малцето го нема“.

За ручек добивме манџа, компири со месо и едно парче леб, мало во тркалезна форма.

Сега веќе се најдовме на слободна територија, нема насилства, нема повеќе страв од насилниците, нема и на што друго да мислиме, освен на тоа што пред нас стои наредно патување, кое не' очекува следната вечер.

Во меѓувреме, татко ми Колјо Попов е повикан во Главниот штаб. Во Штабот, Вангел Ајанов, Христо Андоновски, како агитпроп во штабот, веројатно и Мирка Гинова и др. Го прашуваат татко ми: „абре бај Никола,ти имаш уште два сина, тука во групата ги нема“. Па да ви кажам „ги оставив со овците и говедата, да ги остават во селото Волкојаново, а потоа да дојдат, каде ние таму и тие.“ Се гледа дека не размислуваш добро. Ги гледаш ли ти, тие 7 усти како бисери што си ги нанижал. Кој тие деца ќе ги рани, ќе можеш ли ти

со твоите две раце да ги прехраниш?.„ Ама, јас за организацијата“. Остави ја ти организацијата, таа и без твоите овци и говеда ќе преживее. Туку ти оди каде што си тргнал, а ние твоето мало стадо, заедно со синовите, ќе ти го испратиме на местото каде што ќе се најдеш“. (Од вистината не се бега и таа треба да се признае, да се памети и никогаш да не се заборави) така и беше.

Се очекува нова рута, новото патешествие или за нас тоа претставува бегство или прогонство. Покрај сите подготовки, добивме и вечера. а нешто и за по пат, за децата. Тргнавме со извесно задоцнување од непознати причини, се чекаше другарот Танас, кој пред ова имал добиено некое друго задолжение, одложувањето траеше до 21 часот, кога и стигна познавачот на мршрутата.

Движењето беше отежнато, заради лошиот пат, кој водеше низ шумата и големите стрмнини,ритчиња и долини, а згора на тоа беше и ноќно време. Патувањето траеше цела ноќ. За нареииот ден, 28 август да се најдеме на подножјето на источната падина на планината **Ниџе,** во месноста **Мишеви Колиби. Т**ука не' пречека еден не толку стар овчар, козар и говедар кој пасеше добиток на овој терен, секако дека ова претставуваше и резерват за месни продукти за исхрана на партизанските единици. Покрај што се занимаваше со сточарство, одгледуваше и градинарски култури: пиперки, домати, кромид, а најмногу имаше посадено компири. Тука направивме еден поголем одмор, а за тоа време старецот во еден голем котел свари компири со што добро не' нахрани, за да добиеме снага и моќ

за понтамошното патување. Бидејќи излеговме од опасната зона, патувањео беше денски, по стрмните источни падини на планината Ниџе. За некаде попладне да се најдеме на гребенот на оваа планина, кој се протегаше од југ кон север за да се спои со Кожув Планина.

Поминувајќи го гребенот почнавме да се спуштаме низ западните стрмнини на оваа планина. Не требаше да патуваме подолго време, за да го чуеме силниот глас „**Стој, кој иде!“**, гласот на стражарот на караулата, на ЈНА. Ја кажа лозинката, водачот „Тито“ за него лозинката беше да го каже неговото име -„Јас сум Танас,”Тито“ со мене водам група бегалци“. Танас напред, останатите нека стојат.“ По размената на информации и завршување на војничките процедури, патот се отвори. Во придружба на двајца, други, војници бевме доведени во караулата, позната под името „**Доктор Рајс**“. Тука бевме пречекани достоинствено и доста топло. Беа искажани зборовите: „Сега нема од што да се плашите, се наоѓате во слободна територија. Во територијата на НР Македонија“.

Бевме изморени, измрцварени, просто и на нозе не бевме во состојба да стоиме, но, сепак, бевме презадоволни од она што ни го овозможија. Не' сместија во една просторија, налик на сала, во која имаше маси и столици. Кога се одморивме, добивме и ручек, војнички грав. На ручекот присуствуваше и Танас- спроводникот, а после тоа се врати назад. Веројатно, по друга таква задача.

28 08.45 год. скоро цел ден го преседовме во караулата, се одморавме попладнето, слободно

шетавме во дворот на караулата. Вечерта да бидеме поканети на вечера, вечеравме манџа компири со месо. Оваа вечер беше првата што добивме можност да спиеме. За спиење не однесоа во една друга просторија, во која немаше никаква постелнина, а ние немавме никакви покриви, но, сепак, летно време, се поделивме по семејства, по ќошовите на просторијата и така изморени, присобрани еден до друг, а малите во скутовите на мајките и во нивните прегратки, стиснати како пилиње под крилјата на „квачката," ја преспавме таа вечер. Сега, одморени и по комотни, ќе може да се продолжи патувањето.

Утрото, на 29.08.1945 год. ни беше сервирано во салата доручек чај, маргарин со слатко од сливи и леб, колку што може да се јаде. По доручекот не' изведоа надвор од кругот на караулата и ни го покажаа патот кој водеше до Влашките колиби и куќарката на ШИП - Кајмакчалан. Патот обележан, нема потреба од водач. Навистина патот обележан, но каменлив, камен до камен, нема земја на која може да се згазни на сите нaсете со набојници, овкање дотука бидува. До куќарката на ШИП- Кајмачалан стигнаме околу 14 часот.Токму тогаш, камионите со борови трупци беа натоварени и готови за поаѓање кон Битола. Вработините од ова шумско претпријатие не прифатија многу добро. Знаејќи ја нашата положба, се организираа и направја распоред кои на кое возило ќе треба да не' качат. Не' натоварија на три камиони, секое семејство посебно, над боровите трупци. И така овој ден стигнавме до с.**Скочивир**. Возачите не' смеат да превезуваат патници на натоварени возила со

градежен материјал. Не' растоварија пред мостот на **Црна Река** . Меѓутоа, во с.Скочивир се наоѓа Пограничен воен штаб, со команда на пограничните единици и караулите на ЈНА.

Оваа команда не прифати и преминувајќи не преку мостот не' одведе во нивниот воjнички круг, во селото. (Ова се вели добра организација и совесни луѓе, кои се грижат за бегалци, кои го напуштиле својот дом и бараат спас на својот живот).

Не' прибраа во кругот на главната караула и веднаш не' послужија со ручек, знаејќи дека сме гладни, а постои и веројатност дека биле известени од Командата на караулата „Доктор Рајс“ за бројот на бегалците. Но било како било, покрај ручек, добивме и вечера, згора на тоа, оваа вечер ја преспавме во кругот на караулата, во селото. Секако, ова го направија, имајќи во предвид дека наредниот ден 30. 08 1945. ќе имаме најдолг пат, кој ќе треба да се изоди за еден ден и тоа пешки, со мали деца. Друг превоз во тоа време и не постоеше, освен тешки товарни возила.

На 30 08 1945. година, не' разбудија рано наутро, беше тоа времето кога сонцето изгрева. Прво ни дадоа доручек, а потоа возрасните ги запознаа со патот што не' очекува. Старешините од караулата одкако го преминавме мостот на Црна Река, ни го покажаа правецот на движење, и со добар пат и добро здравје не' испратија во покажаниот правец. Сега патот е џаде, макадам пат, рамен, ама долг пат, прашлив и жежок,а бегалците боси, бараат спас од жештината по

страните од патот. Поминуваме низ с,Добровени., па низ с.Бач, Гермијан, Кременица, го поминавме и селото Меџитлија. Талкавме повеќе од 30 тина километри, по тој тежок, и жежок августовски ден, за да стигниме во с. Породин, одтаму во с. Велушина, каде ќе треба да го пријавиме нашето доаѓање во НРМ. Дали тоа пријавување беше глобално или поединачно не ми е познато, но за кусо време со водич од ова село, бевме упатени во правец на г. Битола. .Патувањето беше тешко, мали деца, да поминат пешки, пат подолг од 30 км, е незамисливо но, сепак, вистинито (тој пат е изоден со мали деца од 4- 5 години. Тука, во Велушина, задолжените за прием на бегоци, ни определија нов водич, кој требаше да не спроведе до Битола. Нему, добро му беше познат патот до Битола, а добро ги познаваше и улиците во него, така што во доцните попладневни часови не доведе на улицата „Ѓуро Ѓаковиќ“ каде што беше сместено„Комесарството“за прием на бегалците. Сега веќе пријавувањето беше детално за секој поединечно, со име и презиме, место, ден, месец и година на раѓање. Бевме целосно прифатени и упатени за исхрана во заедничката менза во дворот на црквата „Св. Петка“.

Секако дека патувањето (бегството) беше тешко, трнлив и неописливо.шест дена патување, талкање по козји патишта, по ридови и долини, патишта недефинирани, со мали деца кои се уште не научиле да стојат на нозе а не да поминат нерамни патишта повеќе од 130 км.

Не помина една недела, ете те ги, двајцата браќа, Таши и Дини и двајцата малолетни, со нив

ќо дотераа и малото стадо овци и една коза-санска раса, и шест Крупни грла, меѓу кои два волови, две крави, една даначка-јуничка и едно магаре. Подвижниот имот на Колјо Попов. Имот што, според него требаша да го остави во селото Волкојаново. Но мислењето на Главниот штаб на НОФ е ова, што сега го имаме на лице место.

Улицата"Ѓуро Ѓаковиќ" се наоѓа во центарот на градот Битола, а овде станува збор за овци, кози, магарињa и говеда, чие место не е за тука. Треба да се изврши дислокација, не само на добитокот туку и на семејството во целост, имајќи го предвид случајот. Надлежните органи на „Комесарството" донесоа заклучок фамилијата и добитокот да се дислоцираат во периферијата на градот, некаде северно од сегашната. А тоа периферија е улицата „Св. Наум" бр. 24. Поранешна улица „Неуфитирилска". Куќа, сопственост на интернирани Евреи. Северно од оваа населба се наоѓаат пасишта, како што се: Мала и Голема Тепсија и некогашниот Сенарник, познато како Стрелиште, блиску до монополските објекти.

Поранешното овчарче од с. Луковиц не ја изгуби својата функција, и тука, во Битола, повторно е главен за овчар и говедар. Така еден ден, пасејќи го добитокот во Сенарникот, незабележително ми исчезна магарето кое пасеше покрај патот, кој пат е насочен од Битола кон селата: Горно Оризари, Раштани, Крклино и т.н.т. тоа беше во вторник или петок, кои денови во Битола се пазарни, враќајќи се пазарџиите од пазар кон дома, ми го украдоа магарето. Случајот

не се заборава. Останавме без магаре, но знаете, туѓинци, непознавате никого, не знаете каде да се обратите, настанот помина, како и ништо да не се случило- тепаниот е тепан и.т.н..

Пред нас е зимата. А кажуваат дека во овој дел на Македонија фаќаат големи студови, снегови до колена. Кољо Попов, сега Никола Поповски, не приготвил храна за имањето, за зимски услови, имањето ќе изумре. Треба да се бара чаре. Излезот го гледа во пренесување на имањето во некое од соседните села.

Затоа тргнува во правецот на исток, ги реди селата: **Логоварди**, не постојат услов .продолжува кон с. **Новаци**, нема никакви шанси.

Селечка Планина е на карши него. Го гледа селото **Параловo**, може би, тука ќе имам среќа, така мисли Никола, меѓутоа, едно е да мислиш, а сосема е друго, тоа да се оствари. Параловци го упатуваат да се качи до **манастирот „Св. Ѓорѓи“**, кај калугерите, можеби тие ќе му излезат во пресрет и прашањето ќе го реши. Денот е при крај, одвај има време, до целосно стемнување за да стигне до манастирот. А калугериите во манастирите се таквии луге, кои на залутани луѓе секогаш сакаат да им помогнат, и тоа без исклучок. Знаете, секогаш надворешната врата – портата на манастирите е затворена и тоа со кросно, за да се влезе внатре треба да се тропне, елбете, како што е по обичај.

Овие формалности се исполнети. Вечерта од калугерите и од егуменот е примен со најголемо гостопримств, откога е нахранет, добива и понуда за спивање, не им дозволува совеста да бидат

нехумани во вакви ситуации. На Никола Поповски проблемот му е во главата, какво спиење. Прво истакнување на проблемот, зошто тргнал на ова патешествие.

Откако им ја објасни, патувачката мисија и проблемот кој го тишти, уште повеќе се заинтересирале како и на кој начин би можеле да му помогнат.

Со образложение, дека тие не се во состојба да прифатат туѓ добиток за исхрана преку овој зимски период, затоа што немаат доволно храна нити за нивна потреба. Меѓутоа со најдобра желба, го упатуваат, во текот на утрешниот ден, да оди во селото **Ивени**, каде постои најголема веројатност дека овој проблем ќе биде решен.

Селото **Ивени** се наоѓа на маргините, на масивот **Селечки Планини**. Но сепак богато село, со голем селски атар, богати пасишта, расположен од левата страна на реката Црна, со блага зимска, континентална клима. Во ова село немаше во тоа време семејство кое има помалку од сто грла овци а и доста крупен добиток. Што значи, идеални услови за сточарење. Кољо, татко ми, откако ги ислуша добро изречените зборови, се заблогодари за сето она што го ислуша од домакините, не остана друго, освен да се упатат на спиење.

Во раните зори, наредниот ден, сите се подготвуваа за извршување на своите задачи. Егуменот се задржа за да му ги даде последните напатствија на гостинот. ”Патот е „козји, каменлив, има повеќе ритчиња, не е многу далеку. Но, селото од поголема далечина не маже да се види,

бидејки се наоѓа зад повисоки карпи кои го заткриваат видикот до селото“. Наречена „**Ивенска Порта“.** Ама слушај, и ова да ти го кажам, „ќе гледаш да се сретнеш со **Стојко Стојковски**, тој е паметен човек“

Со зборовите: добар пат, среќа и здравје се упатија секој на својата задача. Татко ми го искачи ридот блиско до с. **Грумази**, па се спушти по удолницата за да стигне до висорамнината **Чегал**. Поголема рамница, богата со трева. (Тука била првата локација на с. Ивени).

Пред него се испречува друг рид, само со помала висина од претходниот, Кога е совладан и овој рид се јавуваат други, пониски, а селото се уште го нема.”Господ дава снага“. Еве ги стените, „**Портата“,** зад кои се простира селото. Треба да се бара куќата на Стојко Стојковски. А била токму во почетакот на селото.

Со пристигнувањето во близината на карпите, се отвори видикот кон долината на Црна Река, Веќе се назре и селото, кое се распространува на три валчести издолжени ридови. Во ова село нема горна и долна маала, како што е обично во други села, туку постој северна, јужна и централна, каде е лоцирано селското училиште и задружната продавница. Па и човекот кој го сретнал тоа го потврди, покажувајки со рака. „Еве, гледај онаа куќа со надворешни скали која на катот има чардак, ете таа е куќата на Стојко Стојковски“. Сполајти, сполајти. Жив и здрав да си ми.“ му рече татко ми. Упатувајки се во правецот на означената куќа.

За среќа, домакинот беше дома. Поздравувајки се со добро ве најдов и добро си дојден. домакинот Стојко, на возраст од околу 60- тина години, му понуди седнување надвор во дворот и да го праша ”Што ал те најде да дојдеш во нашево село“? Гостинот одкога се претстави со своето лично име и презиме, продолжи да кажува од каде доаѓа и зошто е дојден. Во разговорот го искажа сето она што беше разговарано со егуменот во Параловскиот манастир„. Бидејќи во манастирот не можеа, да ме прифатат, заради, ете, оправдани причини, ми предложи да дојдам до вашето село и лично да се јавам кај Стојко Стојковски и мислам дека не погрешив“.

Стојко го ислуша искажувањето на Колъо и малку поразмисли (инаку мудар човек, со изострен ум и разум и принципиелен во секој поглед кон секој поединец во селото, беше, човек со голем авторитет, неговите ставови секогаш биле почитувани и прифаќани од мнозинството. , Кога размисли добро, ја сфати тежината на проблемот на соговорникот, (бидејќи станува збор за жив добиток кој ќе остане да живее или ќе треба да изумре), заклучи, дека овој проблем не е во состојба самиот да го решава, дека селскиот атар не е негова линча сопственост и дека ќе треба да се изјаснат на собир- селаните.

И отако го сомле сето ова, во неговиот ум, се обрати кон соговорникот, со зборовите ”Слушај Никола, ова твое барање јас не ќе можам го решам. Ваквите прашања ги решава селскиот одбор, во согласност на целото село. Туку слушај, сакам јас да ти помогнам, да те извлечам од оваа

ситуација во којашто се наоѓаш, затоа ти предлагам оваа вечер да бидеш мој гостин и ќе бидеш присутен на состанокот што вечерва ќе го закажам со жителите на селото“

Состанокот се закажа и се одржа во училницата на основното училиште во селото. На состанокот присуствуваа мнозинството од возрасните жители меѓу кои: Митре Оранчето, неговиот брат Ристе, Митре Голев, Јован Шокманов како поединци, а присуствуваа и повеќе членови од едно семејство, како, на пример Ѓорги (Гиљо), Алексо и Јован, од семејството на Петковци- познати како Зељаровци, па четворица од Ѓиковци: Ристо, Спиро, Гроздан и Крсте, Здраве од Стојковци, некои од Лукаревци, па Кулевци, овде не може да биде изоставен Митре – Мушле, најбогатиот чавек во селото, со над 4оо грла овци, имаш и доста крупен добиток на кој не му го знае точниот број. Не можеме да го изоставиме и присуството на Стојко Стојковски, кој го водеше состанокот.

Состанокот се одржа со единствена точка на дневниот ред:

-Разгледување барањето на Колъо Попов, за прифаќање на неговото мало стадо овци и некое крупно грло говеда, да презимат во нашиот атар.

Претседавачот Стојко Стојковски накратко го образложи барањето со тоа што го претстави присутниот гостин со име и презиме и дека е бегалец од соседната земја- Грција. И додаде: „Тој е нашинец, Македонец и не сме многу далеку со селата, не дели само планината Кајмакчалан, со тоа што ние се наоѓаме од оваа страна на

планината, а тој од другата страна на истата планина. Причините веројатно ви се познати. Моментално неговото стадо се наоѓа во Битола, меѓутоа се приближува зимата, а со храна не е подготвен, па му претстои опасност од изумирање на добитокот. Немајќи излез, се реши да талка низ битолските села и да бара спас од ситуацијата. Ете, доталка и до нашето село да бара помош. „Што мислите, ќе можеме ли да му помогнеме на овој човек, со тоа што ќе го прифатиме барањето!“.

Се создаде молк во просторијата, се гледаат еден во друг, се подбуцнуваат, си шушкаат, ама никој не вели не. Се исправа еден од присутните и се изјаснува: „Положбата на дојденецот се гледа дека не е поволна, се наоѓа во тешка положба, ако ние не му помогнеме ќе не' казни Господ, ќе ја имаме грижата на совеста, ако прифатиме да речеме не“. Се јавува друг за дискусија: „ Се гледа дака положбата е тешка, ама ние не сме во состојба да најдеме решение, како тоа ќе се изведе. Ако вие, како претседател на селото, имате некаков предлог и ако е прифатлив, зошто да не му помогнеме на човеков“.

Председавачот Стојковски Стојко ќе рече: „Решението јас го имам во џебов, ама ако вие речете да, дека се сложувате и Митре Оранчето ако се сложи, што верувам дека нема да го одбие. Да чуеме, а и Митре нека слуша“!

Трлото и овците на Митрета се наоѓаат во **Крапа,** а овој атар е многу блиску до Црна Река, терен каде зимно време снегот не се задржува повеќе од еден ден, Значи, дополнителна храна за

овците не е потребна, а од друга страна, неговиот брат **Толе** е постојано таму, меѓу овците и говедата, но не е во состојба во потполност да ги извршува потребните задолженија. (За нас од познати причини). Затоа го прашуваме прво Митрета, а останатите сум сигурен дека ќе го прифатат. Така и се случи. Прифатен е прдлогот без понатамошна дискусија.

Татко ми, по четири дена, талкање по Селечките ридови се врати во Битола, за да каже дека мисијата успешно ја завршил, за да почнат подготовките за пренесување на овците во селото Ивени. За овој гест на ивенчани е упатена голема благодарност од фамилијата на Поповци.

Со овој настан мене ми се одзеде функцијата овчар и говедар, а требаше да се подготвувам за ученик во прво одделение во учебната 1945/46 година во Основното училиште „Тодор Ангелевски“ - Битола.

Селото Ивени е познато во јавноста поради тоа што често пати е застапено во крстозборките на разни списанија - печатени медиуми, како село во Битолско и уште по тоа што во Втората светска војна даде една жртва, борејќи се против бугарскиот окупатор. За време на колективи-зицијата, Земјоделската задруга во селото да го носи името „Колевски Јанко“. Инаку, еден од синовите на Стојко Стојковски.

КОЉО ПОПОВ

Кољо Попов бидејќи потекнуваше од свештено, попско семејство, во селото Луковиц, преставуваше човек со голем авторитет, како и неговиот татко – попот Коста, и не само заради тоа, тој умееше да ги смирува луѓето, да ги зближува помеѓу себе, да не се создаваат меѓусебни тензии кои ги оддалечуваат луѓето едни од други. Таков му беше карактерот. Покрај тоа, неговата куќа беше изградена во центарот на селото, во горната маала, на приземје и спрат. Пред куќата голем двор, по ширина и должина, од јужната страна на гумното,преку целата негова должина се протегаше **сокакот-улицата,** која имаше почеток од кај копривката, кај Шоревци, продолжувајки западно за да помине покрај црквата и училиштето, па покрај гумното на Кољо Попов и да заврши до Чиповци и Бишировци, како

Сл. 17 Кољо Попов жената му и внуците

горномалци. Оваа главна артерија, селото го дели на две половини: северна и јужна.

Сите жители на селото го користеа овој сокак, а гумното претставуваше собиралиште, каде се одвиваа сите значајни настани од интерес на селото. Како културнозабавни и политички.

Скоро секоја вечер, при поволни временски услови имаш луѓе на гумното, од најмладите па се до најстарите. **На неговата југоозападна страна беше поставена долга копривкава греда, потпрена на три трупци (ја играше улогата на клупа)**. На оваа клупа се носеа значајни политичќи одлуки.

Кољо Попов за жителите од селото Луковиц, претставуваше како„ **МАТИЦА“** околу која се вртеа сите настани. Секогаш на состаноците се очекуваше неговото мислење, а Луковци во текот на изминатиот период поминаа низ многубројни премрежија.

Роден е во 1898 год. во селото Луковиц, воденско, Егејска Македонија, од мајка, Марија и татко поп- Коста. На својте 22 години е мобилизиран во грчката армија и учествува во војната која Грција ја водеше во 1920 год. со Турција

Служеше во заднинските единици, во својство на бербер (познато во тоа време, дека берберите ја играат и улогата на стоматолози) и стоматолог.

По демобилизацијата, берберскиот и стоматолошкиот прибор го задржа за себе. Со овој прибор во селото стана уште по значаен, баран и почитуван. Во селото се сé вртеше околу Кољо

Попов. Имаше и причини: им ги вршеше сите услуги на селаните околу берберлакот и стоматологијата и тоа без анестезија им ги ваѓаше забите на заболените селани. Имаше талент да ги лечи заболените од прелада – настинкаобично тоа се случува зимно, со нагорена до усвитување метална цилиндрична шипка ги гореше во петицата на свој начин. И на крајот да им рече: Од утре ќе бидеш поздра, од времето пред да се разболеш“ За извршените услуги не примаше надомест, туку тоа го правеше на волантерски начин. Ваквиите луѓе во една поголема средина ги прави авторитетни.

Поради сето ова, стана нај омразената личност во очите на селската џандармерија, а овие пак, џандарите ги користеа услугите што им ги даваше Фереа, кој Кољо Попов пред џандарите го претставуваше како нај опасна личност против грчката политика што се водеше во селото и како продолжувач на идеите на Кољо Марков, Затоа беше поставен како прв во неговата клеветничка листа.

Затоа во 1944 год. од еласитите е приведен и затворен во затворот во г. Негош. Каде лежи 5 месеци, со кауција е ослободен од овој затвор, а во 1945 год. во отсуство е осуден на 101 год. строг затвор.

ДЕМОГРАФИЈА

Демографската состојба на селото Луковиц, речено, во најблага форма, е катастрофална. Имајќи го во предвит извршениот формален попис во Грција во годините: 1928 год. 1940 год. и 1951 год. И неформалните податоци („добиени“ од жители на селото во 2013 год.) ќе се забележат фрапантни податоци. И ако селото се наоѓа во непостредна близина на градот Воден, а не е нити многу оддалечено од помалото градче, С'боцко во Мегленската котлина.

Имајќи ѓи во предвид двата града кои едниот е јужно од селото, а другиот северно, која оддалеченост не е голема, посебно од градот Воден, едно четири километри, воздушна линија, згора на тоа сообраќајно се поврзани со автобуска линија, на секои два часа во денот во двата правци, се поставува прашањето? Зошто за толкова голема разлика се намалил бројот на жителите во селото.

Згора на тоа селото има најдобра местоположба во однос на околните села. И уште тоа: 50% од селскиот атар (западниот дел) е пошуман со дабова шума. А 50% од атарот (источниот) дел, површините се обработливи. Селото има југоисточно изложување со одлични климатски услови, за опстанок и добар живот.

Меѓутоа ако ги разгледаме бројќите од разлини временски периоди, ќе забележиме голема дискрепанца од некогаш и сега.

Така на пример, од пописот извршен во 1928 год. селото броело 384 жители, а од пописот извршен во 1940 год. селото броело 431, додека во пописот од 1951 год. селото броело 280 жители. Тоа се тие формални податоци, се до 1951 год. Додека последниот (како неформален, добиен од жителите на селото) во 2013 год. во селото живејат 180 жители.

Ако се направи анализа на прикажаните бројчени податоци, ќе се види дека постоеле падови и растови во бројот на жителите во селото, кои биле од објективни фактори.

Ако ја анализираме бројката од 1928 год. 384 и бројката 431 од 1940 год. ќе забележиме дека има прираст од 47 жители, кои во проценти изнесува 13%. Ако пак се разгледат податоците од 1940 год. и се споредат со тие од 1951 год. ќе забележиме дека има пад од 141 жител, кое во проценти изнесува 33%.

Ако пак се се анализираат податоците од годините 1928 и 1951 падот е за 104 жители, или тоа во проценти прикажано ќе изнесува 27%. Разгледувајќи ѓи оние, формалните од 1951та, год. и оние неформалните од 2013 год. со пад од 100 жители, процентот изнесува 36%. И уште овој податок, споредени 1940 год. и 2013 год. падот е за 241 жител, изразено тоа во проценти изнесува 56%.

Податоците од пописите (оние, формалните) 1928 г., 1940 г. и 1951 г. се користени од трудот на Наум Пеов „Македонците и граѓанската војна во Грција„ издадена 1968 год.

Причините за ваквиот енормен пад на населението во селото Луковиц, треба да се бараат во премрежијата кои ги претрпеа во периодите од 1912 и 1913 г. па се до 1949г., а траги останале и после 1949 г.

Факторите кои влиаеле на демографијата во селото траеле подолго време, почнувајки од:

1. Балканските војни 1912 1913 г.
2. Војната помеѓу Грција и Турција 1919 – 1924 год.
3. Војната помеѓу Италија и Грција 1940 г.
4. Втората светска војна 1941 год.
5. Граѓанската војна во Грција 1945 – 1949г.

Само Граѓанската војна во Грција 1945 1949 г. што, генерално, се водеше на територијата на Егејска Македонија. Во оваа војна, Граѓанската, селото Луковиц даде 23 жртви, што во проценти изнесува 5,5%.

СИМБОЛОТ И ГОРДОСТА НА СЕЛОТО ЛУКОВИЦ

Симболот и гордоста на селото Луковиц планинскиот врв Кобилица, со кота 649 м. надморска височина остана нам. Не раскажува повеќе за селата околу него, за Меглнската котлина, за Солунско поле, за планините: Ниџе, Пајак, Кожув особено не за селото Луковиц, чии жители секојдневно го посетуваа со својте стада: овци, кози и говеда. Ги нема: тракатарците,

звонците и клопотарците, го нема лавежот на овчарските кучиња, го нема: џагорот на овчарите, говедарите и козарите, но „зборува“ бетонскиот столб, поставен на пресечениот „конус“ на врвот од Кобилица, „зборуваат“ и остатоците од рововите каде што беа окопани германските топови 1942 год.

Слика бр. 18. Врвот Кобилица

Но, затоа од овој врв се гледаат билата – сртовите на планините: Ниџе, Кожув, Пајак, а преку Гола Глава и Негошките Планини, Солун и Солунско Поле, да не се испушти и богатото Мегленско поле.

Останува уште и најблагородната сенка, која се спушта над селото во попладневните часови од денот и заедно со пријатниот, северен поветерец кој што надоаѓа од Кажув планина (овој ветер кој

што доаѓа од зат планината Кожув е Повардарецот) бидејќи минува низ Мегленската котлина, луковци си го викаат **Мегленче.**

Заедно, овие два феномена, климата во селото ја прават благопријатна, таканаречена „воздушна бања“ која претставува добра основа за развојот на селскиот туризам.. Впрочем, е изградено и едно детско летувалиште во реонот на „ Коската“ и “широката орница на превојот помеѓу границата на с. Луковиц и с.Црковјани.

Редно е во оваа пролика да се напомене и тоа, дека жителите на ова село, како што беше напоменато погоре, се занимаваа исклучиво со полјоделство и сточарство, како основно занимање. Меѓутоа, во последно време ги нема: свилената буба и кожурците, го нема сусамот, го нема кокарот од кои ги добиваа основните финансиски средства. Сегашната состојба е поинаква.

Населението се приориентирало во подоходни култури, преминуваат во производство на цреши, праски, јагоди и маслинки. Значи се менува структурата на земјоделските култури. Но затоа се менува и начинот на обработката на површините, ги нема ралото, мотиката и диќелот, српот и гумното, анималната снага е заменета со земјоделски машини, трактори и други приклучни машини. Ги нема мукањето на говедата, али затоа се слуша брмчењето на тракторите.

И ако поради демографијата, бројот на жителите во селото е драстично намален. Но поупорните луковци останалле во селото, поради добрата географската положба, добрата клима и

„папочната“ врска што ја има помеѓу градовите Воден и С'боцко. За добронамерните патници претставува една „сопка“ за да застанат, да направат еден мал одмор, да се напијат кафе, чај, пиво или некој друг напиток. Таквии услови постојат во селото заради тоа што постојат три кафеани, како пирустија поставени. Значи, има место за мештаните и за сите други добронамерници, затоа и се добре дојдени.

Сл.19 Група на жители од селото во една од кафаните каде што ги минуваат последните часови од денот

Мештаните, секој според сопствениот вкус и со најблиските пријатели имаат можност да ја одберат саканата кафеана, и тука во добро

расположение, преостанатиот дел од денот, да го поминат, разговарајќи за извршените обврски во овој ден и кревајќи ги чашите, наздравуваат за добро здравје и живот, како и за утрешните обврски. Дали ќе го поминат денот, работејќи на Мутруните, Леските, Ушанци, Кулата, Г. и Д. Мерај, Г. и Д. Тополи, Брунчин, Сува Гора, Пупина“ или на некое друг определен топоним.

ВОВЕД НА ПРИКАЗНАТА

Тетин ми Таши Родинчев, зет по сестра на мајка ми, со неговата фамилија живееше во Воден, а се занимаваше со градинарство. Градот Воден во тоа време претставуваше и земјоделски град, за обработка на неговата бавча го користеше коњот. Меѓутоа зимно време, поради недостиг на храна, често пати, поради близината на градот со селото, ќе пристигнеше да набави некоја врзма ѓонче, слама, или пак сено за прехрана на добитокот. Неговиот бајанак, Колјо, мојот татко со големо задоволство го примаше и како гостин ќе престојуваше најмалку барем една вечер.

Ние децата, седум на број, кое од кое помал, полегнати под еден покри го очекувавме да отпочни со својот репертоар на народни приказни. Инаку, беше права енциклопедија за приказни, просто неисцрпен од секаков вид на приказни, поврзани со кралеви, кралици, попови и владици, козари и овчари, кобили и коњи и уште што не.

Раскажувајќи ни така едно дватри часа, еден по еден сите ќе не' заспиеше. А утрото, другиот ден, уште во рани зори, си заминал пред да се разбудиме. Останувавме со надеж дека во блиска иднина пак ќе биде присутен помеѓе нас.

Од многуте приказни што сум ги слушал од него не остана барем една десетина, која ќе претставува барем задоволителен број. Паметам една единствена приказна, која пак ја барав во збирката на македонски народни приказни од Марко Цепенко и други собирачи на македонски народни приказни, не успеав да најдам приказна со таков наслов и таква содржина. Оваа приказна се раскажувала и во селото Луковиц, како автентична и како да произлегува од оваа средина.

МАКЕДОНСКА НАРОДНА ПРИКАЗНА

П О П О Т Б Е Ш Е Г О Л

Во селото се правеше свадба. Зетот Петре од селото Луковиц, а невестата Марија од мегленските села –с.Цакони, инаку познато богато село, особено овоштарски реон со познатата карлачка сорта на јаболко, кое заради карактеристиката на неговата црвена боја, се користи заедно со карта вино за канење на сватовите, слично како и со колачарката, која Србите ја користат при канењето на сватовите. Сватовите од страната на зетот – младината уште од претходниот ден, сабота, се подготвуваат за рано наутро да тргнат по невестата со подготвени

коњи. Добро истимарени, исчешлани гриви, подврзани опашки, украсени самари со нови черги, веленца, а на оглавниците на коњите цвеќиња, трендафили или каранфили. Сватовите – младинците облечени во бели кошули и црни брич панталони и шарени чорапи, така што со украсите на коњите и сватовите се добива една мешавина од шаренило на бои. Сета оваа комбинација бои претставува инпозантна глетка. Рано наутро, во недела, тргнува поворката на чело со деверот, а по него зетот. За да биде атракцијата повесела, патем се применува и трка со коњите, за да се види чиј коњ е појак и побрз.

Организаторот на свадбата го планира времето на тргнување, пристигнувањето до селото на невестата и враќањето назад заедно со невестата да не биде подоцна од 11 часот и 30 минути, за да има време да се извршат црквените обврски околу венчавката во црквата “Св. Петка”.

Пристигнувањето на сватовите и невестата во селото беше навреме и се сместија во тремот на црквата, од каде ќе бидат повикани од попот кој пак во тоа време го подготвуваше централниот дел на храмот каде ќе бидат исправени и подготвени зетот и невестата за извршување на последниот чин – венчавка, во присуство на најблиските роднини и пријатели. За сето ова време на чекање, надвор беше весело, музиката свиреше, ора се виат, а децата растрчуваа од едниот до другиот крај на орлиштето, притоа плеткајќи им се меѓу назете на играчите. Постарите, наседнати на каменатa ограда од западната страна на средселото уперени

погледите кон нивните ќерки и синови фатени на орото. Други пак размислуваат, која од овие моми би можела да им биде снаа за нивниот син.

Џагор од присутните во тремот, со нетрпение се очекува повикот од свештеникот, зетот и несвестата се пред главната влезна врата во храмот. Невестата од убава поубава, мошне цврста, со среден раст, со костенлива бујна коса, со румено и тркалезно лице, со крупни темни очи што сега светкаат со трескав сјај. Убаво облечена во традиционална воденска носија-долг фустан до над петици од најквалитетен материјал (софијан), околу вратот и градникот малку подотворен, добро развиени овални гради, се чини дека елекот ќе испука од неговата напнатост. Косите долги, во плетенки, исплетени и испуштени зад грбот до самата половина. Главата високо подврзана со свилена шамија, за да ѝ биде лицето јасно отворено, а на десното уво поставено цвеќе од каранфил. За да ја покаже тенката половина, подврзан прегач – фута со должина до над коленици кој по боја одговара на основата од фустанот, и со црни лакирани чевли, заврзани со истобојни врвци.

Откога попот ги приготви сите подготовки за венчавката, се појави на главниот влез од тремот на црквата каде чекаа младинците заедно со нункото и останатата родбина на младенците, ги поведе по него сé до централниот дел на храмот. Пред венчавката се изврши прстенувањето. Кумот им ги постави прстените на младенците и, по ред, три пати им ги заменуваше. Од кога кумот ја изврши својата обврска, попот со својот

свештенички глас, во форма на свештеничка песна, го озакони прстенувањето. „Се прстенува божиот слуга Петар со божјата слугинка Марија“. За да биде тоа поубедливо, овие зборови ги повтори три пати по ред. За на крајот од третиот благослов да се доближи до увото на невестата и да ѝ шепне: „блазеси му на Петрета со тебе, ќе го заспиваш на твоите гради“. Кутрата невеста – Марија, тоа го преќути, но затоа поцрвене до самите уши, без некој тоа да го забележи.

Со овој чин на благослов се потврди свршувачката на сопружниците.

Како ништо да не се случило, по нормален тек попот ја продолжува својата активност по божјите правила да ја доврши венчалната процедура, со тоа што ја зема крпата за таа намена и им ја поставува на рамениците на сопружниците, им ги врзува десните раце со посебна платнена лента. Тука, во близината, од десната страна на младенците, стои кумот, а од левата страна - деверот со големи свеќи во рацете. Попот ги зема металните круни во рацете и им ги поставува на главите на младенците, менувајќи им ги три пати по ред и пеејќи ја песната „Се венчава слугата божји Петре со слугинката божја Марија“. По третото вртење околу масата да заврши со зборовите „Господи, во слава и чест венчај ги младоженците“, подавајќи им од погачата и виното кои беа наменети за оваа прилика. Со ова се круниса венчавката, а сопружниците се упатија кон главната, излезна врата, од јужната страна на храмот „Св. Петка“. Веќе на скалите ги очекуваше музиката со песната „Черешна се от корен

корнеше мома се од мајка делеше“ во придружба на останатите сватови и свадбари.

Го засвирија невестинското оро, напред го водеше невестата, па зетот до неа и така редум се редеа ората: моминското, пајдушкото, Елено моме, каламатјано и др. Овие ора се играа мешано – младинци и младинки, но кога дојде редот да се свири поседницата, на орото можеа да се видат само младинци. Музиката домашна, составена од гајда и тарабука. На гајдата свири Наси на Шанковци, а на тарабуката тропа Таши на Матевци, инаку, специјалист тарабукџија. Поседницата е тешко оро за играње, меѓутоа не може да се замисли, да се прославува во селото Луковиц, а да не се изигра ова оро. Ороводецот напред, го води орото и одвреме-навреме по такт, клекни стани заврти се. клекни стани заврти се, а тарабукџијата Таши на Матевци го следи ороводецот, тропа и скока и тој се врти и пот тече од неговото чело. Ова оро трае малку подолго време, дури не се изредат сите како ороводци, што се фатени на орото. Луковци се фалат дека изворно ова оро потекнува од оваа средина, и затоа им е и најсаканото оро.

Свадбата траеше до доцните попладневни часови. Кога свадбарите почнаа да се разредуваат и го напуштаат средселото, задоволни од веселбата, прибирајќи се секој по својот дом. Последни се повлекоа: свекорот, свекрвата, зетот и невестата, заедно со другите членови од семејството.

ПОЧЕТОК НА ПРИКАЗНАТА

Наредниот ден, понеделник наутро, пристигнуваат посестримите на невстата, дотерани, свечено облечени. И откога беа добро пречекани се изнаприкажаа за настаните од претходниот ден, кој, што, како и зашто, а потоа понудени со топла ракија за да наздраваат за добро здравје, слога и добар живот на сопружниците, а со тоа и да ги завршат последните адети што се практикуваат, откога за прв пат невестата стапнува во новото живеалиште и семејство, а тоа е заедничко одење на селската чешма, за прв пат невестата да наполни вода, да се запознае со патот и местото каде се наоѓа чешмата. Знаејќи го адетот, таа века беше приготвена за извршување на овој чин. Две стомни шарени и некое ѓумче бакарно, поставени пред вратата, за да има некој посад и за посестримите. Сите весели, насмеани, дофрлувајќи си по некоја шега една на друга, а со нив и свекрвата пред вратата ги испрати, посакувајќи им добар помин.

Чешмата е во средината на селото, ја викаа Горната чешма, а се наоѓа во близината на куќата на Богојчеви. Меѓутоа, патот ги водеше неминовно да поминат покрај куќата на попот, кој, очгледно, ги очекуваше да поминат. За оваа цел попот наменски се подготвил; ја исчешлал косата, ја измазнил брадата, ги дотерал мустаките и си наметнал нова наметка – нова мантија, си ја ставил и камилавката на главата и, тамам да поминат покрај неговата куќа посестримите со невестата, излегол на балконот кај Џирџигановци.

Насмеан и радосен, мазнејќи ја брадата, ги поздравил и им дал благослов за добар помин, и препорака, дека нарединот ден невестатаќе сама ќе биде во состојба да си ја извршува оваа задача. Сите заеднички, со иста желба, му заблагодаруваат на попот за неговите убави зборови, и со благопријатна насмевка го продолжуваат патот кон чешмата.

Една од посетримите, слушајќи ѓи блогословите од попот и се обрати на Марија со зборовите „ гледам ова попчето ти го фрлил окото, биди внимателна“ се создаде смеа помеѓу трите водарки, Меѓутоа, како ништо да не се случило, продолжија кон чешмата да налејат вода.

Нарединот ден попот уште рано, рано подранил и излегол на чардакот, очекувајќи ја невестата Марија, која неминовно ќе треба да ги изврши што порано основните домашни задолженија. И така се случило. Кога се доближила до куќата на попот, забележила дека тој веќе стои на чардакот и дека си ја подмазнува брадата со чешелот. Била вообичаено облечена, како обувки ги ставила новите налани, обуена во куси, зашарени чорапи. Со наведната глава и малку како засрамена, сакала овој дел од патот да го помине како да не го забележува попот. Арно ама, попот не ја испуштил приликата да ѝ се обрати: „Добро утро невесто Марија, многу си се загрижила, а и главата не сакаш да ја завртиш“.„Ами, добро утро, честити попе, прости ми, не те забележав, а и наланите ми се нови и ми е страв да не се сопнам па да паднам“

.„Гледам, гледам нови налони, со здравје да си ги носиш, многу убаво ти штракаат, штрак-штрук, штрак-штрук, а и на нозете добро ти прилегаат. Блазе му на Петрета како ти ги собува чорапите“. Ја гледа и се занесува на нејзината убавина, . „Гледај, гледај да не се сопнеш и така сокачето е нерамно, полно со расфрлани камчиња“. Марија, застрамена, го продолжи патот до чешмата, ги наполни стомните со вода, а на враќање попот го немаше.

Попот секојдневно го менуваше своето гледање кон убавината на невестата Марија и секогаш ја гледаше сé поубава во нејзината става и нејзиниот лик. Сега, како исправена снага, со форма на висока топола, тенка половина, развиена карлица, а ликот солунско симитче, очите крупни како Охрдски далбазлии(сорта на цреши) веќите морски пијавици, а во одењето ја гледаше како шумска еребица.

Ваквите додворувања не изостануваа при секое нејзино минување покрај поповата куќа. Но чаре во блиска иднина не можеше да види, бидејќи друг пат до чешмата и немаше. Но, сепак, надежта последна умира.

Размислуваше долго време на кого да му се довери и да му каже сé што и се случува со попот. Дали на дамашните, дали на посетримите или пак на попадијата. Еден ден, седната на дрвеното триножно столче, на еден крај од просторијата, ставен лактот од раката на едното колено од ногата и со дланката ја потпрела главата и гласно размислува: „Ова работа не е за кажување на повеќе луѓе и на секого. Доверба нема во никого.

Оти довербата како и недовербата ги расипува луѓето. На еден ќе кажеш, ќе пукне тиквата и ќе разбере целото село. За оваа работа потребни се само двајца и тоа засегнати и двете страни. Секако дека едната страна сум јас, а која ќе биде другата страна. По долго размислување одлуката падна, дека другата страна ќе биде попадијата, жената на попот, која исто така ќе биде засегната, штом ќе чуе сé што ќе ѝ раскажам, одговорноста нејзина ќе бииде како и мојата. Само ќе треба да се избере момент, кога и како“.

Еден ден, а тоа беше во сабота, кој ден во Воден е пазар, како и другите пазарџии, така и попот замина на пазарување, со што се создадоа услови невестата Марија да ѝ биде гостинка на попадијата која, исто така, ја викаа Марија.

Попадијата Марија беше изненадена кога на нејзината врата се појави невестата на Петрета – Марија. Изненадувањето беше дотолку поголемо што за прв пат на нејзината врата се исправи една многу убава жена со насмеан лик и да ѝ биде побарано да биде примена на краток разговор.

Попадијата, исто така, расположена, со благонаклоност ја покани да влезе во куќата и веднаш ја понуди да седне на диванот и да ја праша, дали е расположена да направат по едно кафе, а потоа да разговараат за она за кое е и дојдена. Марија се заблагодари за добриот прием и за другите понуди и, згора на тоа, додаде дека не сум дојдена за подолго да останам, а попадијата во овој момент ја прекина за да и рече: „Ајде де, кажи што ти лежи на душата, за арно нека биде, на душманите лошото ќе му го

оставиме“. „Ете, во тоа е и работата, што не можеме тоа на душманите да имго оставиме. Туку тоа е наш заеднички проблем. И не е толку лесно колку што мислиш. Тука ќе бидеме смешани и двете, и јас и ти, мила попадијо, ако се расчуе во селото, резил ќе се случи“.

„Ајде де, не ме мачи, нестрплива веќе станав, кажувај што наум имаш да кажеш“. „Ете, ќе бидам искрена и многу накратко ќе ти кажам, ама ова што ќе ти го кажам помеѓу нас да остане. Ете вака попот... “„А што попот ајде кажувај не можам повеќе да чекам, просто ќе збеснам, што попот?“ „Добро, добро и јас немам повеќе трпение за што побрзо да кажам и со тоа да ми олесне на душата“.„Ајде де што чекаш, кажувај, попот, попот, па што попот! “.

„Право да ти кажам, попаѓо, од твојот маж – попот немам дерман“. Што тоа дерман немаш, од каде пак сето ова“.

„Не можам да поминам покрај Вашата куќа, не можам просто вода да си наполнам, сенешто ми дрдори, ми се додворува, ме величи, до небото ме крева, дека во селото сум била најубавата жена, каква снага сум имала, какви очи, каква коса, дури и дека сум одела како еребица по сокакон. Дури ми понуди и средба, на само, со него“.

„Што средба, каква средба, каде кога средба“.

„Па ете, вака како што ти кажав со мене“.

Кога попадијата го слушна сето ова, се фати за главата, се вџаши, почна неконтролирано да зборува, избезумена дури збесна. Испушти еден

неконтролиран глас со треперење на гласните жици:

„Види го ти прчот мој, никавецот, што ти правел, неранимајко еден, а јас доверба во него. Затоа секое утро стои пред огледалото и ја мазни брадата, кој би помислил на такво неверство, па се прави голем светец, службата му била таква, не можел да се погледне ни во жени, ни во невести а камоли во девојки“.

Кога попадијата го ислуша сето тоа од невестата и од кога самата го искажа целиот бес од неа, се подослободи малку, ја покани невестата да размислат заедници и да изготват план, со тоа што подобро ќе го насамарат, тоа и го заслужува и уште еднаш во нејзиниот бес го нарече јарец – неверник, па да види дали и другпат ќе му текне да прави вакви глупости. Немаа многу време за размислување, планот беше скроен набрзина, со поголема умешност беше попадијата, која набрзина го стутка планот и ѝ го предложи на невестата. „Невевче кажи, ако го прифаќаш да се договориме за понатаму?“. „Како да не прифатам, јас во тебе имам голема доверба и спремна сум на сé, само кажи ми што треба јас, од моја страна, да направам“.

„Еве вака, утре е недела, кога ќе поминиш за да наполниш вода од чешмата и ако ти прозбори пак, како по обичај, ти ќе застанеш и ќе го поканиш да ти се приближи за да се договорите за во неделата навечер, а штом ќе ја прифати понудата ќе направиме вака и вака“. „Мислам дека идејата е одлична, добро попадијо така ќе направам. Ти си постара и поискусна и во тебе имам доверба“.

Неделата наутро, невестата ги зела стомните и смело тргнала да ја изврши првата задача од овој неделен ден. Уште од подалеку го забележала попот како стои на балконот и ја чешла брадата со чешелот, со насмеано лице и расположен за утринската молитва што треба да ѝ ја испее на невестата. Таа, пак, го забавила движењето, преправајќи се дека нешто не ѝ е во ред. Кога стигнала на најпогодното место, подзастанала и со побавни чекори сакала да го продолжи одењето, ама попот го искористил моментот и ја поздравил со дал бог добро и да ни е аирлија денешниот неделен ден. И додал: „Денес ми се гледаш нешто поубава од вчерашниот ден, одиш пополека, ама газиш поздраво, посигурно“. „Ами, попе, така ти се чини, те лажат очите, јас сум си секој ден истата таа што ја гледаш. Туку, слези малку поблиску, сакам да ти кажам нешто“. „Сега, сега“, малку збунат и неочекувано се затрчал по скалите за да го чуе неочекуваното. „Слушај, попче, гледам дека ти сакаш нешто од мене, кога веќе толку си запнал, еве, да се договориме“.

„Ајде де, кажувај: кога, како и каде, не можем да чекам повеќе“. „Еве вака: Вечерва мажот ми Петре нема да биде дома, ќе оди на трлото кај овците, а јас некако ќе се прикрадам, и кога ќе почне да се пристемнува, ќе се најдам во плевната, наѓомити ќе полнам слама за крупниот добиток и таму да знаеш, ќе те чекам. Мислам дека нема да заборавиш“. „Ама, какво заборавање, Господ да ме убие ако тоа го сторам, казнет ќе бидам цел век, такво нешто не смее да се пропушти. Довидување, се гледаме во плевната“.

Приквечерина попот нестрпливо почнал да се дотерува, шетајќи де во едната де во другата одаја, застани пред огледалото, чешлајќи ја косата и брадата. Попадијата ја следи целокупната ситуација и нервозата кај попот, ама молчи и никако не реагира, ама и таа во некои моменти е нестрплива, па му вели: „Попе, и јас сакам да ти помогнам, ама не можем, кажи во што е работата, не се брзај, Господ е голем, тој е еден на светот, тој дава тој зема, па тебе ако не ти помогне, тогаш на кој друг, ти си близок до него“.

„Ами знаеш, домаќинке, денес е недела и мажите се собираат на средселото. Разговараат за многу работи, за проблемите во селото, за нивите, за добитокот, а често пати разговараат и за потребите на црквата. Па затоа неминовно ќе треба да бидам присутен во тие разговори“.

„Добро бре, домаќине, имам доверба во твојата намера, потребно е и ти да се вклучиш во таквите разговори, ама, сепак, сакам нешто да те прашам“. Кога попаѓата го изрече зборот сакам нешто да те прашам, си го поткаса јазикот и во себе си рече: „Море ова нешто знае за моето вечерашно заминување“.

„Ајде де, прашај, да го чујам тоа твое прашање“. „Ами кога веќе сме кај Господ, кој раководи со целиот свет, а ти тоа најдобро го знаеш, кој е тој Луцифер. Се слуша меѓу народот дека тој бил најблиску до Господ“. Кога го слушна поставеното прашање, попот си дојде при себе, се ослободи од лошите размисли и почна да и раскажува за Луцифер како тој бил шеф на ангелите и дака тој ја одржувал врската помеѓу

Господ и ангелите и дека секој човек на земјата има свој ангел, кој ангел го следи човекот низ целиот негов живот и на крајот од животот му дава извештај на Господ за делата и злоделата што ги направил за целиот тој период. На крајот се донесува заклучок дали да се пушти во рајот или пак во пеколот.

Меѓутоа, Луцифер од Господ побарал нешто повеќе, да го делат светот на два дела, од кој на едната половина од светот да командува тој, а на другата половина самиот Господ. Бичим двопартиски систем во целиот свет. Арно ама Господ бог бил доста итар, не му се допаднал предлогот. И дека тој не е во состојба сам да го дели светот на два дела, па го пуштил Луцифера да слезе долу меѓу ангелите и таму да го решат ова деликатно прашање. Така и направил, ги собрал ангелите и го дал предлогот на разгледување. Кога чуле ангелите за каков предлог станува збор, толку се налутиле, што секој зел по некоја ластагарка, а некои и камења така што Луцифера го направиле син како дроб, не се препознавал самиот себеси. Од тој момент Луцифер се претворил во ѓавол, некој го нарекуват сатана, некои рогатиот а некои и еднонорогиот, во секој случај, најнепосакуваниот од секој поединец, затоа што ги прави најлошите работи.

„Е бре, домаќине, ми изнакажа многу, многу работи, за кои навистина немав поим и сега ми станаа доста работи многу јасни. Туку ти да не заборави дека треба да одиш на средселото“.„Не, какво заборавање, тоа ми е доста важно, сé друго

ќе оставам ама на средселото морам да одам“. „Добро, домаќине, го потапкува по рамото и му порачува: немој да задоцниш, гледај да си дојдеш побрзо, оти јас не можам да чекам долго време, ќе ја затворам вратата и ќе си легнам да спијам“. „Добро, домакинке, ќе гледам што побрзо да се вратам“.„Е, ај со здравје и добро да си поминиш“.

Наместо на средселото, попот се упати кон плевната на договореното место и време. Патем си мелеше со паметот во себе, дали сето ова е вистина или пак измислена лага. Или пак некоја местенка во која треба како жртва да паднам јас. Никако не можеше да си одговори на ова замрсено прашање, а е со голема одговорност и деликатно. Но, кога веќе пристигна до плевната и ја отвори вратата, налета на невестата, која стоеше од внатрешната страна на вратата и во секое време го очекуваше поканетиот гостин. Со резерва очекуваната средба се оствари, со што како орел на птица се нафрли, фајќајќи ја за тенката половина. Невестата Марија, без посебни чувства, мирна и спокојна, го отфрли налетот на попот со зборовите: „Почекај попе, стрпи се, не може тукутака како што си знаеш ти. Тука си има правила, адети. Прво нив ќе треба да ги исполниме, а потоа ноќта и плевната се наши, нема каде да се бега“. Задишан и загреан попот што побрзо да дојде до саканата цел, побарал што побрзо да се кажат условите што треба да се исполнат. „Па ете, вака“. Се фаќа за елекот, го слекува и го положува во близината на своите нозе. „Ќе се слечиме и двајцата голи и алиштата ќе ги оставиме еве тука, пред вратата, ќе ги врзиш со ременот и ќе одиш на оној подалечниот ќош од

плевната. А веќе таа го слекува и вториот елек. Кога ќе стигниш точно на тој,подалечниот ќошот ќе викнеш ЕМ ЃУЗЕЛ. Јас тогаш ќе бдам гола и ќе ти одговорам БЕН ГУЗЕЛ и ќе тргнам да одам во ќошот од десната страна на плевната, а веќе ти ќе се најдеш на оној подалечниот ќош од плевната и пак ќе викнеш ЕМ ЃУЗЕЛ. Ќе почекаш малку за да ти одговорам и јас со БЕН ЃУЗЕЛ. И така ќе треба два пати да ја завртиме плевната. А потоа ќе правиме што ќе правиме“. Невестата го слекува и третиот елек и го става во близината на своите нозе. Ламбата ја изгаснале, а трпението на попот било веќе на самиот крај, се слекол набрзина, ги врзал со ременот и се упатил на подалечниот ќош од плевната. И кога стигнал на самиот ќош, се огласил со договорената лозинка ЕМ ЃУЗЕЛ, невестата одговорила со БЕН ГУЗЕЛ, и кога веќе се уверила дека попот е на најоддалечениот ќош, ги грабнала алиштата на попот и право кај попадијата, која веќе ги очекувала по постигнатиот договор од претходниот ден.

По извршувањето на оваа задача, невестата по најкусиот сокак се вратила дома. Кога попот стигнал на наредниот ќош, го изустил зборот ЕМ ГУЗЕЛ, почекал некоја минута повеќе ама одговорот изостанал, почекал уште некоја минута, ама и тоа било залудно.

Па продолжил на наредниот ќош. И на овој ќош изостанувал одговорот БЕН ГУЗЕЛ, а кога веќе стигнал до вратата, забележал дека алиштата ги нема, а и невестата со нив. Тогаш попот навистина си го прекасал јазикот и се нашол во некоја положба во која никогаш ни би можел да се

најде. Па во себе си рекол: „Што ми направи оваа кучка, како ќе се појавам гол пред мојата домакинка, мојата сакана попадија“.

Оваа вечер за попот ќе биде долга, полна со искушенија и барање начин за излез. Прво, ќе треба да бара мотив и образложение како ќе се појави и брани пред попадијата, второ, како ќе се појави пред жителите на селото, а и црквата ја пострамоти, ама за ова ќе разберат и жителите од околните села па и цела Караџова. Се на се, направена е голема глупост. И понатаму гласно размислува: „Моја примарна задача во овој момент ќе биде, каква приказна ќе треба да измислам за да ја убедам мојата домаќинка, дека за ова што сега ми се случи не е по моја вина, ами дека сум нападнат од некои непознати лица, а и дека не ми се познати причините. А она второто и до колку се појави нешто како трето ќе го оставам за понатаму“. И понатаму гласно размислува на постапката да се прибере до дома и да се облече и да ѝ раскажи на својата жена сé по ред, како што било:

„Враќајќи се дома, во едно тесно сокаче ме начекаа тројца маскирани, непознати, напаѓачи и без никакво објаснување почнаа да ме растргаат де на едната, де на другата страна и да ме удираат со рацете и со нозете и на крајот ми ги искинаа и алиштата, напросто, гол ме оставија. Од оваа приказна поарна не ќе можам да измислам. Со вакво сопствено убедување тргнал кон сопствениот стан, претрчувајќи ги местата од куќа до куќа, и криејќи се по ѕидовите на куќите, стигнал до сопствената врата. Се фаќа за рачката,

вратата затворена, турка, вратата не се отвора. Во темницата го бара железното тракатало. Тропа на вратата, никој не се јавува. По втор пат тропа, почекува малку ете ти ја попадијата, се јавува од внатре со прашањето: „Кој е, на кој му текнало во ова глуво време, време во кое сите спијат, му текнало да тропа по вратите? „А, мори женичке, јас сум попот, твојот маж“. „Каков поп бре, каков маж. Ете го попот дома, спие и грчи како мачор во пласти. Ајде бегај и оди таму од каде што си дошол, а и гласот не ти е како на мојот маж“. И си заминала на спиење, како ништо да не се случило.

Попот, разочаран, со наведната глава, а ваму гол, се оддалечил од сопствената куќа и се потпрел на еден ѕид од соседните куќи, каде дува помалку ветер и си вели: „За џабе ја измислував приказната за да и кажам што ми се случи, дури ѝне сака да признае дека ѝсум вистинскиот маж, а камо ли да слуша приказни. А ваму времето си врви, помина првата половина од ноќта“.

Клекнал и се стуткал покрај ѕидот, ги скрстил рацете околу половината, ја наведнал главата, и си мисли: „Море, морам да одам уште еднаш да тропнам на вратата, белким ќе се смилува, а не ми е јасно, зошто тоа ми го прави сето ова. Сепак се надевам дека ова што мене ми се случи не ѝ е познато. Какви ангели и какви ѓаволи ѝ се мотаат во главата и самиот не знам“. И тргал кон вратата, се исправи машки, се фатил за клепалото и тропа. Се слуша женски глас одвнатре. „Кој е пак сега. Во ова глува доба да ми тропа на вратата. Кој ѓавол те тера да не нé оставаш да спиеме!“. - „А мори, жено, јас сум твојот маж, попот, смилувај се,

отвори ми, смрзнувам веќе!. „Каков маж бре, мачки да пасиш, мажот мој е дома и спие, веќе е во вториот сон. Туку, бегај и губи се, остави не на мира“. И си заминала. Видел не видел, попот се вратил назад покрај ѕидот, каде помалку дува ветер, а сепак е ладно, почнал да се тресе како лист од бела бреза, а брадата со долната вилица му се тресе како еластичен челичен федер, забите чкртаат како воденички камен. Селските кучиња лаат, а почнале и првите петли да пеат, нокта веќе префрлила во нејзината втора половина со што се најавува наредниот понеделнички работен ден.

Го слушнал гласот на првиот петел, чиј глас за него бил од порано познат, па рекол: „Овој петел е најстариот во селото, тој петел е на Мизејовци кој секогаш прв запејува, ете го и вториот, а овој е на Пројовци“. И така се редат петлите со своите гласови кој со по висок тон кој со понизок, а се јавиле и некои петли чии гласови не му биле познати, со повисок, трескав и со прекинати гласови, значи, овие се мали, млади петли кои се учат да пеат. Значи, попчето си имал стари навики и искуство што дури и гласовите на петлите во селото ги познавал.Па веројатно затоа строгоста и жестокоста на попадијата се толку големи.

Сега почнал поинаку да размислува, по првите пеења на петлите следуваат вторите, а тој сé уште е надвор, на улица, а денот ќе почне да се зазорува, селаните ќе почнат да стануваат и да се подготвуваат за на работа. Времето брзо поминува, а за размислување, што и како понатаму, останува малку време.

„Немам друг начин туку да одам докај нункото него да го замолам, и заедно со него кај попадијата, белки ќе се смилува, ќе ни отвори и ќе се спасам од оваа неволја која ме снајде“. Тргнал со убедување дека нункото има некој авторитет кај жена му и нема да има проблем со отворањето, кога ќе ѝ ја каже „вистинската приказна“. Стигнал до вратата, гледа сé е темно, џан-џин, тивко, дури и кучињата ги нема да лаат, сигурно и тие скитнале некаде. Тропа со железното тракало на вратата, еднаш, два пати, дури на третиот пат се огласил нункото, да праша: „Кој е сега овој кој во оваа доба да тропа, кога сите се веќе во вториот сон?“

„Куме, јас сум попот, твојот кум, слези малку долу, сé ќе ти кажам, ама видело немој да носиш“. Кумот тоа го почитувал и ламба не зел, а некако во темницата се снашол по скалите. Ја отвора вратата, а во темницата ништо конктретно не гледа, не ја забележал голотијата на попот, а слуша што му зборува дека попадијата му е лута и дека не сака да му отвори. Нункото, елбете како свое, како роднина, го прифати тоа што го кажува попот и тргнале зедно кон домот на попот, патем на нункато му кажал и уште нешто што треба да и се каже на пападијата за да биде тоа поубедливо. Имено, дека го нападнала некоја банда и дека добро го натепале и дека сега одвај стои на нозете.

Така и направиле. Кога стигнале до вратата, попот му се качил на грбот на нункото, да прикажат, наѓомити навистина е болен, трпнал на вратата со металното тропало и ете ти ја

попадијата од другата страна на вратата да праша. -„Кој е пак сега овој што ми тропа во ова ниедно време?“. „Јас сум попадијо, вашиот кум, го носам твојот маж – попот, многу е изнемоштен, болен е, не може ни на нозете да стои, го изнатепале некои непознати луѓе. Ајде те молиме да ни отвориш“. „Не бре, куме, попот е дома, еве го спие, не сака ни да чуе. Туку, почекај да видам што ти носиш во ова наќно време, во оваа глува доба“.

Ја отвора вратата, и зачудена, му се обраќа на нункото: „Абре, куме, зар и тебе ти го зеле умот чавките, ја гибни зад тебе, да видиш што носиш на твојот грб!“ Кога кумот гибнал со раката зад себе, осетил нешто голо, и зачудувачки го отфрлил товарот од грбот и со трчање се упатил кон својот дом. Попадијата ја затворила вратата. Попот и понатаму останал гол на улица.

Пропеале и вторите петли, се приближува разденувањето, ќе пукне голем срам, попот е гол. Потпрен на ѕидот до соседната кука и размислува, нема време, треба да се напушти селото, ама кој правец да го фати. На исток е полето каде селаните ќе се упатат на работа. На запад планината, има лиоти, та ќе биде изложен на опасности, ами решил да се упати кон север, таму е побезбедно, а има и некое трло, пак таму ќе можам да се приберам. Излегувајќи од селото, забележал дека нешто, на некоја далечина, кон **Пупина** светка оган, па се упатил во правецот на огнот. Кога стигнал до неговата близина, малку се смирил, се олабавил затоа што нашол барем спас од студот. И кроце, тивко клекнал покрај

огништето, наспроти овчарот, покриен со гуната спие, овчарскиот стап покрај него. Овчарот спиел, ама одвреме-навреме се погледнувал де со еднато де со другото око, за да не заспие во целост, заради контрола над овците кои лежеле до неговата близина. Кога едно време, погледнувајќи се малку подобро, од неговата спротивна страна гледа нешто чудно брада горе, брада долу, - ај мајката што е овој ѓавол, нешто невидено досега. Го фатил страв, молчии размислува во себе како да постапи,што да преземе. Се решил да ја отфрли набрзина гуната и да се фати за стапот кој се наоѓал до неговата близина. Ама и попот размислувал што ако овчарот се разбуди. И кога забележал дека гуната се отфрла, скокнал и почнал да бега низ нивата во правец на исток каде се наоѓало едно ритче, со два дабови, повеќегодишни растенија. Овчарот ги свикал и овчарските кучиња и викал: „Дебре абре фатете го еднорогиот“.

Нивата низ која со трчање бегал попот била обрасната со густи капини,просто исплетена како мрежа, од млади, долги, едногодишни ластари. Успеал некако да побегне со тоа што се искачил на тоа мало ритче помеѓу двете дабички да земе здив и да се помири со досегашните неволји и искушенија. Седнал така што со грбот се завртил кон исток да се стопли од сонцето кое во тоа време излегувало од исток, лактите од рацете ги потпрел на колената, а со дланките од рацете ја потпрел главата и се гледал од колената кон петиците од нозете. Забележал дека нозете му се облеани во крв и чуство на некаква жештина. Сето ова претходно што му се случило го заборавил, а

сето внимание го вперил во крвавите нозе. И за утеха на ова што му се случило со капините и облеаните нозе во крв рекол: „Навистина си ги искасапив нозете, ама барем му ги искинав сите примки“.

Јас сум овчарот, кој прв го виде попот дека е гол. А за „награда на попот” од тој ден, не само што му ја затворија вратата од црквата „св. Петка“, туку му ја затворија и ”вратата од селото“.

Б И О Г Р А Ф И Ј А



Роден сум 1932 год. во с. Луковиц, Воденска околија, од татко Никола и мајка Вангелица. Во центарот на централниот дел на Егејска Македонија. Овде е интересно да се напомене дека ден и месец на раѓањето пред 1949 год. во книгата на родените, во матичните служби на грчката администрација, овие податоци не се внесуваа, туку само годината на раѓање. (М. З). Што значи, оној кој е роден во декември оваа година и оној што е роден во јануари наредната година се водат со иста возраст.

По првите години од моето пametење, некаде на возраст од 7 – 8 г., со децата, другарчињата на иста возраст ги игравме игрите: бишката, кленза, долга магарица и скалаваки во гумното на Колъо Попов. По овие лоши времиња добив задолжение да ги пасам овците и говедата, затоа што немаше кој друг тоа да го прави. Пристигнаа лоши времиња, војни со почеток без крај, од 1940 па сé до 1949 год. Кога под невиден притисок и голема тортура, наметната од грчката монархофашистичка влада, бевме принудени да го напуштиме вековното огниште и да се дадеме во бегство, талкајќи по шумските предели на источните падини на планината Ниџе, во правец на граничниот премин на караулата „Доктор Рајс“, северно од к. 2521 м, на пат за Југославија.

Во учебната 1945/ 46 год. се запишав во прво одделение во Основното училиште „Тодор Ангелевски“-Битола, на возраст од 13 год. Во тоа време возраста не претставуваше нешто чудно, заради тоа што имаше доста деца од истата возраст од Битола, кои немале можност да се школуваат на својот мајчин, македонски јазик.

Во учебната 1949/50 год. образованието го продолжив во Ресен, како прва генерација на Нижето овоштарско училиште, во траење од две години. По завршувањето на ова училиште, по предлог на Наставничкиот совет од ова училиште, бев испратен во средното специјално лозарско училиште во Пореч – Истра, Н.Р Хрватска, во учебната 1951/52 год. Во ова училиште останав само во првото полугодие. Поради некои системски промени во земјоделието во ова време

се укинаа стипендиите и морав да се вратам во Скопје, во Министерството за земјоделие на Н.Р Македонија. Министер за земјоделие беше Вангелица, моминското презиме не и го паметам. Ме упати да се запишам во второто плугодие (1952год.) во Средното земјоделско училиште ”Борис Кидрич“ во Битола. Ова училиште го завршив во 1955 год. за истата година да се вработам како земјоделски техничар во Земјоделското стопанство „Гоце Делчев“-с. Добрушево, Битолско. За да во 1956 год. се вработам во Комуната во с. Бистрица, Битолско, како референт по земјоделие во Отсекот за стопанство. Во март 1958 год. сум повикан за отслужување на воениот рок, регрутиран за школата за резервни офицери во Билеќе, Босна и Херцеговина. По отслужувањето на воениот рок, се враќам во „старото јато“, во Бистрица, 1959 год. во Штип се отвора Виша педагошка академија, за учебната 1959/60 год. Како прва генерација, се запишувам во групата биологија – физика.

По завршувањето на Вишата педагошка академија, во 1961 год. се вработувам како натавник по физика во Централното основно училиште „Тодор Ангелевски“-Битола, каде останувам сé до моето пензионирање, 1998 год.

Покрај ангажманот во наставно- образовниот процес, бев ангажиран и во резервниот состав на ЈНА (партизанските единици кои гравитираа во овој простор,) како резервен капетан I. Класа. Прво како заменик командант за заднинана III баталјон на VII партизанска – Битолска бригада, а потоа како заменик командант за задната на IX

партизанска дивизија, во чиј состав влегуваа: Петтата прилепска, Седмата битолска и Единаисетата кавадаречка ударна бригада. Сите овие три партизански бригади се формирани во 1944 година во реонот на Кожув Планина. Овие единици во мирнодопско време изведуваа тренинг воени - штабни вежби, за одбрана од евентуален напад на НАТО силите од територијата на Грција и Варшавскиот пакт, од територијата на Бугарија. Нивниот реон на одбрана беше определен, почнувајќи: од с.**Драгош**, Битолско, Старков Гроб, Кајмакчалан, Ниџе, Кожув планина, планината Серта (Коњиц) па сé до Штип и Св. Николе, с. **Делишинци** и планинскиот врв **Богословец.**

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Географски карти на Р. Македонија.
2. Воено-топографска карта бр. 832, Кајмакчалан, 1970 година.
3. Воено-топографска карта бр. 833, Воден, 1973 година.
4. Христо Андоновски Полјански: “Одбрани дела”, Скопје, 1981.
5. Наум Пеев: “Македонците и Граѓанска војна во Грција”, изд. Институт за национална историја-Скопје, 1968 година.
6. Христо Андоновски-Цакончето: “Вистината за Егејска Македонија”, Мисла, 1971г.
7. Христо Андоновски Цакончето: “Мегленската област во народноослободителната војна во Егејска Македонија”,изд. „Култура“ Скопје, 1960 год.
8. Манол Пандовски: петте тома на “Македонското ослободително дело во XIX и XX век”, изд. Ппосвета- Куманово, 1897 година.
9. П. С. Кохан: “Историја на западноевропската книжевност”, Сараево 1971 година.
10. “Мала енциклопедија Просвета”, изд. Просвета- Белград, 1978 година.
11. МАНУ: “Скратена верзија на историјата на македонскот народ”, Просветно дело-Скопје 1972 година.
12. Александар Литовски, „Соработката на националноослободителните движења од Вардарскиот, Егејскиот и Пиринскиот дел на Егејска Македонија во втората светска војна 1941 – 1944 год. ”, издадена 2013 год.

13. Д-р Ристо Кирјазовски "Народноослободителниот фронт и другите организации во Егејска Македонија (1945-1949)", изд. Култура- Скопје, 1985 година.
14. Петре Наковски: "Големата измама", во изд. Макавеј – Скопје, 2006 год.
15. Драган Ташковски: „ Раѓањето на македонската нација" изд. „ Наша книга"1970 г.
16. Искажувања, при личните контакти на жителите од с. Луковиц, во годините 2010-2013.
17. http://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9B%D1%83%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D1%86
18. http://bg.wikipedia.org/wiki/%D0%9B%D1%83%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D1%86

С О Д Р Ж И Н А

Вовед 3
Поставена обврска 7
Подела на Македонија и разграничување 12
Како се дошло до наведената локација 16
Топографја 25
Значењето на селото во регионот 29
Занимање..... 32
Хидрографија..... 36
Верски објект..... 40
Школство 48
Сообраќањи врски..... 53
Настани во селото Луковиц во 1913 г. и
по неа..... 57
Забрана на Македонскиот јазик..... 65
Настани во селото Луковиц 1940 година и
по неа..... 77
Односите помеѓу Луковци и Драгоманчени 92
Настани од 1941, 1942 и 1943 година 95
Настани од 1944 година значајни
за Мегленската котлина..... 1о9
Настани од 1944 година: повлекување на
Германците од селото Лукови 112
Настани од меѓувреме 1942 до 12 02 1945 г.
до 12.02.1945.. 122
Потпишување на договорот во Варкиза 125

Настаните во меѓувреме од 1936 до 1940 133
Настани од 1946 и 1947 141
Насилие за последниот чин 155
Збогување со селото и почетокот на крајот од настаните 158
Кољо Попов 177
Демографија... 181
Вовед на приказната 185
Биографија 210
Користена литература 214